Според анализата на добиените информации од спроведеното анкетирање од страна на одделенските наставници оваа учебна година во училиштето ке се реализира настава по следните изборни предмети и одделенија.

Во четврто одделение ќе се изучува предметот Творештво и во петто одделение ќе се изучува предметот Творештво.

Учениците од шесто одделение во оваа учебна година се изјаснија да ја следат програмата по изборниот предметот Запознавање со Религии.

Ученици од седмо одделение ке ја следат програмата од изборниот предмет Вештини на живеење.

Учениците од осмо одделение ке ја следат програмата од изборниот предмет по Проекти од ликовна уметност, Проекти од музичка уметност и Вештини на живеење.

Учениците од деветo одделение ќе ја следат програмата од изборниот предмет по Проекти од музичка уметност и Вештини на живеење и Изборен спорт

### 8.10. Дополнителна настава

Во текот на годината ќе се организира дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети од повеќе причини ( болест, подолго отсуство).

За успешно организирање на дополнителна настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредок на секој ученик, како и поставување на точна и навремена проценка за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др.

За начинот на реализирање на овој вид настава ќе одлучува Наставничкиот совет.

### 8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и пројавуваат особена надареност и талентираност во одредени наставни предмети.

Додатната настава ќе се организира по сите задолжителни предмети континуирано, со цел постигнување на подобри резултати и учество на натпревари во рамките на училиштето и надвор од него.

Наставата за талентираните ученици  во училиштето ке се реализира во склоп на вон- наставните активности  со ученици кој  покажуваат не само поголем интерес за одредени предмети или области туку ке покажат и поголеми интелектуални и способности или надареност. Во нашето училиште има поголем број на ученици кои своите надарени способности- талентот го надградуваат надвор од училиштето во професионални и стручни институции. Пр. посета на математичко и музичко  школо за работа  со различни инструменти , посета на стручни клубови за развој на спортот од различен аспекти, и сл. Во рамките на нашето училиште  во текот на учебната година наставниците ги следаат и доколку се во можност тоа го подржуваат мотивираат и насочуваат.  Овие ученици имаат можност на различни манифестации и активности да ги изразат своите вештини пред своите другарчиња и околината.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе,а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности, како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации. .

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно). Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности ;
- додатна настава
- проектни активности;
- слободни ученички активности;
- организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници .

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда ( наод и мислење) од компетентни институции.

Од учебната 2016/2017 година стручниот тим е надополнет со дефектолог. Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со овие деца како би се создала што подобра клима за нивна инклузија.

Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост. Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап.

Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок согласно индивидуалните способности на овие ученици.

Тим за инклузија
Ивана Крстиќ – дефектолог
Анка Митревски – психолг
Поликсена Илиоска - педагог

Ружица Кикерекова-Наст.по англиски јазик
Маја Дрндаревска- Одделенски наставник

Пограмата за инклузивниот тим за образование едадена во **прилог**

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во нашето училиште не се реализира туторска поддршка на учениците

### 8.15. План на образовниот медијатор

Училиштето имаше доставено барање до Министерството за образование и наука за образовен медијатор меѓутоа сеуште немаме добиено одговор на истото.

## 9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Одговорни наставници, Изабела Апостолоска, Виолета Николова, Маријан Дамјановски.

Нашиот училишен спортски клуб е формиран во 2019 година. Неговата цел е да се зголеми спортската активност на учениците, а со тоа и да се подобри нивната целокупна здравствена состојба. Училишниот спортски клуб има своја програма и според неа се реаизираат активностите и спортските натпревари. Во нашата општина е формиран општински сојуз за училишен спорт кој е задолжен за спроведување на натпреварите и спортските манифестации, согласно со календарот на натпревари и пропозициите на федерацијата за училишен спорт. Системот на натпревари се организира во период од месец Октомври до месец Декември во кој се натпреваруваат ученици од VIIIиIX одд. и од месец Март до месец Јуни во кои се натпреваруваат ученици од VI и VII одд. Во овие натпревари вклучени се голем број ученици: машки и девојчиња, а бројот на пријавени ученици во еден спорт не треба да е поголем од 15. Постојат натпревари по фудбал, ракомет, кошарка, одбојка во кои се вклучени ученици од I до IX одд. Учениците кои се натпреваруваат потребно е да имаат здравствен преглед од спортска медицина за нивно безбедно спортување. Тренинзите се одржуваат од страна на одговорните наставници 2 пати неделно по 60 минути. Натпреварите во кои нашите ученици земаат учество се: училишни, општински, регионални – градски и државни. Учеството во спортот им помага на децата да изградат самодоверба, самопочит, ги мотивира да остваруваат добри, образовни резултати, и да изградат социјални вештини.

### 9.2. Секции/Клубови

1. Предметна настава

Годишна програма на ООУ „Свети Климент Охридски“ Бутел, Скопје
Учебна 2020-2021 година

| Наставен предмет | Македонски јазик |
|---|---|
| Цели | • да се побуди интерес за драмската и театарската уметност;<br>• да се поттикнат учениците за драмска уметничка изведба;<br>• да се оспособат за правилен драмски израз;<br>• да стекнат знаење за македонската драма и македонските драмски автори;<br>• да се оспособат за самостојно вреднување и доживување на драмски текст;<br>• да применат знаења со помош на ИКТ за драмската уметност |
| Ресурси и помагала | Училница, училишна сала, драмски дела според програмата, користење ИКТ, илустрации,хамери,фломастери,тетратка за следење на активностите на секцијата,дополнителна литература за развојот на македонската драма,посети од автори и други секции(по можност) и др. што ќе произлезе од тековното работење на секцијата,костими, шминка-изработени од учениците,сценографија подготвена во рамките на соодветните услови ,фотоапарат, камера. |
| Времетраење | 20 средби во текот на учебната година |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Цветанка Гаговска |

| Наставен предмет | Македонски јазик |
|---|---|
| Цели | • Да се потрудат изразно да читаат даден текст при што ќе внимаваат на литературниот јазик;<br>• Да говорат на дадена  тема при што ќе внимаваат на изразувањето;<br>• Да се определат драмите што ќе се одработуваат во текот на годината;<br>• Да се запознаат со текстот на драмата<br>• Се чита драмата при што се внимава текстот при читањето (изразувањето) ;<br>• Се избираат учениците кои ќе ги читаат рециталите;<br>• Се избираат пригодни текстови и песни за Св.Климет Охридски;<br>• Пробува на  рециталите со учениците;<br>• Проба на рециталите пред публика;<br>• Збогатување на знаење за филмската уметност, да знае да ги разликува филмовите според нивната намена и содржина;<br>• Самостојно пишување лични творби на дадена тема; |

| | |
|---|---|
| | • Подготовка на радио-драма со цел изведба на разглас и употреба на звучни ефекти;<br>• Учениците творат на зададени теми со цел да се одбележат важни државни празници. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен хол, драмски дела според програмата, користење ИКТ, илустрации,хамери,фломастери, дополнителна литература ,костими, шминка-изработени од учениците,сценографија,фотоапарат, камера. |
| Времетраење | 3 или 4 средби во текот на месецот ( во зависност од потребите) |
| Планирани ученици | Ученици од 7мо и 8 мо одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Татјана Цветковска |

| Наставен предмет | Англиски јазик |
|---|---|
| Цели | • да се побуди интерес за културата на земјите во кои се изучува јазикот;<br>• да се поттикнат учениците за драмска уметничка изведба;<br>• да се оспособат за правилен изговор и акцентирање на зборовите;<br>• да стекнат знаење за англиските, американските, австалиските, канадските обичаи и празници;<br>• да се оспособат за самостојно преведување на извадоци од списанија, весници, или пак аудио и видео материјали;<br>• да применат знаења со помош на ИКТ увежбување на вештината пишување во која ќе го употребуваат латиничното писмо и англискиот јазик. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен хол и двор, користење ИКТ, илустрации,хамери,фломастери, ,дополнителна литература (списанија, весници, видеа, песни) ,посети на British Council, American Corner, Катедра за англиски јазик, кино,што ќе произлезе од тековното работење на секцијата, фотоапарат, камера и сл. |
| Времетраење | По една средба неделно во текот на целата учебна година |
| Планирани ученици | Ученици од 1во до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Светлана Стојкова<br>Ружица Кикерекова Младеновска<br>Катерина Богданова |

Годишна програма на ООУ „Свети Климент Охридски“ Бутел, Скопје
Учебна 2020-2021 година

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | **Француски јазик** |
| Цели | • Програмата за работа на секцијата по француски јазик опфаќа содржини извлечени од секојдневниот живот и се избрани со цел да го систематизираат,продлабочат и прошират знаењето кај учениците од областите кои се изучуваат на редовните часови.<br>• Тие помагаат во развивањето на комуникациската способност,проширувањето на активниот вокабулар и увежбување на истиот,запознавање со некои културни особености на замјите каде се зборува францускиот јазик и употреба на јазикот низ конверзација,тест и писмен состав,да се поттикнува и негува детската љубопитност, созајните способности и креативноста на учениците.<br>• Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност за нивно извршување.<br>• Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на задачите.<br>• Развивање на мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност.<br>• Да се влијае на создавање правилни навики за користење на слободното време. |
| Ресурси и помагала | -Дидактички материјали(визуелни речници,аудио-визуелни средства,списанија,весници,квизови,слики,хартија во боја)<br>-Примена на ИКТ(истражување на дадена задача преку посета на WEB страни на интернет или други однапред наведени ресурси). |
| Времетраење | 36 средби во текот на целата учебна година |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Мариана Стрезовска |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Математика |
| Цели | • да се побуди интерес за математиката;<br>• да се поттикнат учениците за решавање задачи ;<br>• да се оспособат за логичко размислување;<br>• да стекнат нови знаења;<br>• да се оспособат за самостојно решавање на задачи; |

| | |
|---|---|
| Ресурси и помагала | Училница, користење ИКТ, хамери,фломастери,тетратки, електронска табла и сл. |
| Времетраење | По една средба неделно во текот на целата учебна година |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Маја Автовска<br>Јоана Искова |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Историја- „ Млади историчари“ |
| Цели | • да се развие љубов кон историјата, кон поблиското и подалечното минато;<br>• развивање на способност за творечка дејност, самостојно користење на литература и осознавање на напишаното;<br>• да се развие заинтересираност за историските споменици и нивно чување;<br>• развивање на способност за творечка дејност, самостојно користење на литература и осознавање на напишаното;<br>• способност за самостојно креирање и украсување на работна просторија;<br>• негување на историска традиција;<br>• развивање и поттикнување на љубов кон значајни историски личности;<br>• развивање на истражувачка дејност, на критички осврт и естетски вкус;<br>• развивање на организаторски дух, активности, стекнување на навики;<br>• да се проучи далечното минато преку илустрации и да се гради свест за естетско уредување на просторија;<br>• развивање на способност за самостојна истражувачка собирна акција;<br>• развивање на истражувачка дејност, на критички осврт и почит кон историјата на другите народи;<br>• запознавање со националната историја, развивање на истражувачка дејност, на критички осврт кон прочитаното;<br>• внимателно слушање и развивање на чувство да се разбере слушнатото;<br>• да се развие хуман однос меѓу учениците и да се развие што поголема соработка меѓу нив;<br>• да се разбере значењето на Кирил и Методиј и да се даде признание за нивната работа;<br>• екскурзија со општ воспитно-образовен карактер. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен хол, приказни според програмата, користење ИКТ, илустрации,хамери, дополнителна литература. |

| | |
|---|---|
| Времетраење | 1 или 2 средби во текот на месецот ( во зависност од потребите) |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Катерина Николовска |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Географија – „ Млади географи“ |
| Цели | • да се воведат во задачите кои од нив бараат самостоен напор и самоиницијатива во работата за разрешување на интелектуална љубопитност кон сите области на науката, техниката, културата и општествениот живот, без предрасуди, преку критичко мислење и дијалектички материјализам;<br>• да се насочуваат кон нивното идно занимање, односно придонесува за професионална ориентација;<br>• да се прошират и продлабочат знаењата и умеењата добиени преку наставата по географија и почесто формирање на ставови за научна етика на географската научна област по пат на самостојно стекнување на сознанија;<br>• да се користат географски карти и инструменти кои ја богатат картографската писменост, која е битна за изработка на квалитетни графичко – симболични прикази и пишувани стручни трудови базирани на претходни набљудувања и истражувања;<br>• да ги запознаат градовите во светот;<br>• изработка на наставни средства. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен хол, текстови според програмата, користење ИКТ, илустрации,хамери, дополнителна литература. |
| Времетраење | 1 или 2 средби во текот на месецот ( во зависност од потребите) |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Марина Ѓорѓиева** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Биологија- „ Млади биолози-еколози“ |
| Цели | • оспособување за изведување на вежби и практична работа;<br>• да се стекне со вештини за правилна примена на микроскопот и priборот за работа;<br>• дава свое мислење и критички осврт на сработеното; |

| | |
|---|---|
| | • се поттикне кон истражување и активно да учествува во истражувачки проекти;<br>• се оспособи да идентификува проблем /од одредена област и за истиот да умее да направи план за истражување;<br>• да се оспособи да ги сумира ,анализира и презентира податоците од истражувањето;<br>• ги примени стекнатите знаења во секојдневниот живот.<br>• проширување на знаењата од биологијата како наука |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен двор, текстови според програмата, користење ИКТ, илустрации,слики, хамери, енциклопедии, дополнителна литература, билки, инсекти, посета на зоолошка и природно-научен музеј. |
| Времетраење | 1 или 2 средби во текот на месецот ( во зависност од потребите) |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Лилјана Петковска** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Хемија- „Млади хемичари“ |
| Цели | • Проширување на основните знаења и способности на учениците;<br>• Развивање способности за решавање на сложени хемиски задачи и проблеми;<br>• Развивање способности за користење информациска технологија. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен двор, лабараторија, користење ИКТ, илустрации,слики, хамери, енциклопедии, епрувети, хемиски реактори и сл. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од 8мо и 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Јасминка Стојанова – Вељковска** |
| Наставен предмет | Физика |
| Цели | • можност учениците да истражуваат и откриваат повеќе од областа на физиката за разни појави, експерименти и откритија надвор од предвидениот материјал;<br>• проширување на знаењата од предметот Физика;<br>• изведување на обиди-експерименти (колку што |

| | |
|---|---|
| | дозволуваат ресурсите со кои располага училиштето);<br>• дополнителна подготовка на учениците за учество на натпревари по Физика. |
| Ресурси и помагала | Училница, кабинет по физика, текстови според програмата, користење ИКТ, илустрации,слики, хамери, енциклопедии,дополнителна литература. |
| Времетраење | 1 или 2 средби во текот на месецот ( во зависност од потребите) |
| Планирани ученици | Ученици од 8мо и 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Јоана Искова** |

| Наставен предмет | Техничко образование |
|---|---|
| Цели | • да се оспособат за набљудување опишување и применување на основните сообраќајни знаци<br>• да ги прошират знаењета и умеењета за безбедно движење во сообраќајот.<br>• да развијат култура на однесување во сообраќајот<br>• да може безбедно да се однесува како пешак во патниот сообраќај и безбедно да се движи во сообраќајот<br>• да го користи велосипедот во јавниот сообраќај и безбедно да се однесува како велосипедист во патниот сообраќај<br>• да знае да вози вешто на полигон |
| Ресурси и помагала | Училница, надворешен спортски терен, семафор, велосипеди, ролерки, тротинет. |
| Времетраење | Една средба во текот на неделата |
| Планирани ученици | Ученици од 5то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Оливера Костадинова** |
| Наставен предмет | Информатика |

| | |
|---|---|
| Цели | • да се побуди интерес за информатиката;<br>• да се поттикнат учениците за решавање на информатички задачи ;<br>• да се оспособат за логичко размислување;<br>• да стекнат нови знаења за програмските содржини;<br>• да се оспособат за самостојно употреба на компјутер; |
| Ресурси и помагала | Кабинет по информатика, користење ИКТ, компјутер, глувче, интернет. |
| Времетраење | По една средба неделно во текот на целата учебна година |
| Планирани ученици | Ученици од 6то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | Билјана Антовска |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Етика |
| Цели | - Самостојно изведување на  заклучоци и нивно доследно објаснување<br>- Осознава и препознава морални и неморални личности<br>- Примена на досегашните стекнати знаења<br>- Учество во дискусија и активно размислување<br>-  да се запознава со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот<br>- да се поттикнува на етички начин на мислење<br>- да го увидува значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек<br>- да се запознае со основните етички пораки на св. Климнет Охридски, првиот најзначаен македонски етичар<br>- да усвојува знаења за основните етички вредности од различни култури, народи, епохи<br>- да ја сознава и прифаќа чесноста како основна вредност на човекот<br>- да ја сознава и прифаќа праведноста како основна вредност на човекот<br>- да се поттикнува, да се зазема за праведноста во однесувањетосо другите луѓе во животот и работата<br>- да се запознава со тенденциите за создавање универзална етика на човештвото, со вредностите од сите епохи, народи и личности<br>- да се запознава со универзалните етички вредности<br>-да ги разбере основните вредности на универзалната етика - мир, разбирање, толеранција, солидарност, соработка<br>- да развива вештини за толераанција, дијалог, почитување и соработка со другите |

| | |
|---|---|
| | - да ги запознава правилата да доброто однесување во семејството<br>- да ги запознава правилата да доброто однесување во училиштето и да учествува во нивно донесување<br>- да ги запознава правилата на доброто однесување меѓу другите<br>- да ги запознава правилата на доброто однеување во јавност ( на улица, во парк, и др. слободни површини, во јавни институции, во културни институции)<br>- да се запознава и да го прифаќа бонтонот во современото општество<br>- да ги запознава правилата на доброто однесување кон другите луѓе - почитување, неповредување, помагање и др |
| Ресурси и помагала | • Дидактички материјали и помагала, компјутери - интернет, хамери,<br>• Други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи. |
| Времетраење | По една средба неделно во текот на целата учебна година |
| Планирани ученици | Ученици од 7мо одделение |
| Име и презиме на<br>одговорниот наставник | Марија Димовска |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Ликовно образование |
| Цели | • Проширување на основните знаења и способности на учениците;<br>• Развивање способности за цртање, сенчање и боење;<br>• Развивање способности за користење и пренесување на идеи,<br>• Правилна употреба на четки, папирусна хартија и др.материјали, палети и сл.,<br>• Правилно мешање и добивање на примарни и секундарни бои. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен двор, прибор за ликовно творештво. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на | **Зоран Јаневски** |

| | |
|---|---|
| одговорниот наставник | |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Музичко образование |
| Цели | • Проширување на основните знаења и способности на учениците во областа на музиката;<br>• Развивање творечки, етички и естетски способности;<br>• Развивање на колективен, интелектуално емоционален и креативен однос кон интерпретација на хорски композиции,<br>• Вокално интерпретирање,<br>• Слушање и препознавање на музички дела и правци,<br>• Читање на ноти,<br>• Посета на културни настани. |
| Ресурси и помагала | Кабинет по музичко образование, музички тетратки и инструменти. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од 6то до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Сузана Јовчева** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Физичко и здравствено образование |
| Цели | • Проширување на основните знаења и способности на учениците во областа на спортот;<br>• Развивање на спортски дух;<br>• Развивање на способности за трчање, атлетика и спортски вештинни,<br>• Посета на спортски настани. |
| Ресурси и помагала | Спортска сала, училишен спортски терен и игралиште, топки, рекети, душеци и сл. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од 1во до 9то одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Изабела Апостолоска**<br>**Виолета Николова**<br>**Марјан Дамјанов** |

***2.Одделенска настава***

| Наставен предмет | Ликовно образование |
|---|---|
| Цели | • Проширување на основните знаења и способности на учениците;<br>• Развивање способности за цртање на линии, кругови и други лесни форми;<br>• Правилна употреба на боички;<br>• Запознавање со боите. |
| Ресурси и помагала | Училница, училишен двор, прибор за ликовно творештво. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од прво одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Снежана Петреска**<br>**Маја Димковска**<br>**Васка Тошеска Момироска** |

| Наставен предмет | Музичко образование |
|---|---|
| Цели | • да развива правилен пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење);<br>• правилно да пее мелодија на песна;<br>• да пее песни со разновидна ритмичко - мелодиска линија;<br>• да се оспособува за активно слушање на музиката;<br>• да развива чувство за ритам;<br>• да создава своја кореографија;<br>• движењата да ги усогласи според ритамот на музиката,<br>• да ги памети, повторува и користи движењата во музичко - ритмичките активности;<br>• да се ориентира во просторот при изведување на музичко – ритмички чекорења; |
| Ресурси и помагала | Училница, музички и аудио инструменти. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од второ одделение |

| | |
|---|---|
| Име и презиме на<br><br>одговорниот наставник | **ВеснаГавриловскаАврамовска** |
| Наставен предмет | Македонски јазик |
| Цели | • Запознавање на учениците со значењето секцијата<br>• Запознавање со новите соученици<br>• Запознавање со празникот 8 Септември, подобрување на изразното читање<br>• Да го сватат значењето на интерпункциските знаци<br>• Запознавање со празникот 5 Октомври и подобрување на изразното читање<br>• Запознавање со празникот 11 Октомври и подобрување на изразното читање<br>• Да се запознаат со поважни делови од правописот по македонски јазик важни при рецитирање<br>• Да ги увежбуваат котаките при рецитирање, мимиките и гестикулациите<br>• Запознавање со видот на рецитирањата<br>• Запознавање со празникот Божиќ и подобрување на изразното читање<br>• Запознавање со животот и делото на Гоце Делчев и подобрување на изразното читање<br>• Запознавање со празникот 8 ми Март и подобрување на изразното читање<br>• Запознавање со Денот на поезијата, подобрување на изразно читање<br>• Запознавање со значењето на Денот на училиштето и подобрување на изразно читање<br>• Да си ги подобрат читачките способности преку наизуст рецитирање<br>• Да си ги подобрат читачките способности преку наизуст рецитирање<br>• Воочување и анализирање на постигнатите резултати |
| Ресурси и помагала | Училница, литературни песни и текстови, аудио и видео материјали и сл. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од второ одделение |
| Име и презиме на<br><br>одговорниот наставник | **Вера Атанасовска** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Ликовно образование |
| Цели | • Учениците да ги претставaт своите чувства од летниот распуст преку цртеж<br>• Истражување на разновидни линии |

| | |
|---|---|
| | • Видови линии во надворешен простор<br>• Да воочува и претставува контурна и текстурна линија<br>• Да се оспособуваат за користење на разновидни линии за декорирање<br>• Да ги воочува и применува примарните бои<br>• Да ги добива, воочува и применува секундарните бои<br>• Да се оспособува за хроматско степенување<br>• Запознавање со асоцијативните особености на бојата<br>• Запознавање и примена на ритам на хроматски тонови<br>• Да претставуваат едноставен и сложен волумен<br>• Да претставуваат ритам на тркалезна и аглеста форма<br>• Да претставуваат ритам на големи и мали површини во разни бои<br>• Умее да изработува едноставни предмети<br>• Да умее да ја употребува техниката печатење<br>• Да умее да создаде композиција со печатење<br>• Да умее да печати со помош на картон – печат |
| Ресурси и помагала | Училница, четки, бои, блокчиња, палети. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од второ одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Ивана Јакимовска** |

| Наставен предмет | Ликовно образование |
|---|---|
| Цели | • Творење по замислена фантазија<br>• Пренесување на импресии<br>• Забележување на тонска градација во природата (листови од дрвја цветови<br>• Да умее да ја нагласи вертикалната насока<br>• Да го усовржат тродимензионалното изразување<br>• Развивање н афантазија<br>• Да знаат да прикажат различни текстури<br>• Да стекнат познавање за родниот град<br>• Да умеат да изработатликовни творби само од текстурни линии<br>• Да знаат реалистично да ги прикажуваат портретите кои ги цртаата<br>• Да ги согледаат убавините на растителниот и животинскиот свет<br>• Ослободување на чуството нивно транпортирање  во ликовна творба<br>• Збогатување на знаењата за симболичко значење на боја<br>• Иновирање на нови модели на автомобили со помош на фантазија на ученикот |

| | |
|---|---|
| Ресурси и помагала | Училница, четки, бои, блокчиња, палети. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од трето одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Александра Ничевска Бадаревска**<br>**Даниела Салтирова Кочијева** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Македонски јазик |
| Цели | • Подготовка за работа на секцијата<br>• Оспособување на учениците за изразно читање<br>• Оспособување на учениците за имитирање на ликовите од текстот<br>• Оспособување на учениците за имитирање на ликовите од текстот<br>• Оспособување на учениците за изразно читање<br>• Учениците се оспособуваат за читање по улоги<br>• Оспособување на учениците за изразно читање |
| Ресурси и помагала | Училница, литературни творби, ИКТ, аудио и видео материјали. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од четврто одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Даниела Пижевска**<br>**Хилда Јаневска**<br>**Оливера Божиновска** |

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Македонски јазик |
| Цели | • Целта на литературната секција е учениците кај кои постои интерес за македонскиот јазик и литературата како уметност да ги продлабочат и прошират своите знаења за литературните родови и видови;<br>• Преку создавање индивидуални, креативни, творечки состави , песни и творби од друг тип да ги развиваат своите креативни и творечки способности , да го развиваат талентот за пишување сопствени творби на литературен јазик;<br>• Да развиваат способност за работа со стручна литература и моќта за селекција на податоци;<br>• Да се издвојат учениците кај кои постои најголема дарба, талент и љубов кон литературата, изразувањето и |

| | |
|---|---|
| | способноста своите размислувања и ставови за одредена тема творечки да ги изразат и да оформат во уметничка творба. |
| Ресурси и помагала | Училница, литературни творби, ИКТ, аудио и видео материјали. |
| Времетраење | Еден час во неделата во траење од 40минути. |
| Планирани ученици | Ученици од петто одделение |
| Име и презиме на одговорниот наставник | **Сузана Младенова**<br>**Мирослав Митиќ**<br>**Маја Дрндаревска**<br>**Оливера Божиновска** |

## 9.3. Акции

Во текот на учебната година ќе се спроведат неколку акции со цел развивање на смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање меѓународно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност.

| 1. Активност | Одбележување на 16 Октомври – Меѓународен ден на гладта. |
|---|---|
| **Цел** | Развивање чувство за солидарност, хуманост и општествена одговорност кај учениците. Подигање на свеста кај учениците за потребите и проблемите кои ги имаат другите луѓе со посебен ацент нагладта и сиромаштијата. Давањепомош и поддршкана социјално загрозени семејства. |
| **Време на реализација** | Октомври |
| **Учесници** | Вработени, ученици и родители. |
| **Опис** | Хуманитарна акција која ќе се реализира во текот на една недела за собирање доброволни прилози (прехрамбени продукти со внимание на рок на трајност) кои ќе бидат наменети за социјално загрозени семејства. |

| | |
|---|---|
| **Одговорно лице** | Оливера Божиновска |
| **Соработка** | Министерство за труд и социјална политика, Град Скопје, Општина Бутел и Црвен крст. |
| | |
| **2. Активност** | **Одбележување на Неделата на грижа за старите лица** |
| **Цел** | Развивање чувство за солидарност и хуманост кај учениците. Подигање на јавната свест за потребата од зголемена интеграција на старите лица во општествениот живот. Поттикнување љубов и внимание кај учениците кон старите лица. Интеракција и интегрирање на учениците со старите лица згрижени во домовите. |
| **Време на реализација** | Ноември |
| **Учесници** | Вработени, ученици и родители. |
| **Опис** | Хуманитарна акција за собирање доброволни прилози (прибор за лична хигиена) кои ќе бидат наменети за старите лица кои се згрижени во некој од домови за згрижување на стари лица. Подготвување пригодна програма и презентирање на истата при посета на старите лица во домовите. |
| **Одговорно лице** | Наставници |
| **Соработка** | Министерство за труд и социјална политика, Град Скопје, Општина Бутел, Црвен крст и домови за згрижување на стари лица. |
| | |
| **3. Активност** | **Одбележување на новогодишните празници со хуманитарен карактер.** |
| **Цел** | Развивање чувство за солидарност и хуманост кај учениците. Подигање на свеста кај учениците за потребите кои ги имаат другите луѓе и давањепомош и поддршканадеца кои за време на новогодишните празници се на болничко лекување. |
| **Време на реализација** | Декември |
| **Учесници** | Вработени, ученици и родители. |

| | |
|---|---|
| **Опис** | Хуманитарна акција за собирање доброволни прилози (новогодишни подароци) кои ќе бидат наменети за деца кои за време на новогодишните празници се на болничко лекување. |
| **Одговорно лице** | Мирослав Митиќ |
| **Соработка** | Град Скопје,Општина Бутел,ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувња кај децата Козле – Скопје. |
| | |
| **4. Активност** | **Божиќни празници– божиќни подароци.** |
| **Цел** | Поттикнување и негување на чувство за солидарност. Градење доверба и самодоверба.Развивање на комуникациски вештини. |
| **Време на реализација** | Јануари |
| **Учесници** | Вработени, ученици и родители. |
| **Опис** | Хуманитарна акција за собирање доброволни прилози по повод божиќните празници кои ќе бидат наменети за децата кои се згрижени во малите групни домови при ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје. Подготвување пригодна програма и презентирање на истата при посета на ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје. |
| **Одговорно лице** | Совет на родители |
| **Соработка** | Министерство за труд и социјална политика и ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје. |
| | |
| **5. Активност** | **Одбележување на 7 Април – Светски ден на здравјето** |
| **Цел** | Поттикнување и подигање на јавната свест за значењето на крводарителска акција. Собирањешто поголем број на крвни единици.Развивање хуманост преку дарување крв. |
| **Време на реализација** | Април |
| **Учесници** | Вработени, ученици, родители и локално население. |
| **Опис** | Организаторски активности за реализирање на крводарителска акција. Подготвување информативен |

| | |
|---|---|
| | материјал од страна на учениците со цел поголем интерес на населението за вклучување во акцијата. Реализирање на крводарителска акција. |
| **Одговорно лице** | Лилјана Петковска |
| **Соработка** | Министерство за здравство, Општина Бутел и Црвен крст. |
| | |
| **6. Активност** | **Одбележување на22 Април – Ден на планетата Земја.** |
| **Цел** | Стекнување работни навики и подигање на свеста кај учениците за одржување здрава и чиста животна средина. |
| **Време на реализација** | Април |
| **Учесници** | Вработени, ученици и родители |
| **Опис** | Работна еко акција во која непосредно ќе се вклучат сите засегнати страни за чиста животна средина. |
| **Одговорно лице** | МаринаЃорѓиева |
| **Соработка** | Општина Бутел и ЈП Комунална хигиена Скопје. |
| | |
| **7. Активност** | **Одбележување на 8 Мај – Меѓународен ден на Црвен крст.** |
| **Цел** | Стекнување знаења за давањепрвапомош.Подигање најавнатасвестзазначењетонапрватапомош. |
| **Време на реализација** | Мај |
| **Учесници** | Вработени и ученици, |
| **Опис** | Организирање обукизадавањепрвапомош посебно и соодветно за вработените и учениците. |
| **Одговорно лице** | Оливера Божиновска |
| **Соработка** | Црвен крст. |
| | |

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година. | |

## 10. Ученичко организирање и учество

Училишната заедница ги застапува ставовите на учениците , ги изнаоѓа и решава нивните предизвици и потреби во соработка со училишните служби. Преку ова тело учениците во соработка со возразните во училиштето учествуваат во процесите на донесување на одлуки кои се однесуваат на квалитетот во наставата и воннаставните активности во училиштето и нивното организирање.

Ги опфаќа учениците од II - IX одделение.
Членови на училишниот парламент се претходно избрани претседатели и заменик претседатели на сите паралелки во училиштето. Од овие ученици по пат на демократски избори се избираат членови на Претседателството на УП. Претседателството на УП именува свој Претседавач кој има еднаков статус како и другите членови, освен што добива дополнителна задача да ги органиизира и води состаноците, како и да комуницира со другите ученици и возрасни во училиштето. Другите членови на претседателството добиваат други задолженија како записничар, благајник и слично.

Изборот на Претседателството на УП се врши со претходно обучување на избирачите по пат на информативни плакати, формирање на комисија за избор, изборна кампања и ден на изборите. Претседателството на УП се состанува задолжително еднаш месечно во однапред одредени термини и со него раководи Претседавачот на Претседателството.

Записничарот на УП се бира пред почеток на состанокот со доброволно пријавување на член од УП, согласно интересот и желбата. Записничарот треба да поседува способност за внимателно следење на состаноците и притоа записникот да биде конкретен со

внимателно селектирана суштина. Записничарот води листа на присутни и истата ја става во прилог на записникот.

Дневниот ред на состанокот на УП треба да ги содржи сите точки за дискусија со определено времетраење по точка. Истиот треба да биде достапен до сите членови на УП со најавата за наредниот состанок на УП. Дневниот ред се донесува од страна на Претседателството на УП во координација со училишните служби.

Задачите на УП во голема мерка зависи од актуелните потреби на училиштето.

**Задачи на Претседателството на УП**
-изнесува и застапува мислење на учениците
-ги информира учениците
-учествува во донесувањето одлуки што се важни за учениците
-помага во разрешувањето конфликти
-иницира и спроведува активности
-иницира и поддржува проекти
-иницира, организира и активно учествува во реализација на предвидените активности и манифестации

**Цели на Претседателството на УП**
-активно учество во сите училишни активности
-развивање на соработка и комуникација помеѓу учениците
-развивање на креативноста кај учениците
-развивање љубов кон пишаниот збор, литературно изразување и креативност
-откривање на причините за неуспех и водење грижа за подобрување на успехот
-оспособување на учениците за самостојно учење
-развивање на одговорност кај учениците
-истакнување на важноста и улогата на мајката во општеството
-создавање свесност, одговорност и работни навики
-развивање љубов кон книгата
-учествување во работата на училишните секции
-збогатување на културно-забавниот живот во училиштето
-согледување на резултатите од работењето на УП

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

ООУ „Свети Климент Охридски“, Бутел-Скопје во учебната 2020/21 година ќе ги реализира следниве училишни екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците:

- есенски еднодневен излет (за учениците од I до IX одд.),
- пролетен еднодневен излет (за учениците од I до IX одд.),
- еднодневна екскурзија (за учениците од III одд.),

- дводневна екскурзија (за учениците од VI одд.),
- тридневна екскурзија (за учениците од IX одд.),
- настава во природа (за учениците од V одд.),
- летен камп (за учениците од I до IX одд.) и
- зимски камп (за учениците од: I до IX одд.)

**Стручен тим за подготовка на Програмата за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности:**

- Златко Тапчановски - директор
- Александра Н. Бадаревска - одделенски наставник
- Даниела С. Кочијева - одделенски наставник
- Сузана Младенова - одделенски наставник
- Мирослав Митиќ - одделенски наставник
- Маја Дрнадевска - одделенски наставник
- Виолета Николова - предметен наставник
- Маја Автовска - предметен наставник
- Лилјана Петковска - предметен наставник
- Оливера Костадинова - предметен наставник
- Јасминка С. Вељковска

## 12. Натпревари за учениците

| Предмет | Наставник | Натпревари |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | **Цветанка Гаговска** | Декември- Училишен натпревар по македонски јазик и литература; Април- Регионален натпревар по македонски јазик и литерарура; Мај- Државен натпревар по македонски јазик и литература |
| **Македонски јазик** | **Татјана Цветковска** | Октомври - Меѓународен натпревар по креативни и едукативни филмови КРЕФ 2020; Декември- Училишен натпревар по македонски јазик и литература; Април- Регионален натпревар по македонски јазик и литератира; Мај- Државан натпревар по македонски јазик и литература |
| **Математика** | **Маја Автовска** | Февруари – Училишен натпревар по математика,Февруари – |

| | | |
|---|---|---|
| | | Општински натпревар по математика, Април – Регионален натпревар по математика, Април – натпревар по математика во приватно средно училиште „Yahya Kemal“, Скопје, Април – натпревар по математика и англиси јазик во<br><br>ПСУ Алгоритам - Приватно Средно Училиште Гимназија, Скопје, Февруари – Меѓународен натпревар по математика “Математика без граници” |
| **Математика** | **Јоана Искова** | Февруари – Училишен натпревар по математика,Февруари – Општински натпревар по математика, Април – Регионален натпревар по математика, Април – натпревар по математика и физика во приватно средно училиште „Yahya Kemal“, Скопје, Април – натпревар по математика и англиси јазик во<br><br>ПСУ Алгоритам - Приватно Средно Училиште Гимназија, Скопје, Февруари – Меѓународен натпревар по математика “Математика без граници” |
| **Физика** | **Јоана Искова** | - Училишен натпревар по физика – февруари<br><br>- Општински натпревар по физика – февруари<br><br>- Регионален натпревар по физика – март |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Државен натпревар по физика – мај<br><br>- Градски натпревар „Денови на електротехника“ – мај,<br><br>-Април – натпревар по математика и физика во приватно средно училиште „Yahya Kemal“, Скопје |
| **Хемија / Природни науки** | **Јасминка Стојанова – Вељковска** | По наставниот предмет хемија , учениците од VIII и IX одд. ќе учествуваат на државниот натпревар по хемија, а кој го организира ПМФ – Институт за Хемија.<br><br>По наставниот предмет природни науки , учениците од V одд. ќе учествуваат на државниот натпревар по природни науки, а кој го организира ПМФ – Институт за Биологија. |
| **Биологија / Природни науки** | **Лилјана Петковска** | Општински, регионален и државен натпревар по природни науки за шесто одделение биологија за седмо, осмо и деветто одделение |
| **Физичко и здравствено образование** | **Изабела Апостолоска** | Системот на училишни спортски натпревари е организиран од страна на федерација на училишен спорт во повеќе спортски дисциплини.<br><br>Нашите ученициземаат учество во: ракомет, фудбал, кошарка, одбојка, крос, а вклучени се ученици од I до IX одд.<br><br>Натпреварите во кои нашите ученици земаат учество се: училишни, општински, регионални – градски и државни. |

| | | |
|---|---|---|
| **Физичко и здравствено образование** | **Виолета Николова** | Системот на училишни спортски натпревари е организиран од страна на федерација на училишен спорт во повеќе спортски дисциплини.<br>Нашите учениcизeмаат учество во: ракомет, фудбал, кошарка, одбојка, крос, а вклучени се ученици од I до IX одд.<br>Натпреварите во кои нашите ученици земаат учество се: училишни, општински, регионални – градски и државни. |
| **Физичко и здравствено образование** | **Маријан Дамјановски** | Системот на училишни спортски натпревари е организиран од страна на федерација на училишен спорт во повеќе спортски дисциплини.<br>Нашите учениcизeмаат учество во: ракомет, фудбал, кошарка, одбојка, крос, а вклучени се ученици од I до IX одд.<br>Натпреварите во кои нашите ученици земаат учество се: училишни, општински, регионални – градски и државни. |
| **Музичко образование** | **Сузана Јовчева** | Натпревари по хор и оркестар, натпревар за солисти во организација на Биро за развој на образованието на Република Северна Македонија |
| **Техничко образование** | **Оливера Костадинова** | Натпревари по техничко образование, натпревари по сообраќај, вешто возење |

| | | |
|---|---|---|
| **Одделенски наставник** | **Мирослав Митиќ** | Меѓународен натпревар за едукативни филмови КРЕФ 2020, ДАБАР натпревар по математика, општински, регионален и државен натпревар по математика, општински, регионален и државен натпревар по природни науки, натпревар по ликовно образование, натпревар по македонски јазик, поезија и проза во организација на Просветно дело, Скопје |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.Покрај запознавањето на различните етникуми во република Северна Македонија, учениците, нивните родители и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајки свој продонес и учество

**Целата на оваа активност е да се:**

- Да искажуваат пораки на повеќе јазици (македонски, бошњачки, ромски,албански
- Да се запознаат со значајни настани и личности од историјата на РМакедонија
- Да пишуваат пораки на различни јазици за зачувување на животната средина
- Да се запознаат со народни носии, храна, предмети , ора од други етнички заедници (македонски, бошњачки, ромски, влашки)

Треба да биде подготвен акционен план за секоја предвидена конкретна активност

Ученците треба да бидат запознаени со целта на работилниците

Истражување на интернет за паднати борци од различни националности

Одговрни наставници Даниела С Кочијева

Анка Митревски - психолог

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

**1.Реализаацијата на Проектот „Еко училиште“** чија цел е подигање на свеста на наставниците и учениците во училиштето во поглед на заштита на животната средина. - заштита на енергија - заштита на водата.

- **ЕКО ОДБОР**, во состав: Лилјана Петковска како претседател, Анка Митревски, Маја Димковска и Сузана Младенова.

Покрај формираниот Еко одбор кој реализацијата на програмата ке ја реализира преку стручните активи, потребно е вклучување и на учениците, родители преставници од технички персонал и локалната самоуправа заради целосно и успешно вклопување и прифакање на стандардите како дел од општествена активност.

**2.Проект за „Намалување на насилството кај учениците**“ Ружица Кикерекова, Цветанка Гаговска, директорот, педагогот и психологот.

**3.Проект за „Мултиетничка интеграција на учениците“** одговорни наставници Даниела Салтирова Кочијева, Сузана Младенова и Лилјана Петковска.

## 15. Поддршка на учениците

### Успехот на учениците на крајот на учебната година

Во текот на целата учебна година се следет анализираа и споредуваа постигнувањата на учениците во сите класификациони периоди.
Во врска со овој приоритет во училиштето се превзедоа соодветни и стручни активности и тоа :
Обработка на стручни теми, и практични часови како и реализација на повеке едукативни работилници и семинари кои се во врска со оценувањето на знаењата на учениците и унапредување на наставата. Посебно внимание се посветува на примената на формативното и сумативното оценување како дел од воспоставување на стандарди и градење на заенднички критериуми при формулирање на оценката кај учениците.

Статистичките показатели за учебната 2019/2020 година покажаа дека со постигнатиот успех на учениците оваа на учебната година ние наставниците можеме во целост да бидеме задоволни иако средниот успех е идентичен од претходните години. Ваквиот резултат се се должи токму на почитување на критериумите и стандардите во оценувањето. Во наредната учебна година ке се продолжи со активности со кој не само ке го задржиме туку ке настојуваме во границите на реалноста и да го подобримена општо задоволство на сите учесници во воспитно образовниот процес.

Успехот постигнат по одделни паралелки и предмети табеларно е прикажан и прилжен кон извештајот.

Од направената анализа на успехот, редовноста и дисциплината на крајот учебната 2019-2020 година по одржаните одделенски совети на ден 10.06.2019 и 11.06.2019 год. ги донесовме следните заклучоци:
Во однос на успехот, учениците од прво до трето одделение се описно оценети.
Средниот успех на учениците од четврто до деветo одд. по предмети изнесува 4,62
и по број на ученици кои поминале одлични, многудобри и добри е 4.63

Од анализата на успехот по предмети ги добивме следните податоци:

Македонски ј. – 4,44
Англиски ј.- 4,43
Француски ј. – 4,32
Математика – 4,30
Биологија – 3,89
Географија – 4,38
Историја – 4,25
Физика – 4,27
Хемија – 4,08
Музичко – 4,91
Ликовно – 4,91
Информатика – 4,40
Етика – 4,58
Животни вештини – 4,95
Проекти од ликовна уметност – 5,00
Класична култура во Европската цивилизација – 4,94
Општество – 4,55
Природни науки – 4,28
Проекти од музичка култура – 5,00
Физичко – 4,96
Творештво – 4,91
Граѓанско обрзование – 4,61
Техничко образование – 4,55
Иновации – 4,67
Танци и ора – 5,00
Работа со компјутери – 4,69
Нашата Татковина – 5,00
Изборен Спорт – 5,00

## ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Цели:** Подобрување на когнитивната состојба кај учениците и зголемување на мотивацијата за учење.

**Подрачја на работа**

1. Подобрување и зголемување на когнитивните процеси кај учениците со потешкотии во учењето
2. Зголемување на мотивацијата за учење

**Носители на програмата:** Психолог, дефектолог, одделенски и предметни наставници

**Начин на реализација:** Следење на час, дневник, чек листи, мерење на општи интелектуални способности, мерење на мотивација, скали за процена на способности.

ПРОГРАМА ВО ПРИЛОГ

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТЕШКОТИИ**

Емоциите и емоционалните односи играат значајна улога во секојдневниот живот, во семејството, во училиштето, во работата, во одржувањето на здравјето и др.
Училишната возраст е многу значаен период како правилно или неправилно ќе се развијат, ќе се усовршат и ќе се изразуваат емоциите кај децата. Во тој процес важна е улогата на наставникот и психологот и нивната комуникација со учениците. Најпрво од самиот наставник зависи како ќе влијае и како ќе се развива емоционалниот живот на учениците, зошто тие го впиваат секој нивен поглед, секој нивен збор, секое нивно чесно или нечесно однесување, испитување, оценување. Наградувањето и казнувањето треба да биде јавно и прецизно образложено и да биде во согласност со индивидуалните емоционални и други особини на ученикот. Наставникот најмногу треба да обрне внимание и да работи на проблемот на контрола и на изразување на емоциите.

**Процедура за откривање на ученици со емоционални потешкотии**

-При упис на учениците во прво одделение од родителите се добиваат почетни податоци за емоционалните потешкотии кај учениците и податоците се заведени во досието на ученикот.

-Доколку некои ученици не се идентификуваат при уписот нив ги открива одделенскиот наставник.

-Разговара со родителите на тие ученици.

-Работи со паралелката за нивно прифаќање .

-Ги информира стручните соработници.

-Стручните соработници работат најпрво со учениците, а потоа и со родителите.

-За овие ученици во рамките на Годишната програма за работа на училиштето има изготвено посебна програма за работа која ќе се реализира во текот на учебната година.

-За посериозните проблеми по потреба се упатуваат во релевантни институции како што се: Здравствен дом, Центар за социјална работа, полиција и др.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласнооособеностите, способностите иафинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците идавање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализирапрограма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на Бирото, ја утврдуваминистерот.
Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да сезапознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите

икритериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието,давање помош за правилен избор на струка и занимање. Со учениците ќе бидат разгледани предавања, разни стручни ипропагандни материјали од средните училишта, разгледување Конкурсот за упис во државните средни училишта, приватнитеколеџи и др. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку коиучениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.
Доколку постојат можности ќе се организира посета од страна на учениците на поедини средни училишта, или да се обезбедатпредавачи кои ќе ги запознаат учениците со разни струки и занимања. Се следи уписот на учениците во средните училишта прекуповратна информација од средните училишта каде се запишани нашите ученицииподатоците се доставуваат до МОН-ДПИ.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во текот на оваа учебна година во училиштето во врска со подобрување на социо – емоционалната состојба на учениците покрај одговорноста на секој одделенски наставник во соработка со психологот на училиштето како и вклучување на надлежни институции во училиштето во таа насока ќе се релизира и проектот Ненасилно однесување.

Исто така за здравјето на учениците со посебна програма за работа е задолжена и ПЦК организацијата која својте активности ќе ги насочи кон болестите на зависност.
Во текот на месец Ноември ќе се одржат типизирани предавања и работилници за одбележување на месецот за борба против зависностите. Учениците од осмите одделенија ќе бидат запознаени со болестите на зависностите и последиците од нив од страна на предавач-доктор кој ќе ги запознае со дадената тема преку предавање, информативно видео и флаери. По предавањето ќе се одржат работилници каде учениците ќе истражуваат и изработуваат проекти на дадената тема кои подоцна ќе ги презентираат. Менторството и следењето на работата на учениците на работилниците ќе биде следена од одговорниот наставник за ПЦК во соработка со наставниците по биологија и хемија.

| Планирани Активности | Цели | Задачи | реализатор | Време на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Насоки за одделенските раководители за реализација на работилници од ОЖВ за превенција од насилство | - вклучување на одделенските раководители во превенција од насилство | да се планираат работилници на одделенските часови за разрешување конфликти и справување со насилничко однесување | Одделенски раководители и раководители на паралелка | Август 2020 | Превенција од насилство |
| Едукација на учениците за | да се запознаат | Барање до СВР Ѓорче | Директор Психолог, | Септември-октомври | Превенција и свесност за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| деликвентно однесување | поимот деликвентно однесување и последици од истото | Петров, Скопје за едукативна работилница | | 2020 | деликвен |
| Ден на креативноста | да се подигне свеста кај учениците за нивната креативност, | подготовка на акцискиот план за денот на креативноста | Членовите на клубот, тимот за намалување на насилството | октомври 2021 | Зголемување свеста за креативноста и индивидуалност а кај учениците |
| Анализа на видовите насилни однесувања на учениците | Да се увиди кои се најчестите видови насилни дејства во училиште | Извештај | Членовите на клубот, Тимот за намалување на насилните дејства во училиште | ноември 2021 | Превземање активности за намалување на насилните дејства |
| Едукација на родителите | да се запознаат со видовите насилно однесување, причините и последиците од истото | Барање до СВР Скопје за одржување едукатибна работилница | Полициски службеници за превенција од насилство и безбедност во училиштата | Јануари-февруари 2021 | зголемување е свеста за последиците од насилното однесување на учениците |
| поготовка за денот на БУЛИНГ | да се подигне свеста за булинг кај учениците | подготовка на акционен план за денот на БУЛИНГ | Членовите на клубот, Тимот за намалување на насилството | март-април 2021 | зголемување на свеста за булинг и неговите ефекти врз учениците |
| Анализа на видовите насилни однесувања на учениците | Да се увиди кои се најчестите видови насилни дејства во училиште | Извештај | Членовите на клубот, Тимот за намалување на насилните дејства во училиште | ноември 2021 | Превземање активности за намалување на насилните дејства |
| Ден на булинг | да се разбере што е булинг и кои се последиците | реализација на акциониот план | Членовите на клубот, Тимот за намалување на насилството, драмска секција, комисија за приредби | мај 2021 | зголемување на свеста за булинг и неговите ефекти врз учениците |
| Извештај од реализиранит е активности | да се евидентира активноста | документирањ е на реализираните | Членовите на клубот, Тимот за | јуни 2021 | евалуација на програмата на клубот за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на клубот | наа клубот | активности | намалување на насилството | | намалување на насилството |

План за активности во училиштето од програмата „Врсничко насилство, Булинг“ организирано од Училиштниот тим за насилство

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фокус | Информирање на учениците за врсничко насилство и начини на справување со врсничко насилство | | | |
| Зошто | Продлабочено учење преку информирано знаење, практични примери и практична изработка на идеи за одржување на неналство | | | |
| Како | Да се подобри информираноста преку наставата, да се примени и надвор од наставата | | | |
| Што | Зошто | Како | Кој | Кога |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (дивајдери за учебник) | Сите ученици од 1во до 9то | Второ полугодие |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (брошура) | 70 % од вкупниот број на родители на актуелни ученици | Второ полугодие |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (брошура) | Сите одделенски и предметнио наставници | Второ полугодие |
| Во текот на годината -Изработка на плакат за секое одделение | -развивање на вештини и способности за изработка на плакати | -изработка плакат | Сите ученици и предметни наставници | континуирано |
| Подолготраен ефект за тоа што е врсничко насилство | За да можат да се создадат услови за ненасилна комуникација меѓу врсниците на подолг период | Исработка на пропаганден матерirijал (дивајдери, привезоци), брошури | Ученици Родители Наставници Директор Стручна служба | Втрор полугодие |
| Во целото училиште -Учество на повици за | -поради поттик на учениците | Заедничка соработка меѓу | Сите ученици и наставници | континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ненасилство | за користење на ненасилни облици на однесување | сите субјекти во училиштето | | |

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

**Видови оценување и календар на оценување**

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и процесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците ( чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...)

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување.

За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано да ваат усна и писмена информација за нивните постигања.

За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

За подобрување на објективноста во оценувањето во училиштето на крајот од годината ќе се врши анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците во оценувањето добиени од екстерното тестирање.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| | **Активност** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Инструменти** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Следење, увид и анализа на водење на педагошка евиденција и документација. | Директор<br>Стручни соработници<br>Комисија | Најмалку еднаш во текот на секое тромесечие во учебната година. | Соодветени образци за следење на водење на педагошка евиденција и документација. |
| **2.** | Следење, увид и анализа на водење Професионално досие и Педагошки картон. | Директор<br>Стручни соработници | Декември<br>Јуни | Чек листи за следење на водење Професионално досие и Педагошки картон на наставниците. |
| **3.** | Следење, увид и анализа на Годишните | Директор<br>Стручни | Август<br>Септември | Чек листа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | планирања на наставниците. | соработници | | |
| **4.** | Следење, увид и анализа на Тематските планирања на наставниците. | Директор<br>Стручни соработници | Континуирано, при доставување од страна на наставниците. | Чек листа |
| **5.** | Следење на наставни часови и увид и анализа во дневните планирања на наставниците. | Директор<br>Стручни соработници | Континуирано,<br>4 пати во текот на учебната година распределено во сите тромесечија. | Образецзаследењенанаставенчас.<br>Образец за увид и анализа планирањатана наставниците. |
| **6.** | Следење на реализацијана доплнителна и додатна настава. | Директор<br>Стручни соработници | Континуирано | Соодветен образац за евиденција на реализација на доплнителна и додатна настава. |
| **7.** | Следење на реализација на СУА . | Директор<br>Стручни соработници | Континуитано | Соодветен образац за евиденцијана реализација на СУА. |
| **8.** | Следење на реализација на вонаставните актвности. | Директор<br>Стручни соработници | Континуирано | Соодветен образац за евиденција на реализација на вонаставните активности. |
| **9.** | Следење, увид и анализа на релизацијата на личениот план за професионален развој на наставниците. | Директор<br>Стручни соработници | Декември<br>Јуни | Образец за следење на реализацијата на личениот план за професионален развој на наставниците. |
| **10.** | Следење на постигањата на учениците. | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано,<br>4 пати во текот на учебната година распределено во сите тромесечија. | Соодветен образец за следење на постигањата на учениците. |

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Тоа се:

| | |
|---|---|
| Марина Ѓоргиева | Васка Т. Момировска |
| Сузана Младенова | Весна А. Гавриловска |
| Светлана Стојкова | Мариана Стрезовска |
| Татјана Цветковска | Маја Димковска |

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој.

Програмата за самоевалуација е дадена во **прилог бр.**

### 17. Безбедност на училиштето

Заштита во случај на пожар, земјотрес или друга непогода училиштето имаизготвено план за евакуација на учениците ивработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголемабезбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои сеозначени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави,пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробниевакуации. Опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош вослучај на повреда на ученик или вработен да се пружи прва помош.

### ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ, ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И НЕЗГОДИ

**Активности на системот за заштита и спасување:**

- активности и мерки за заштита и спасување во случај на непосредна опасност
- активности и мерки за заштита и спасување за време на опасност

- активности и мерки за отстранување на последиците

**Планирање:**

Училиштето „Свети Климент Охридски“ – Бутел, Скопје има изготвено свој план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди, земјотреси, поплави, клизишта, пожари и др.

При планирањето се земени во предвид мерливите (постоечките) елементи како на пример:

- сеизмичка активност на подрачјето
- локација на објектот
- градба на објектот
- природните ресурси и др.

При изготвување на планот земени се во предвид застапеноста на одредени принципи:

- тимска работа
- временски термини
- оперативност
- конкретност
- следење
- анализа
- очекувани резултати

Планот предвидува: КОЈ, КОГА, ШТО и КАКО да постапи во одредена ситуација.

**Планот ги има обработено следните елементи:**

- сеизмичка активност на реонот
- трусно подрачје
- одреден степен на трусност
- локација на објектот
- вид на тлото-с. Љубанци, Скопје
- централно градско подрачје
- вид на градба на објектот
- цврста градба без статички податоци на издржливост

**Процена на загрозеност од земјотреси во училиштето**

- анализа на податоци за можни ризици
- детална карта за сеизмичка активност
- детална карта на врнежи во реонот
- можен интензитет на земјотресот
- можен интензитет на врнежи
- локација, видот на објектот и старост
- вид на вграден материјал и средства во објектот
- градежни карактеристики на објектот
- број на вработени и ученици во училиштето.

**План за заштита и спасување:**
Планот за заштита и спасување содржи три фази:

I. Превентивни активности и мерки (пред опасноста од природни катастрофи)
II. Оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста)
III. Отстранување на последиците ( по опасноста)

| | |
|---|---|
| **1** | **УЧИЛИШТЕ** |
| **2** | **ОДБОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ** |
| **3** | **ОПЕРАТИВЕН ШТАБ** |
| **4** | **ТИМОВИ-ЕКИПИ** |
| **5** | **ИЗВРШИТЕЛИ** |

**ОДБОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ**

- вработените на училиштето
- претставници на советот на родители

**Задачи:**

- одредување на локации
- човечки ресурси
- програма за обука на наставниот кадар
- програма за обука на советот на родители
- дефинирање на тимовите и улога на членовите
- евалуација на целокупната работА

**ОПЕРАТИВЕН ШТАБ**
Оперативниот штаб го сочинуваат:

| | |
|---|---|
| **Златко Тапчановски** | Командант |
| **Поликсена Илиоска** | Началник |
| **Анка Митревски** | Помошник за оперативни работи |
| **Оливера Костадинова** | Помомошник за хумани мерки за заштита и спасување |
| **Мирослав Митиќ** | Помошник за технички мерки за заштита и спасување |
| **Гоце Коцев** | Администратор |
| **Дејан Калиновски** | Курир<br>Возач |

Оперативниот штаб раководи за време на природната катастрофа. Донесува брзи одлуки врз база на проценка на состојбата во училиштето. Во постојана комуникација е со персоналот во училиштето како и со институциите кои се надлежни за заштита и спасување од природни катастрофи.

**Задачи на оперативниот штаб**

- да ги формира тимовите (екипите) и да ги конкретизира нивните задачи и активности
- да го води планот за време на природната катастрофа (земјотресот, поплавата) и да прави план за безбедно напуштање на објектот .

**Тим за прва медицинска помош**

| |
|---|
| **Лилјана Петреска** |
| **Оливера Костадинова** |
| **Виолета Николовска** |

Тимот мора да биде оспособен за:

- укажување на медицинска помош
- медицинска грижа (поделба според тежината на повредата)
- згрижување на повредените

Главните задачи на тимот (екипата) }е се спроведуваат во две фази:

I. Пред природната катастрофа
II. По природната катастрофа

**I. Пред природната катастрофа**

- определува и набавува потребен медицински материјал
- изработува програма за здравствената состојба на учениците и вработените (ги евидентира здравствените проблеми)
- ги обезбедува телефонските броеви од медицинските установи
- организира обука за прва медицинска помош на вработените кои се вклучени во екипата
- во соработка со Црвениот крст организира обука и предавање за учениците за згрижување на заболените и повредените.

**II. По природната катастрофа**

- по природната катастрофа го известува директорот (оперативниот штаб) за бројот на повредените и видот на повредите и делува според планот за заштита и спасување
- укажува прва помош на повредените лица на самото место врши тријажа (поделба според тежината на повредата) на повредените.
- врши извлекување и транспорт до најблиските медицински центри
- бара помош од здравствените институции.

**Тим за спасување од природни катастрофи:**

| |
|---|
| **Катерина Николовска** |
| **Марина Ѓоргиева** |
| **Марија Димовска** |
| **Билјана Антовска** |
| **Лилјана Петковска** |
| **Зоран Јаневски** |

Овие лица треба да ги познаваат правилата за пребарување и откривање на повредените (затрупаните или поплавените) како и можни жртви.
Овој тим треба да биде опремен со алати за барање и расчистување со средства за спасување и извлекување.
Главните задачи на овој тим ќе се спроведуваат во две фази:
**I. Пред природната катастофа**

- превземање на мерки и активности за заштита од уривање  или поплава
- учество во набавка на опремата за откривање, пребарување,
- расчистување и извлекување

**II. После природната катастрофа**

- врши прегледување на објектот и урнатините,постапува според планот
- ги проверува сите простории во објектот
- пронао|а затрупани, поплавени го известува тимот за прва медицинска помош и ги извлекува затрупаните т.е поплавените
- го известува Оперативниот штаб за оштетувањето на објектот
- Врши заштита (осигурување) на оштетени деловиод зградата

**Тим за противпожарна заштита и одржување**

| |
|---|
| **Лилјана Петковска** |
| **Коце Коцев** |
| **Дејан Калиновски** |

Оваа екипа (тим) е една од најзначајните и претставува основна сила за заштита при определена природна катастрофа т.е хаварија. Носителите на активностите треба да се обучени и увежбани за користење на разни видови ПП апарати за гасење пожар, да бидат обучени да ја исклучат струјата, водата, парното греење и да ги отстранат можните средства и опрема како можни ризици.
Главни задачи на овој тим се:
**I. Пред природната катастрофа**

- запознавање и обука на вработените со основните правила на П.П.З
    - се контролира влезот во објектот

**Тим за евакуација:**

| |
|---|
| **Златко Тапчановски** |
| **Анка Митревски** |
| **Изабела Апостоловска** |
| **Марјанчо Дојчиновски** |

**Цел на екипата:**
Преместување на учениците и вработените на безбедно место
**Активности пред природната непогода:**

- изготвување план за евакуација
- дефинирање правци за евакуација (примарни и секундарни)
- одредување на безбедно место ( локација)
- одредување на локација за материјалните добра (ресурси)

**Активности по природната непогода:**

- ги определува правците на движење
- врши проверка за безбедноста на правците на движење
- стручните соработници ги запознаваат учениците за природната катастрофа (појава) и со последиците од природната катастрофа

**18. Грижа за здравјето**

Ке се организираат редовни систематски прегледи од прво до осмо одделение, редовни прегледи и предавања за вошливост, болести на зараза, зависност итн.

Дел од програмата за работа ќе се реализира во соработка со Здравствениот дом “Чаир” , како организации и институции ПЦК кои се занимаваат со превенција и заштита на здравјето на децата, со ангажирање на стручни лица специјализирани за различни области и преку предавања, средби и разговори кои ќе придонесат за подигање на здравственото воспитание и образование на учениците.

Со учениците членови на оваа организација училиштето секоја година зема учество на натпреварите по Прва помош и заштита во организација на Црвениот крст при општина Чаир на кој и редовно освојува награди. Работата на оваа организација ке биде во корелација со програмата за изведување на екскузии бидејки сметаме дека тие составен дел од целокупната грижа за здравјето на учениците во однос на нивниот емоционален, социјален и интелектуален развој.

Реализација на активностите од програмата секој наставник ги заведува во својот одделенски дневник

## 18.1. Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи. Во текот на целата година ќе се води грижа за санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно ќе се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно ќе има течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите ќе се чистат редовно, училниците редовно ќе се метат, ќе се брише подот, ќе се отстранува отпадот и ќе се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории ќе се брише секојдневно. Еднаш месечно ќе се чистат, бришат, стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор ќе се одржува тековно чист, хортикултурно среден. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

## 18.2. Систематски прегледи

Возраст на вршење на систематски прегледи:
Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение.
**Содржина на систематскиот преглед**:
1.**Општ лекарски преглед**:
- мерење на телесната тежина и висина; - преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општлекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогениталенсистем);
- испитување на вид;
- давање препораки за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус

**2.Лабораториски преглед**
- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина

**3. Стоматолошки преглед**
- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајнизаби, кариес, екстракција и пломбаиндекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши воЗдравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:
- 6 години (I одделение) Малисипаници, рубеола, заразнизаушки (1 доза) - I ревакцинирање
- 7 години (II одделение )Туберкулоза ( сотестирање ) ( 1 доза ), Детскапарализа ( 1доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III

ревакцинирање
- 12 години, 2 и 6 месеципослепрватадоза( VIодделение ); Инфекцииисохуман папиломавирус ( HPV) ( самозадевојчиња ) ( 3 дози ) - вакцинирање
- 14 години( завршнагодинанаосновноучилиште ) Рубеола ( самодевојчиња ) ( 1 II ревакцинирањедоза ); Детскапарализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, Тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање
Одговорни лица од училиштето се директорот (кој договара за времето на реализација) и одделенскиот раководител. Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

**Едукација за здрава храна**

Во текот на месец Октомври ќе се одржи едно предавање од страна на стручно лице (доктор) за учениците од шесто до деветто одделение за значењето на здравата исхрана во секојдневниот живот како за зачувувањето и унапредувањето на здравјето на младата популација и начините како да ги надминат проблемите со кои се соочуваат при изборот на здрава и нездрава исхрана. Учениците од прво до петто одделение ќе бидат едуцирани за здравата исхрана од страна на своите одделенски раководители.

По спроведеното предавање во текот на месец Ноември ќе се одржи практична работилница на тема “Здрава храна за детство без мана” каде учениците ќе користат материјали од органско потекло за изработување на специјалитети.

Училиштето има спроведено постапка за избор на најповолен понудувач за исхрана на учениците кои посетуваат продолжен дневен престој во училиштето. При спроведување на постапката училиштето се водеше од Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште, а исто така води постојана контрола во однос на спроведување на исхраната од страна на операторот..

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.
Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.
Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовитеи за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.

Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците иучилишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

## ПРОГРАМ МЕРКИ ПРОТИВ НАСИЛСТВО

Со цел сузбивање на насилното однесување во нашето училиште донесуваме програм за мерки за зголемување на сигурноста во училиштето чија цел е:

- Афирмација на позитивни вредности
- Соочување со постоење на проблемот несигурност и насилство
- Намалување на насилството во училиштето
- Развивање на самопочитување, самоконтрола и комуникациски вештини кај учениците
- Позитивно насочување на искористување на слободното време на учениците
- Учество во разни спортски активности
- Создавање на безбедна училишна средина и градење соживот

### План за постапување во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации

Вработените во училиштето должни се да реагираат, во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации, на следниов начин:

1. Раздвојување на скараните ученици и смирување на ситуацијата
2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен раководител, предметни наставници)
3. Повикување на родителите на разговор
4. Заеднички разговор на учениците, родителите, класниот раководител, психологот и договор за активности за превентивно делување (спречување за лошото однесување)
5. Во случај да не може да се совлада ситуацијата, да се повика полиција
6. Ако има потреба да се повика и Центарот за социјално здравје

### Протокол за реагирање при постоење на насилство во училиштето

Протоколот ги дефинира одговорностите и улогите на члено вите на училишната заедница во однос на постапување при насилство во училиштето. Со овој протокол се надополнуваат празнините при спроведувањето на веќе постоечките регулативи кои произлегуваат од законот за основно образование и статутот на училиштето и неговото усогласување со секојдневната практика во училиштето. Протоколот ги следи чекорите предвидени во овие документи, но ги дополнува со извесни чекори кон решавање на проблемите и подобрување на условите и атмосферата за учење и развој во училиштето.

| Однесување | Активност – мерка | Носител на активноста |
|---|---|---|
| Сознание за насилство | -набљудување на ситуацијата и собирање на информации кога ќе се појави било која форма на насилство;<br>-сомневање дека насилството се случува на некое дете врз основа на неговото однесување или преку индиректни информации на различни релации (ученик-ученик, ученик-возрасен, возрасен)<br>-охрабрување за пријава на насилно однесување, директно до училишниот кадар или индиректно преку кутии за пријавување на насилно однесување;<br>-евидентирање на насилство | Директор<br>наставници<br>одделенски раководители<br>стручни соработници<br>родители<br>ученици |
| Разрешување на ситуацијата | -примена на вештини за разрешување на конфликти;<br>-советодавни разговори;<br>-изрекување на педагошки мерки;<br>-советување и соработка со родители;<br>-соработка со надлежни институции | Директор<br>одделенски раководители<br>стручни соработници<br>родители<br>Центар за социјална работа, МВР |
| Прекинување на насилството | -Наставници, класни раководители треба брзо и ефикасно да го прекинат насилното однесување<br>-во одредени ситуации се бара помош од МВР | наставници<br>стручни соработници<br>Полиција |
| Смирување на ситуацијата | -Наставникот или стручниот соработник обезбедува сигурност за ученикот/учениците;<br>-користење на техники за емоционална контрола | наставници<br>стручни соработници |

**<u>Улоги и одговорности во случај на насилство: кој, кога и на кој начин интервенира</u>**

**Дежурен наставник:** дежура, воочува и пријавува случај на насилство, реагира на начин кој го спречува насилството и обезбедува сигурност за ученикот/учениците, го известува раководителот на паралелката.
**Раководител на паралелка:** го воочува насилното однесување и реагира на начин кој го спречува насилството и обезбедува сигурност за ученикот/учениците, разговара со учесниците, ги информира родителите и разговара со нив, ја информира стручната служба.

**Стручна служба:** ги воочува случаите на насилно однесување и веднаш превзема сигурносни мерки, го известува раководителот на паралелката и соработува со него, обавува советување на родителите; предлага мерки за заштита; ги следи ефектите, по потреба соработува со соодветни установи.
**Технички персонал:** го прекинува насилството и го пријавува.
**Учениците:** воочуваат случаи на насилно однесување, бараат помош од наставниците, го пријавуваат случајот до класниот раководител или стручната служба.

| **АКЦИОНЕН ПЛАН НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ДИСЦИПЛИНА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УЗ | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

***Критериумиза успех*** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници
***Инструменти*** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници
***Индикатор за успешност*** – намален број советувања на ученици и родители по основ дисциплина
***Одговорен за следење*** – директор, одделенски раководители, стручни соработници
***Повратна информација***–
-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата
-почитување на правилата на однесување во училиштето
-намален број на изречени педагошки мерки за учениците
-намален број на повикани родители на советување
-одговорностза сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето

**ЛИСТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ**

Датум на случување на насилство:________________
Место на случување на насилство:
- двор
- училница
- ходник
- тоалет
- надвор од училиште
- друго__________________________

Време на случување на насилството:
- пред часови
- по часови
- за време на одмор (голем-мал)
- за време на 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 час (заокружи)

Начин на откривање:
- лично видено
- со известување од сведок
- со известување од родител
- со извесување од жртвата

Лицето кое е жртва ______________________________________________
Лицето кое врши насилство ______________________________________
Насилството се случува:
- првпат
- се повторува

Краток опис на насилството:

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
Видот на интервенција:
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
Предложени мерки:
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
Вреднување и процена на ефикасноста од превземените мерки
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
___________________________________________________________

Распоред на дежурни наставници е во прилозите: Распоред на часови предметна настава 2020/21.

Се обезбедува водење на писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите.

Програмата за превенција од насилно однесување на учениците е дадена во **прилог**

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

заестетското и хортикултурното уредување на училишниот хол,патеките до училишната зграда, училишниот двор, за одржување на зелените површини, ќе се засадуваат садници и цвеќиња, поставените клупи и спортските терени постојано ќе се одржуваат од страна на техничкиот персонал, родителите, учениците и останатите вработените. Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процесот.

Нашето училиште ќе води грижа

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

| Време на реализација | Активност | Носители на активност | Извор ресурси | Методи | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| На почетокот и во текот на целата учебна година | Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците- | Наставниците и учениците | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница/училиште и пријатна атмосфера за работа |
| На почетокот и во текот на целата учебна година | Естетско уредени училишен хол и ходници во училиштето | Наставниците и учениците | Изработки од учениците<br>дипломи, пофалници | Разговор, практична работа | Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на свест за естетски вредности |
| Октомври и март | Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор<br>Хортикултурно уредување на учлишниот двор | Наставниците и учениците и родители | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |
| Септември,октомври и и април | Садење на саксиско цвеќе, украсување на постоечките жардињери | Учениците и родители | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Развивање на свест за естетски вредности |
| Во текот на учебната година | Организирање на акции за чистење на дворот | Наставниците и учениците и родители | Алат за работа | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |

## 19.3. Етички кодекси

Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме затоа што веруваме дека така треба и затоа што мислиме дека таквото однесување е правилно. Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето на секој. Заради зајакнување на комуникацијата меѓу сите структури во училиштето формиран е тим во состав: Марина Ѓорѓиева – наставник по географија, Изабела Апостолоска – наставник по физичко и здравствено образование и Мирослав Митиќ – одделенски наставник кои работат на организирање на активности кои го подобруваат квалитетот на комуникацијата и зајакнување на меѓусебната соработка, како што се:

- **Состаноци со Советот на родители и индивидуални средби со родителите;**
- **Оганизирање на работилници: Новогодишна , Велигденска, Осмомартовска, работилници во кои се вклучени ученици од различна националност**
- **Организирање дебати на тема: Настава во училница или он-лине настава; Колку ги почитуваме различностите?; Дали и колку ги познаваме детските права и обврски?**
- **Организирање прослави во рамките на училиштето и надвор од него**
- **Соработка со ОУ ,,Милутин Смиљковиќ,, Винарце, Лесковац, Република Србија**
- **Екскурзии**

Правилата на однесување во училиштето кон кои треба да придржуваат сите вработени, ученици и родители се дефинирани со кодекси на однесување на наставниците, учениците и родителите. Со применување на кодексот, вработените даваат полн придонес во подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и во градењето на позитивна работна клима и промовирање на училиштето

**Кодекс на однесување**

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВОООУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

**КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава;
- Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот;
- Ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина;
- Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни.
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Да се труди да ги извршува училишните обврски;
- Да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците;
- Да помага на помалку успешните ученици;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот;
- Ученици, избегнувајте недолично однесување;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница;
- За време на часот не излегувај во тоалет;
- Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор;
- Не викај по ходниците, не трчај, придржувај се кон правилата на однесување;
- Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици;
- Ако во дворот видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци;
- Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата;
- Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици;
- Пристојно и трпеливо чекај пред училница пред започнувањето на часот;
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Дежурството го изведуваат тројца ученици, на двата влеза по еден и во третиот ходник;
- Дежурниот ученик од средниот ходник за време на големиот одмор дежура пред наставничката канцеларија и не дозволува во неа да влегуваат ученици и родители, туку самиот ги повикува наставниците;
- Останатите дежурни за време на големиот одмор се на своите работни места;
- Дежурниот ученик се оддалечува од работните места само ако добијат задача од наставник, стручната служба или директорот;
- Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;

- Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај обезбедувањето;
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
- Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;
- Да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите;
- Да се грижи за редот и дисциплината за врем на часовите и одморите;
- Дежурниот ученик ги отклучува и заклучува вратите и не прави отстапки за никого, а во тоа му помага обезбедувањето;
- Дежурството на учениците започнува во 8,00 часот, а завршува во 13,30 часот;
- Кога наставникот зборува не го прекинувај;
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните;
- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- Поздравувај со добро утро, добар ден и до видување;
- Не користи вулгарни зборови кога комуницираш;
- Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот;
- Не носи предмети со кои би можеле да повредите други ученици;
- Покажи толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Биди самокритичен па потоа критикувај;
- Чувај ги своите предметии не посегнувај по туѓите;
- Не ги потценувај способностите на своите соученици;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот;
- Почитувај ги различните од тебе;
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
- Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика;
- Со своето примерно однесување ќе покажи почит и кон своите родители;
- Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки;
- Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

**КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ**

- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (матерјиални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;

**КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

**КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците , стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;

- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл.
Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето , Нова година – 31 Декември, Ден на жената – 8 Март, Ден на шегата – 1 Април, полуматурска прослава – јуни, Екскурзии за учениците и наставниците, верските празници Бадник, Велигден.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Врз основа на самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната

учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи. Планот и програмите се дел од годишната програма за работа на училиштето

### 20.2. Активности за професионален развој

- Изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој
- Обуки од секаков облик
- Семинари (во училиштето и надвор од него)
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти
- Задолжителна дисеминација
- Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој -

### 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери (понудувачи) на вакви обуки и нивниот не постојан облик кој не е претходно најавен не ни може и однапред да се планира па затоа истите се приморени тековно тоа да го прават преку целата година.

### 20.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени часови, работилници, дебати и сл. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. Оваа учебна година во одделенска настава отворените часови ќе бидат со сознанијата од обуките за јазична писменост со цел унапредување на наставата по македонски јазик и интегрирање на содржините. Во предметна настава отворените часови ќе бидат со примена на проекти во наставата,со интегрирани предмети и содржини, индивидуализирана настава и оценување, користење на дигитални содржини во наставата. Училиштето изготвува акциски план за професионален развој со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

- Тимска работа и училишна клима

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на тимска работа Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислење.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

| Задача | Активност | Временск а рамка (месец) | Носител | Начиннас проведување (ресурси) | Вид на професионален развој | Очекуваниерезултати | Одговорнолице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификацијанамоменталнатасостојбапоодноснакористењеактивности и задачипотежинскинивоакако и примена на ИКТ | *Создавање тимоднаставницизаподдршка*Креирањеинструментизаевалуација*Евалуацијанаприменанаактивности и задачипотежинскинивоа, методи и техникинаработа *Подобрување на истражувачките активности | Во тек на годината | ТимзаподдршкаНаставници БРО | Годишни и тематскипланирања наниаставниците, тестови, наставнилистовиизготвениоднаставниците Интернет, стручна литература | Надворешен и интерен | Увидвомоменталнатасостојбаподноснакористењеактивности и задачипотежинскинивоа и креирање извештајодевалуацијатазаприменанаактивности и задачипотежинскинивоа, методи и техникинаработаво училиштето | Директор ПедагогПсихологТимзаподдршка |
| Планирањенаактивностизаработасонаста | Изготвување планзасоодветниактивно | На почеток на | Наставници | Распоредначасови | Надворешен и интере | Подобрувањенаквалитетотна | ДиректорПедагогПсихологТимза |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вниците | стисонаставниците, дефектолог и други стручни соработници | годината | | План за посета на обуки и семинари Финансиски средства и стручна литература | н | наставата и стручно усовршување на наставниците | поддршка и наставници |
| Социјална и образовна инклузија на учениците и родителите | Обуки и соработка со дефектолози, социолози и друг стручен тим од експерти Стекнување на инклузивни стратегии за учење и поучување Примена на инклузивни стратегии за учење и поучување | Во тек на годината | Наставници , дефектолог , психолог | Обуки и дисеминација Финансиски средства | Надворешен и интерен | Обучени наставници примена на стекнатите знаења Подобрувањенаквалитетотна наставата Афирмацијанаучилиштето | ПсихологТимзаподдршка Наставници |
| Соработка со семејството и локалната заедница | Работилници и заеднички активности за развивање на ефективна соработка со семејството и членовите на заедницата во работата на училиштето | Во тек на годината | ДиректорПедагогПсихологодделенски и класни раководители , родители и членови од заедницата | Финансиски средства , потребни ресурси за работилниците | Интерен | Афирмација на училиштето преку соработка со родителите и членовите на локалната заедница и нивен придонес во работата на | ДиректорПедагогПсихологТимза поддршка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | училиште то | |
| Планирањена активности и реализација на настава во комбинирани паралелки | Одржување на работилници за работа во комбиниран и паралеки | октомв ри- мај | Настав ници кои предав аат во комбин ирана парале лка | Финансиск и средства | Интере н | Подобрув ањенаква литетотна наставата Објективн ооценува њеЈакнењ енатимск атаработ а | ДиректорП едагогПсих олог |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители во учебната 2019/20 година ќе работи по однапред изготвена програма. Улогата на Советот на родители во оваа учебна година ќе се базира на детектирање на состојбите во училиштето од аспект на потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, учество во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием, а кои ќе бидат истакнати на огласна табла и др.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонн аставните активности

Се планира вклученоста на родители и нивен придонес со мислења и сугестии за дополнување и измени на планираните програми за намалување на насилство и изготвување сајт. Советот на родителите ќе помогне во работата со ученици со потешкотии во развој и напредување на учениците–таленти. Од родителските одбори и Советот на родители се очекува прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали.
Особена иницијатива во оваа учебна година ќе бидат заложбите за поуспешна реализација на воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоција
Советот на родителиќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки, во училишна заедница и училишен одбор.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во учебната 2020/21 година се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за Меѓуетничка интеграција во образованието и не насилно однесување .

**Изработка на брошура за родители**

Со почетокот на учебната година училиштето ќе изготви Училишен информатор, кој ќе им биде доставен на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### Локалната средина

Училиштето има континуирана соработка со Локалната средина како еден од главните услови за успесно и квалитетно реализирање на бројни активности во склоп со програмата на училиштето и имплементација на проекти. Активностите се медиумски пропратени.

Во текот на годината ке се реализираат следните активности:

- организирање на свечена приредба за прием на првачиња на која секогаш се поканети и претставници на локалната средина;

- организирање на Новогодишна претстава проследена со доделување на пакетчиња;

- по повод Денот на дрвото засадување на садници;

- по повод Денот на шегата изработка на маски и костими;

- успешна соработка во реализиција на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, организирано од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование;

- подобрување на условите за работа во училиштето (заеднички проекти со невладини организации);

- подобрување на соработката за уредување на училишниот двор;

- соработка со библиотеката со ангажирање на локалната самоуправа за зголемување на фондот на книгите;

- поттикнување на спортот- спортски натпревари во функција на подобрување на физичкото и менталното здравје на учениците;

- организирање на културни манифестации од различен карактер;

- ораганизирање на соработка преку активности во врска со општествено корисна работа;

- учество на натпревари по различни предмети на општинско ниво;

- подобрување на наставниот процес преку семинари од едукативен карактер на ниво на општината иницирани и организирани од стручен тим на ООУ „Свети Климент Охридски”;

- заедничко решавање на тековни проблеми.
- Воспоставување партнерство со локалната средина :

2. Континуирана соработка со родителите:
   - соработка за успехот и поведението;
   - за правилно искористување на слободното време на учениците надвор од училиштето;
   - активно вклучување на родителите во културно-творечките активности на учениците;
   - спроведување на хуманитарни акции од страна на училиштето;
   - спонзорство од страна на родителите.

3. Соработка со блиски институции:
   - соработка со библиотеката во населбата;
   - соработка со градинката;
   - соработка со невладини организации
   - соработка со училиштата на општината;
   - соработка со локалната самоуправа.
   -соработка со бизнис заедницата

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

### Цел

Целта на следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно образовната дејност на училиштето е да се обезбеди стручен приод во анализирањето и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и на резултатите што се постигнуваат и врз основа на тоа да се осмислуваат конкретните мерки и стручни активности за постојано осовременување и квалитетно подобрување на воспитно- образовната работа.

### Задачи

- во училиштето ќе се воспостави систем на постојано следење и прибирање на емпириски податоци за воспитно - образовната работа што се остварува преку наставата и низ другите подрачја во воспитно образовната дејност;
- следењето да стане перманентна задача на сите субјекти кои што се вклучени во воспитно образовната дејност и да се остварува на сите нивоа од раководењето, организиранизирањето и изведувањето на наставата и на другите воспитно - образовните активности;
- непосредно ќе се следи и анализира наставата да се стави во функција на нејзино постојано унапредување;
- ќе се придонесе во усовршувањето на наставниот кадар за критичко согледување на постигањата, пропустите и недостатоците во својата воспитно образовна работа;
- постојано ќе се подигнува квалитетот на аналитичкото истражувачката работа во училиштето како и на стручната заснованост на инструктивно - советодавната работа со наставниците;
- ќе се анимира постојан интерес кај наставниот кадар за иновирање и унапредување на воспитно образовната практика во сите подрачја од дејноста;
- ќе се овозможи јавност и отвореност на работата на училиштето за сите субјекти за резултатите што се постигнуваат;
- ќе се придонесе во објективно вреднување и оценување на резултатите што се постигнуваат во наставата по одделни наставни предмети и воспитно - образовни подрачја;
- ќе се продлабочува и зајакнува мотивираноста и интересот на училиштето за постојано зголемување на квалитетот и ефикасноста на својата работа, како грижа за негово афирмирање во потесната и пошироката општествена средина

**Преглед на изготвени планови во училиштето кои ќе бидат предмет на следење и вреднување**

Следењето, вреднувањетио и унапредувањето на воспитно образовната работа ги опфаќа следните програми:

| Р.бр. | Активности | реализатори | време |
|---|---|---|---|
| 1. | програма за работа на директорот | директор | Август |
| 2. | програма за работа на психологот и педагогот | психологот, педагог | Август |
| 3. | програми за работа на стручните активи | одговорни наст. | Август |
| 4. | глобални и тематски распределенија | наставен кадар | септември-јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | програми за слободни уч. активности | наставен кадар | август-јуни |
| 6. | програми за одд. час | одд. раководители | Септември |
| 7. | програми за додатна и дополнителна | наставен кадар | септември-јуни |
| 8. | водење на педагошка евид. и докум. | директор-психолог педагог | септември-јуни |
| 9. | програма за настав. и одд. совет | директор | Август |
| 10. | програма за работа со родителите | директор-психолог, педагог | Септември |
| 11 | Наставничко досие и портфолио | Директор – психолог, педагог | Септември-јуни |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Процесот на евалуација го зема во предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Во овој процес посебно внимание ќе се обрнува на собирање на докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите на успех, со формирање на заклучоци и препораки. Доказите ќе бидат собрани преку:

- Прашалници
- Документи
- Записници и протоколи
- Дискусии
- Интервјуа
- Увид во работата на учениците
- Процесот на набљудување
- Независни евалуациони извештаи

Наставниците, воспитувачите и стручните соработници, кои се одговорни за сите активни процеси предвидени со оваа годишна програма, треба во текот на наставната година да ги следат програмите, акциските планови и плановите за евалуација и да ги поттикнуваат помошните лица, да ги мотивираат и постојано да следат доколку треба да настанат промени во планот поради разни причини (адаптација на планот) и за секоја активност да водат писмено-електронска евиденција како и полугодишен ил годишен извештај за сето што е сработено.

## 25. Заклучок

Во Годишната програма за работа на училиштето се конкретизирани активностите на ниво на училиште, начинот и носителите на тие активности, термините за нивна реализација, цели и задачи , редовни и изборни програми, дополнителна и додатна настава, воннаставни и вонучилишни активности, разни манифестации, здравствено-социјална и еколошка заштита на учениците, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување и други специфични активности што ќе се реализираат во интерес на учениците. Составен дел на Годишната програма за работа ќе бидат и инструментите за следење, анализирање и вреднување на остварените содржини од овој план и програма.

Како училиште постојано се стремиме да го подобриме квалитетот на работа во училиштето на сите субјекти во него. Најважно од се е ученикот да продолжи со своето образование, изцрпувајќи ги својот максимум во воспитанието и образованието во текот на неговото основно образование. Како таков ученикот полесно да може да одговори на предизвиците со понатамошното образование и формирање на својата личност.

Севкупниот наставен и ненаставен кадар во училиштето е постојано насочен кон доближување на позитивното влијание на родителите, преку нивно учество во разни акции, прослави, активности во училиштето и надвор од училиштето.

Професионалниот развој на наставен и ненаставен кадар овозможува модернизирање на условите во кои се одвива наставата. Настојуваме постојано да го одржуваме професионалниот однос меѓу сите структури во училиштето и таквата средина да биде плодно тло за непречена воспитно-образовна работа.

Како мало училиште учества во проекти секогаш биле со ограничени капацитети, поради малиот број на наставници и ученици но, тоа не претставува потешкотија да можеме да ги оствaруваме во рамките на нашите можности. Секогаш постои тенденција сите активности да се зголемуваат и да стекнуваме се поголемо искуство како основно училиште.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

**Златко Тапчановски – Директор**
**Анка Митревски – Психолог**
**Поликсена Илиоска – Педагог**
**Ружица Кикерекова – предметен наставник**
**Мариана Стрезовска – предметен наставник**
**Лилјана Петковска – предметен наставник**
**Даниела Пижевска – одделенски наставник**
**Радмила Р. Искова – одделенски наставник**

## 27. Користена литература

- Законот за основното образование(Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).
- Правилник за формата и содржината на  развојната и годишната програма за работа на основното училиште од 06.07.2020 година со број 18-6579/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 година со број 12-13487/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Статут на Општинското основно училиште  „Свети Климент Охридски“ Бутел Скопје, донесен на седницата одржана на ден 13.12.2019 година со број 01-285/1.

# ПРИЛОЗИ:

Прилог 1 – Програма за работа на Директорот

Прилог 2 – Програма за работа на Педагогот

Прилог 3 – Програма за работа на Психологот

Прилог 4 – Програма за работа на Дефектологот

Прилог 5 – Годишна програма за работа на Библиотекарот

Прилог 6 - Годишна програма за работа на Училишниот одбор

Прилог 7 - Програма за работа на Советот на родители

Прилог 8 – Програма за работа на Наставнички совет

Прилог 9 – Програма за работа на стручен актив на одделенска настава

Прилог 10 – Програма за работа на стручен актив од природна група предмети

Прилог 11 – Програма за работа на стручен актив од општествено јазична група предмети

Прилог 12– Програма за Самоевалуација на училиштето

Прилог 13– Програма за ученички екскурзии

Прилог 14 – Годишна програма за работа на ученичката заедница на училиштето

Прилог 15 – Програма за работа на Детската организација

Прилог 16 – Програма за грижа за здравјето на учениците

Прилог 17 – Проширена програма на училиштето

Прилог 18 – Програма за организирање разновидни воннаставни општествено-образовни активности

Прилог 19 – Програма за проектот МИО

Прилог 20 – Програма за интеграција на Еколошката едукација во македонскиот образовен систем

Прилог 21 – Програма за работа на инклузивниот тим

Прилог 22 – Програма за работа со надарени деца

Прилог 23 – Програма за работа со деца со посебни образовни потреби

Прилог 24 – Програма за превенција од Насилно однесување во училиштето

Прилог 25 – Програма за превенција од заразни болести

Прилог 26– Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии

Прилог 27– Програма за професионална ориентација на учениците

Прилог 28– Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Прилог29 – Распоред за реализација на дополнителна и додатна настава.

Прилог 30 – Подмладок на црвениот крст - 2020/21

Прилог 31 – Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

**Прилог 1**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

## С О Д Р Ж И Н А

*1. АДМИНИСТРАТИВНО ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ*

*2. ПЕДАГОШКО ИНСТРУКТИВНИ И СОВЕТОДАВНИ ЗАДАЧИ*

*3. АНАЛИТИЧКО СТУДИСКИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ*

*4. ДРУГИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРИРОДАТА НА РАБОТНОТО МЕСТО*

**ВД Директор**

**Златко Тапчановски**

Приоритетните задачи на директорот во учебната 2020/21 година ќе бидат насочени кон планирање, организирање, координирање и евалуација на сите фактори и субјекти во училиштето:

- грижа за финасиско работење;
- надзор на администрација;
- застапување на училиштето ;
- учество во изработка на извештаи;
- анализи од областа на дејноста;
- координирање на работата на органите;
- следење и анализа во работата на наставниците;
- учество во разни видови испитувања и следења во развојот на учениците;
- правење анализи од планирањето;
- вклучување во следење и развој на учениците и нивното напредување;

координирање на работата околу изведбата на сите културни и јавни манифестации во училиштето и локалната средина.

## АДМИНИСТРАТИВНО ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ | ВРЕМЕ |
|---|---|
| Изработување на концепција за изработкана Годишната програма за работа на училиштето | август, септември |
| Следење и влијание врз успехот на учениците ,поведението и одднесувањето на наставниците | континуирано во текот на учеб.год. |
| Следење и водење на педагошката документација на наставниците | септември, октомври- јуни |
| Следење на реализацијата на програмите на стручните органи | септември |
| Следење на резултатите од примената на Проектите во училиштето | континуирано |

## ПЕДАГОШКО ИНСТРУКТИВНИ И СОВЕТОДАВНИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ | ВРЕМЕ |
|---|---|
| Учество во изработка на Програмата за работа на училиштето | август-септември |
| Учество во изработка на Годишни и тематски распределеија. | август-септември |
| Учество во реализацијата на Проектите во училиштето | континуирано |
| Работа со стручните органи на училиштето | континуирано |
| Соработка со стручните работници на училиштето во врска со сите прашања од воспитно - образовната работа на училиштето | континуирано |
| Посета на часови со цел имплементација на новите Наставни програми во контекс на примена на проектите | по потреба во текот на годината |
| Соработка со ученички организации и поединци | септември-јуни |
| Учество и организирање на семинари во училиштето и надвор од него | септември- јуни |
| Соработка со БРО за стручни прашања од областа на воспитно-образовната работа и релизацијаата на проекти. | континуирано |
| Соработка со родителители | континуирано |

## АНАЛИТИЧКО СТУДИСКИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ | ВРЕМЕ |
|---|---|
| Изготвување и анализа на извештаи за резултатита на успехот и поведението на полугодие и крајот на учебната година | ноември, февруари, април, јуни |
| Проучување и анализа на глобалните и тематските планирања на наставниците | септември, октомври |
| Анализа за реализација на годишната програма за работата на училиштето | јуни |

**ДРУГИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ | ВРЕМЕ |
|---|---|
| Обезбедување материјално технички услови за работа на училиштето | континуирано во текот на учебната година |
| Соработка со административната служба на училиштето | континуирано |
| Соработка со Министерството за образование и наука | континуирано |
| Грижа за хигиената на училиштето | континуирано |
| Пратење и увид во финансиско-материјалното работење на училиштето | континуирано |
| Насочување и давање помош во организирањето на свечености и приредби во училиштето | континуирано |
| Претставување на училиштето пред соодветни органи и институции . | континуирано |

| | |
|---|---|
| Креирање на електронска колаборативна платформа со прашања и предлози | почеток на учебната година |
| Креирање профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи за комуникација меѓу наставниците, учениците и нивните родители | континуирано |
| Пристапување до интернет страни со соодветни содржини кои ќе ја потпомогнат наставата | континуирано |
| Предлози за иновации | континуирано |
| Доставување на теми за обуки до Тимот за професионален развој на наставниците во училиштето | континуирано |
| Оформување на одговорен тим за екстерно тестирање и следење на резултатите | почеток на учебната година |
| Редовни консултации за подобрување на дневните подготовки, месечни и годишни планирања и педагошка евиденција | континуирано |
| Планирање и реализирање на ‘нагледни часови‘, и консултации за применување на нови методи и техники | континуирано |

| | |
|---|---|
| Организирање на посети и предавање од дефектолог, психолог или педагог | во текот на годината |
| Десеминација на посетени семинари и обуки | во текот на годината |

Покрај овие задачи директорот ќе ги извршува и административно организаторските и други задачи кои се непосредно врзани со неговата работа и функција.

За успешна реализација на задачите, директорот ќе изготвува месечна оперативна програма.

За целокупната работа ќе се води евиденција и документација и тоа:

- дневник за работа на директорот
- дневник за посета на наставниците
- работа на органите во училиштето
- работа и соработка со учениците и родителите
- материјално финансиско работење

Покрај севкупните задачи, директорот на училиштето ќе работи кооперативно, колегијално,и заедничко-тимско работење за постигнување на повисоки резултати на учениците, наставниците и родителите.

Директорот на училиштето ке се залага за воспоставување на етички норми на однесување на релација ученик-наставник, наставник-родител, наставник-наставник, со цел подигање на културата и професионалниот однос на сите учесници во наставниот процес.

**Д И Р Е К Т О Р**

____________________

Златко Тапчановски

Прилог 2

# Годишна програма

## за работа на педагогот за учебна 2020/2021 година

Годишната програма за работа на училишниот педагог е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Основни професионални конпентенции и стандарди за стручни соработници;
- Статутот на училиштето;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2019/2020година;
- Условите , состојбата и потребите на училиштето;

Програмата содржи активности кои се распределени во следните програмски подрачја:

**1.Работа со ученици**

| **Бр.** | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| | Индивидуална и групна работа и комуникација со учениците. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| | Советодавна работа со учениците за справувањесокризниситуации. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| | Учество во работата на Тим за инклузија во училиштето и во изготвувањето на ИОП. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| | Учество при работа со ученици со потешкотии во учењето преку | Директор<br>Психолог | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | прилагодување на програмите, методите, техниките и материјалите. | Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | |
| | Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Април |
| | Поддршка при известување на родителите за уписот на првачиња и потребната документација, како и информирање на учениците и родителите за помошта и поддршката што може да ја добијат низ различните видови соработка. | Директор<br>Психолог | Април |
| | Учество при опсервација и давање на мислење за подготвеноста на децата за запишување во прво одделение и нивна припрема за во училиште. | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Дефектолог | Мај |
| | Учество во формирање на паралелки за прво одделение согласно стручни критериуми. | Директор<br>Психолог | Јуни |
| | Учество во распоредување на учениците кои го повториле одделението и дојдени од други училишта по паралелки. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| | Учество во следењена успехот и напредокот на учениците. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| | Поддршка при организирањеи реализирање активности за воочување на способностите и интересите на учениците, како и работа занивна професионална информираност, советување, ориентација и кариерно насочување:<br>- запознавање на учениците со видовите на средните училишта<br>- индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси | Директор<br>Психолог | Април<br>Мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за продолжување на образованието<br>- задавање на анкета за професионалната информираност на учениците<br>- помош и организирање на презентации на струки и занимање од државните и приватни средни училишта од градот . | | |
| | Учество во работа во ученичката заедница. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| | Предавање на тема:<br>„Суштининското значење на програмата за здравствено образование“. | Директор<br>Наставници | Септември |
| | Предавање на тема:<br>„Задавањето домашни задачи - важен сегмент на наставата“. | Директор<br>Наставници | Септември<br>Октомври |
| | Запознавање на учениците со Конвенцијата за детските права. | Директор<br>Наставници | Октомври |
| | Разговор со учениците на тема:<br>„Домашната работа – задолжителна обврска на учениците“. | Директор<br>Наставници | Континуирано |
| | Работилница: “Скршено срце“. | Директор<br>Наставници | Континуирано |
| | Работилница: Факти за СИДА-та. | Директор<br>Наставници | Декември |
| | Анкетен лист наменета за учениците<br>Тема: „Утврдување на комуникацијата помеѓу наставник и ученик“. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Март |

## 2.Соработка со наставници

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Консултативно-советодавна работа со наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 2 | Поддршка на наставниците во процесот на самоевалвација. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 3 | Консултативно-советодавна работа со наставниците за водење на педагошка евиденција и документација. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 4 | Консултативно-советодавна работа со наставниците за водење Професионалното досие и Педагошки картон | Директор | Континуирано |
| 5 | Поддршка на наставниците при изработување Годишни и Тематски наставни планирања. | Директор<br>Психолог | Август<br>Континуирано |
| 6 | Учество во изготвувањето на индивидуалени образовени планови. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Родители | Континуирано |
| 7 | Поддршка на стручните активи во изработка на програмите за работа. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Јуни |
| 8 | Следење и увид во Годишните планирања на наставниците. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Август |
| 9 | Консултативно-советодавна работа со наставниците по извршеното | Директор<br>Психолог | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | следење и увид во Годишните планирања на наставниците, евидентирањето во соодветни образци и давање повратна информација. | Дефектолог | |
| 10 | Следење и увид во Тематските планирања на наставниците. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 11 | Консултативно-советодавна работа со наставниците по извршеното следење и увид во Тематските планирања, евидентирањето во соодветни образци и давање повратна информација. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 12 | Следење на часови. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 13 | Увид во дневните планирања на наставниците . | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 14 | Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа на белешките од следените часови, дневните планирања на наставниците, евидентирање во соодветни образци и давање повратна информација. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 15 | Запознавање на наставници од прво одделение со карактеристиките на запишаните ученици во прво одделение во тековната година. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Август |
| 16 | Насоки на наставниците за документирање на постигањата на учениците. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 17 | Соработка со наставницит за идентификување, поддршка на ученици со посебни индивидуални потреби (со попречености и надарени) и соработкаа со сите | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Родители | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | релевантни фактори. | | |
| 18 | Консултативно-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник-семејство | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 19 | Учество во тимови за работа на иновативни проекти. | Директор | Континуирано |
| 20 | Иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа . | Директор | Континуирано |
| 21 | Советодавна работа со одделенски и класни раководители. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 22 | Советодавна работа со наставниците приправници и ментори. | Директор | Континуирано |
| 23 | Поддршка на наставничко-родителска соработка. | Директор<br>Психолог<br>Родители | Континуирано |

## 3.Соработка served родители

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите кои се однесуваат на разбирање за тоа како семејството, а пред се кризните ситуации влијаат на когнитивното, емотивното и социјалното функционирање и напредување на учениците и давање поддршка со посебно внимание на учениците кои имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината,како и поддршка на оние кои имаат деца со попречености. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| 2. | Вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно-образовниот процес. | Директор<br>Наставници | Континуирано |
| 3. | Едукација и поддршка на родителитеповрзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |

## 4.Соработка со заедницата

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Соработка со МОН, БРО, ДПИ, МЗ, МТСП, Општина Бутел, Центар за социјални работи, МВР, Завод за ментално здравје, Клиника за детски болести во Скопје, Поликлиника Чаир, Поликлиника Бутел. | Директор<br>Претставници на институциите | Континуирано |
| 2. | Соработка со здруженија на граѓани (здружение на училишни педагози на Град Скопје „Современ педагог“,Сојуз на пожарникари на Град Скопје, РБИЦ, АН-БЛОК. | Директор<br>Претставници на здруженија на граѓани | Континуиранио |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Соработка со стручните соработници од своето и од други училишта. | Директор<br>Стручни соработници од своето и од други училишта | Континуирано |
| 4. | Учество во планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата. | Директор<br>Претставници на институции од заедницата | Континуирано |

**5.Професионален развој и професионална соработка**

| **Бр.** | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Сопствено стручно усовршување | МОН<br>БРО<br>МЗ<br>Директор<br>Педагози<br>Наставници | Континуирано |
| 2. | ИзработувањеЛичен професионален план. | МОН<br>БРО<br>МЗ<br>Директор<br>Падагози<br>Психолози<br>Дефектолози<br>Наставници<br>Родители | Август |
| 3. | Водење сопствено Професионално досие. | Директор | Континуирано |
| 4. | Поддршка на наставниците за водење | Директор | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Професионалното досие. | Наставници | |
| 5. | Поддршка на наставниците за водењеПедагошки картон. | Директор Наставници | Континуирано |
| 6. | Учество во изработкана Програма за развој на училиштето. | Директор Стручна служба Наставници Родители | Јуни |
| 7. | Учество во изработкана Програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар. | Директор Стручна служба Наставници | Јуни |
| 8. | Учество во изработување Програма за професионална информација и ориентација на учениците. | Директор Психолог Наставници Родители | Јуни |
| 9. | Поддршка на стручните активи во подготовка и реализација на содржини согласно Годишната програма за работа на училиштето. | Директор Психолог Дефектолог Наставници | Јуни Континуирано |
| 10. | Учество и давање поддршка на училишните органи и тела (УО, Наставнички совет, Одделенски совети, Стручени активи, Совет на родители, Ученичка зедница, Детска организација, Црвен кртст и др.) | Директор Психолог Дефектолог Наставници Родители | Континуирано |
| 11. | Соработка со здружение на училишни педагози на Град Скопје „Современ педагог“. | Училишни педагози во Скопје | Континуирано |
| 12. | Соработка со стручните соработници од своето и од други училишта. | Стручни соработници од своето и од други училишта. | Континуирано |
| 13. | Учество во релизирање разни форми на едукација со воспитно-образовниот кадар. | МОН БРО МЗ Директор | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | |

**6.Аналитичко-истражувачка работа**

| **Бр.** | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Спроведување акциско истражување во однос на определување индивидуален стил на учење на учениците според ВАК моделот со цел зголемување на ефективноста на наставата (истражување, анализа, изработување извештај и презентирање надобиените сознанија). | Директор<br>Наставници | Септември |
| 2. | Спроведување акциско истражување - анкетен лист наменет за учениците на тема: „Утврдување на комуникацијата помеѓу наставник и ученик“ со цел зголемување на ефективноста на наставата (истражување, анализа, изработување извештај и презентирање надобиените сознанија). | Директор<br>Наставници | Март |
| 3. | Спроведување акциско истражувањево однос на примена на техниките за учење во наставата со цел зголемување на ефективноста на наставата (истражување, анализа, изработување извештај и презентирање надобиените сознанија). | Директор<br>Наставници | Април |
| 4. | Учество во правење анализи и извештаи во однос на успехот, редовноста, дисциплината и поведениeто на учениците на 4 класификациони периодии нивно презентирање. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Ноември<br>Јануари<br>Март<br>Јуни |
| 5. | Анализа на Годишни и Тематскитпланирања на наставниците, евидентирање во соодветни обрасци, изработување извештај и презентирање | Директор<br>Психолог | Август<br>Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на истиот. | Дефектолог | |
| 6. | Анализа на белешките и дневните планирања од следените часови, евидентирање во соодветни образци и нивно презентирање. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |
| 7. | Анализа на реализирање на додатна и дополнителна настава, подготвување извештај и презентирање на истиот. | Директор<br>Психолог | Континуирано |
| 8. | Анализа на водење дневник на паралелка, евидентирање во соодветни образци, давање повратна информација и нивно презентирање. | Директор | Континуирано |
| 9. | Анализа на водење Главна гнига, евидентирање во соодветни образци и нивно презентирање. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 10. | Учество во изработување на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето. | Директор<br>Психолог | Јануари<br>Јуни |
| 11. | Изработување Полугодишен и Годишен извештајза сопствената работа. | | Јануари<br>Јуни |
| 12. | Изработување Извештај од Личен план. | | Јуни |

**7.Училишна структура, организација и клима**

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработување Годишна програма за сопствената работа. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Јуни |
| 2. | Учество во изработување на програмите за работа на стручните активи. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Учество воизработување на Годишна програма за работа на училиштето . | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Јуни |
| 4. | Изработување Месечни планирања за сопствената работа. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 5. | Водење Хронолоши дневник. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 6. | Учество во изработување Годишни и Тематски наставни планови. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август<br>Континуирано |
| 7. | Учество во изработување на индивидуалени образовени планови. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 8. | Следење и увид во Годишни и Тематски планирања на наставниците. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август<br>Континуирано |
| 9. | Консултативно-советодавна работа со наставниците по извршеното следење и увид во Годишни и Тематски планирања, евидентирањето во соодветни образци и давање повратна информација. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август<br>Континуирано |
| 10. | Следење на часови. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| 11. | Увид во дневните планирања на наставниците . | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа на белешките од следените часови, дневните планирања на наставниците, евидентирање во соодветни образци и давање повратна информација. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| 13. | Поддршка на наставниците за водење на педагошката евиденција и документација. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 14. | Следење и увид во водење на педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 15. | Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа за водење дневник на паралелка, евидентирање во соодветни образци и давање повратна информација. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 16. | Следење и увид во водење на педагошка евиденција и документација – Главна гнига. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 17. | Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа за водење Главна гнига, евидентирање во соодветни образци и давање повратна информација.. | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 18. | Консултативно-советодавна работа со наставниците за водењеПедагошки картон | Директор<br>Наставници | Континуирано |
| 19. | Консултативно-советодавна работа со наставниците за водење Професионалното досие. | Директор<br>Наставници | Континуирано |
| 20. | Учество во процесот на самоевалуација на училиштато. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 21. | Учествово изготвувањето на Самоевалуација на училиштето. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Наставници<br>Родители | |
| 22. | Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Април |
| 23. | Учество при опсервација и давање на мислење за подготвеноста на децата за запишување во прво одделение и нивна припрема за во училиште. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Мај |
| 24. | Учество во формирање на паралелки за прво одделение согласно стручни критериуми. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Јуни |
| 25. | Залагање за недискриминација и рамноправност, како и задемократско учество на учениците во животот на училиштето. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 26. | Иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 27. | Учество во планирање и реализирање на активности од приоритетните подрача во рамките на годишната програма на училиштето во соработка со други стручни соработници. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |
| 28. | Стручна поддршка на училишните тела и органи за реализирање на активности што се тековни приоритети на образованието. | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Родители | Континуирано |

Педагог

Поликсена Илиоска

Прилог 3

# Годишната програма за работа на училишниот психолог

**Психолог Анка Митревски**

## ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА ОД РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ |
|---|---|
| 1 | Програмирање и организирање на вос. образовната работа на училиштето |
| 2 | Запишување на ученици и формирање на паралелки |
| 4 | Советодавна работа со ученици со потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби |
| 5 | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вон наставните  активности |
| 6 | Професионалнао информирање и ориентирање |
| 7 | Соработка со родителите |
| 8 | Соработка со наставниците |
| 9 | Соработка со стручните органи |
| 10 | Учество во работата на проектите- унапредување на работата во училиштето |
| 11 | Аналитичко истражувачка работа |
| 12 | Педагошка евиденција и документација |
| 13 | Соработка со институции надвор од училиштето |

**ЦЕЛИ:**

Советодавна и инструктивна работа со учениците, наставниците и родителите заради подобрување и унапредување на квалитетот во воспитно образовната работа на училиштето

## Годишна програма за работа на психологот

Годишната програма за работа на психологот е изработена врз основа на:

-Законот за основно образование;

-поставките дадени во “Основите за проограмирање на вонnаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници“ од 1998;

-годишниот извештај за работата на училиштето во 2018/19г.;

-годишната програма за работа на училиштето во 2019/20г. и

-“Инструментот за вреднување на постигањата на стручниот соработник во основното образование“

| **Подрачје: 1.Планирање и подготовка на работата на психологот** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Изготвување на годишна програма за сопствената работа<br>2.Изготвување на месечни (оперативни) програми за работа со конкретизирани содржини и активности | август<br>во тек на годината | директор, педагог, дефектолог, одговорни наставници на стручни активи |
| **Подрачје 2.Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште** | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Учество во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето<br>2.Учество во изготвувањето на Развојниот план на училиштето | мај - август | директор, педагог, наставници,<br>комисија, директор, |

| | | |
|---|---|---|
| 3.Учество во изготвување на Програма за професионален развој на воспитно-образованиот кадар<br>4.Изготвување на Програма за професионал-на информација и ориентација на учениците<br>5.Изготвување на Програма за работа со надарените ученици<br>6.Учество во изготвувањето на Програмата и планот за поддршка на учениците со емоционални потешкотии и ученици со ПОП<br>7.Учество во изготвување на програмата и планот за превенција од насилното однесување во училиштето | јуни- август<br>август<br>септември | УО,<br>тим за професионален развој<br>педагог, дефектолог<br>координатори на тимови |

**Подрачје 3.Советодавна работа со учениците**

| Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|
| 1. Следење на прилагоденоста на учениците од прво и шесто одд., како и на новодојдените ученици<br>2.Индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици (ученици со проблеми во однесувањето, со ниска самодоверба, со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство)<br>3.Советодавна работа со учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата и несоодветно се однесуваат<br>4.Примена на психолошки мерни инструмен-ти-примена на КТЗ тестот кај ученици од второ одделение кои потешко напредуваат<br>5.Поддршка, следење и унапредување на работата на Ученичката заедница<br>- Предавање и работилница со ученици од шесто одделение на тема “Техники за успешно учење“ | август<br>септември, октомври<br>во тек на годината<br>ноември | педагог,<br>наставници<br>дефектолог,стручни лица од Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС Детско село Македонија<br>педагог<br>наставници |

**Подрачје 4.Работа со ученици со посебни образовни потреби**

| Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|
| 1.Запознавање на наставниците со учениците со | септември, | наставници, |

| | | |
|---|---|---|
| посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост<br>2.Помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диферен-циран пристап во работата со овие ученици<br>3.Следење на постигањата на учениците на крајот на класификационите периоди<br>4.Советодавна работа со овие ученици и нивните родители<br>5.Соработка со Центарот за ментално здравјеи Центарот за деца со оштетен слух и говор со цел подобрување на постигањата на учениците и нивниот социјален статус во паралелките | октомври<br><br>во тек на годината<br>по секое тримесечие<br><br>во тек на годината | педагог, дефектолог, стручни лица од Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа |
| **Подрачје 5. Работа со надарени ученици** | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој<br><br>Задавање на нестандардизирана скала на проценка Пронад-скаланаоднесување<br>- помош  на наставниците при пополнување на прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик<br>2.Помош и поддршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарените ученици на часовите и нивно вклучување во додатна настава и воннаставни активности<br>3.Советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигања<br>4.Консултативно советодавна работа со родителите на овие ученици<br>5.Остварување на контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените ученици | октомври<br><br>во тек на годината | наставници, педагог,<br><br>дефектолог<br><br>стручни лица од релевантни институции |

| Подрачје 6. Работа со ученици со потешкотии во учењето | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Откривање на ученици со потешкотии во учењето (деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат или се жртви на насилно однесување, деца со емоционални потешкотии и слаба мотивација и ученици со несоодветно однесување)<br>2.Следење на нивното напредување по завршување на секој класификационен период<br>3.Инструктивно советодавна работа со овие ученици и нивните родители<br>4.Помош и поддршка на наставниците при планирање и реализација на активности на часовите во паралелките во кои се вклучени овие ученици | септември, октомври<br><br>по секое тримесечие<br><br>во тек на годината | наставници,<br>педагог,<br>стручни лица од Центар за ментално здравје и Центар за социјална работа |
| **Подрачје 7.Запишување на учениците и формирање паралелки** | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација<br>2.Работа на упис  на деца во прво одделение како член на комисијата(опсервација на децата и разговор со родителите на децата за нивниот развој)<br>3.Формирање на паралелки за прво одделение според одредените критериуми<br>4.Давање на мислење за деца кои се родени во јануари наредната година<br>6.Запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки | мај<br>мај<br>август<br>мај<br>октомври<br>во тек на годината | директор, педагог<br><br>комисија за упис-<br>наставници, педагог |

| **Подрачје 8.Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонраставните активности** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност и изготвување на извештаи и анализи<br><br>2.Помош и поддршка на наставниците во изготвување на планирањата и реализацијата на дополнителната и додатната настава<br><br>3.Водење на евиденција за изречените педагошки мерки за учениците<br><br>4.Помош и поддршка на наставниците во изготвување на програми за вонраставните ученички активности<br><br>5.Подршка на наставниците за унапредување на квалитетот на додатната настава ( редовност на учениците, постигања, евиденција на освоените места и награди од учество на општински, регионални и републички натпревари) | ноември, јануари, април, јуни<br><br>август<br><br>во тек на годината<br><br>август<br><br>во тек на годината | педагог<br><br>наставници<br><br>наставници<br><br>наставници |
| **Подрачје 9.Работа на професионална информација и ориентација на учениците** | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Примена на тестови за општи (Тифин) и специфични способности од батеријата ДАТ<br><br>2.Индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси за продолжување на образованието<br><br>3.Задавање на анкета за професионалната информираност и интересите на учениците за изборот на занимање, односно средно училиште | март,<br><br>април,<br><br>мај | педагог,**одделенски** наставници и раководители |

| | | |
|---|---|---|
| 4.Помош и организирање на презентации на струки и занимања од државните и приватни средни училишта од градот<br><br>5.Евиденција од спроведени информирања, презентации и остварена соработка со надворешни институции и субјекти | | |

| **Подрачје 10.Соработка со родителите** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Групно советување на родителите<br>чии деца имаат три и повеќе слаби оценки,нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесуваат<br>2.Советодавна работа со родители чии деца манифестираат насилно однесување или се жртви на насилно однесување, имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата или пројавуваат некој облик на несоодветно однесување<br>3.Изготвување предавања за родителски средби за актуелни проблеми од социјалниот и емоционалниот развој на учениците<br>4.Соработка со Советот на родители (излагања со стручни предавања, анализи или извештаи, организирање на работилници...)<br>-Презентација пред Совет на родители на тема “Стилови на родителство-препораки за поуспешна комуникација меѓу родителите и децата“<br><br>5. Анкетирање на родителите за избор на втор странски јазик и изборен предмет кои ќе ги изучуваат нивните деца | во текот на годината<br><br>април<br><br>мај/јуни<br><br>ноември | Директор<br><br>Педагог |

| Подрачје 11.Соработка со наставници | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Информирање на наставниците за очекуваниот напредок кај ученици кои потешко напредуваат во наставата по задавање на КТЗ тестот<br>2.Помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневни подготовки, особено при дефинирање на целите исходите, примена на соодветни наставни форми и методи на часот,примена на методите за следење и оценување на учениците)<br>3.Консултативни средби во врска со употреба на одредени форми и методи на работа при формативно и сумативно оценување<br>4.Помош на наставниците при изработка на објективни тестови на знаења и изработка на скали за оценување на резултатите од зададени тестови и контролни задачи<br>5.Педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците<br>6.Помош во пополнување на професионалното досие на наставниците<br>7.Помош во водење на наставничкото портфолио<br>8.Подршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето<br>9.Консултации со наставниците по завршена евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки<br>10.Помош и поддршка на наставниците при планирање ,задавање и следење на домашните работи (евалуација на ефектите -приоритет за оваа учебна година) | септември,<br>октомври<br><br>август<br><br>во текот на годината | наставници |

| Подрачје 12.Соработка со стручни органи | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Презентирање на извештаи и анализи за успехот, редовноста и однесувањето на учениците по завршување на квалификационите периоди – Наставнички совет | ноември, јануари, април, јуни | директор педагог, |
| 2.Презентирање на споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година( за 3 учебни години)-Наставнички совет | март | |
| 3.Презентирање на извештаи од увидот во дневните планирања на наставниците и од евалуацијата на посетените часови | јануари, април | |
| 4.Презентирање на Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето-Наставнички совет | април | |
| 5.Презентација на резултатите од студијата за процена на почетната состојба со јазичната и математичката писменост кај учениците од почетните одделенија - Стручен актив на одделенска настава | ноември | |
| 6. Извештај од акционо истражување на тема“Колку редовното пишување домашни задачи ќе придонесе за подобрување на успехот по физика во VIII одделение“- Наставнички совет | | |
| 7.Презентација пред стручните активи на тема “Ненасилна комуникација“ Цел:конструктивно решавање на конфликти и недоразбирања Очекувани ефекти:себепочитување и почитување и разбирање на сопствените и постапките на другите | март мај февруари | педагог одговорни наставници педагод предметен наствник по физика |

| Подрачје 13.Унапредување на воспитно-образовната работа | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Поддршкана одговорните наставници на стручните активи, како и одговорните наставници на ученичките организации и воннаставните активности при изготвување на годишните програми за работа | август<br>септември | |
| 2.Помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на часовите на ученичката заедница | | педагог<br>наставници |
| 3.Стручна помош на менторите и приправниците во секојдневната работа и пред полагање на стручните испити (во изготвување на годишните, тематските и дневни планирања) | во текот на годината | |
| 4.Работа на увид во изготвените објективни тестови на наставниците со цел подобрување на нивниот квалитет | | |
| 5.Анализа на планирањето и подготовките на настава, анализа на реализацијата на наставата, анализа на успехот и поведението на учениците со насоки за подобрување | | |
| 6.Евалуација на редовното задавање домашна работа- преку следење на планирањата на наставниците, посета на часови и следење на успехот на учениците | | Директор |
| 7.Работа на Самоевалуација на училиштето во својство на координатор | Во тек на годината | стручни соработници<br>наставници |

| **Подрачје 14.Аналитичко истражувачка работа** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Изготвување анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди<br><br>2.Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето<br><br>3.Изготвување извештај за сопствената работа<br><br>4.Изготвување извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изборен предмет<br><br>5.Изготвување споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол<br><br>6.Процена на јазичната и математичката писменост кај учениците од прво до трето одделение<br><br>7.Изготвување анализа и извештај по спроведена анкета за професионалната информираност и ориентација на учениците од осмо одд.<br><br>8.Изготвување извештаи по завршена посета на часови и увид во дневните планирања на наставниците<br><br>9.Работа на акционо истражување на тема “Колку редовното задавање домашна работа ќе придонесе во подобрување на успехот по физика во осмо одделение“ | ноември,јануари,<br>април,јуни<br><br>јануари,јуни<br><br>јуни<br><br>јуни<br><br>април,мај<br><br>мај<br><br>мај/јуни<br><br>во тек на годината<br><br>во тек на годината | педагог<br>предметен наставник по информатика<br><br>педагог<br><br>одговорно наставници по подрачја<br><br>педагог<br>предметен наставник<br><br>Педагог<br>Наставници<br><br>Директор<br>Педагог<br><br>Педагог<br>Предметен наставник по физика |

| | | |
|---|---|---|
| | | – Игор Сасански |

| Подрачје 15. Педагошка евиденција и документација | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Водење на сопствена(лична) евиденција и документација<br>2.Водење на педагошки картон за работата на наставниците<br>3.Водење на професионално досие на наставниците<br>4.Поддршка на наставниците при водење на педагошка евиденција и документација<br>5.Следење на водењето на педагошката евиденција и документација на наставниците<br>6.Водење евиденција за педагошките мерки на учениците | во текот на годината | наставници, педагог |

| Подрачје 16. Соработка со локална заедница и други институции | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Соработка со ПЕ на МОН<br>, со МОН, БРО, Завод за ментално здравје, Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија  и др. релевантни институции<br>Соработка со Филозофски факултет Институтот за психологија<br>-работа со студенти при реализација  практична настава, во својство на ментор<br>2.Соработка со основните и средни училишта од општината и градот<br>3.Размена на искуства со психолозите од основните училишта од општината и градот<br>4.Соработка со месната заедница и амбулантата во Чаир | во текот на годината | советници,<br>општински и државни просветни<br>инспектори,<br>колеги психолози, педагози,<br>социјални работници, дефектолог |

| Подрачје 17. Лично стручно усовршување | | |
|---|---|---|
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1.Изготвување личен план за професионален развој<br>2. Следење на стручна литература<br>3. Перманентно стручно усовршување преку посети на семинари, обуки советувања, трибини и конференции организирани од МОН, БРО и др.институции<br>4. Учество на интерни обуки и работилници во училиштето<br>5. Редовно присуство и учество во работата на секцијата на училишните психолози од градот | во текот на годината | Советници<br>Инспектори<br>Наставници<br>колеги психолози |

Психолог

Анка Митревски

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ

**Програмски подрачја за работа**

**1. Работа со ученици**

- Детекција и евиденција на учениците со ПОП
- Поддршка на учениците во учењето
- Следење и поддршка на развојот на учениците
- Професионална и кариерна ориентација на учениците

**2. Работа со наставници**

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на
- воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
- Поддршка на наставниците за работа со учениците
- **3. Работа со родители**
- Индивидуални и групни советувања со родителите
- Соработка со локалната заедница

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со локалната заедница

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

**6. Акцискоо-истражувачка работа**

- Истражување во воспитно-образовната работа
- Училишна структура, организација и клима
- Училишна структура и организација
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

**Оперативна програма за учебната 2020/2021**

| **Подрачје на активност** | **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| | Изработка на сопствена Годишна програма за работа | Дефектолог | јуни 2020 |
| | Учество во изработка на Годишната програма на училиштето<br><br>Изработка на годишна програма на училишен инклузивен тим | Стручна служба<br>Директор<br><br>Училишен инклузивен тим | јуни 2020<br><br>јуни2020 |
| **Работа со ученици** | Прием на првачиња, формирање на паралелки, прифаќање и распоредување на учениците со ПОП по паралелки | Стручна служба<br>Директор<br>Наставници<br>Родители | Август-септември 2020<br>Мај-јуни 2021 |
| | Проценка на индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП | Дефектолог | Септември-октомври 2020 |
| | Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП | Наставници | Септември-октомври 2020 |
| **Давање на соодветна поддршка и следење на напредокот** | Помош на ученикот кој започнува да се вклучува во редовното одделение за да се адаптира во средината | Наставници,<br>Стручна служба | Септември-октомври 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **на учениците со ПОП** | | | |
| | Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот<br>кој треба да се вклучи | Наставници, стручна служба | Септември-октомври 2020 |
| | Поддршка во училницата на вклучениот ученик | Наставници, стручна служба | Континуирано |
| | Водење досие за секој ученик | Наставници, стручна служба | Континуирано |
| | Изработка на индивидуални образовни програми за<br>учениците со посебни образовни потреби (ПОП) | Наставници, стручна служба | Август-септември<br>2020 |
| | Користење на диференцијација и индивидуализација со цел да се обезбеди пристап до наставните содржини | | |
| | Изработка на полугодишен извештај за работата на дефектологот | | Декември-2020 |
| | Учествува и врши ревизии на ИОП | | Ноември-2020<br>Декември 2020,<br>Март-2021<br>Мај-Јуни 2021 |
| | Изработка на годишен извештај за работата на дефектологот<br>Изработка на годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим | | Јуни-2021<br>Јуни-2021 |

| **Подрачје на активност** | **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Професионална и кариерна ориентација на учениците** | Дефектологот врши индивидуален разговор со учениците со ПОП за права на избор за понатамошно образование | Дефектолог<br><br>Стручна служба | Мај 2021 |
| | Следење, анализирање и евалуација на<br><br>напредувањето на учениците со ПОП | | |
| | Соработка со соодветните високошколски институции<br><br>за професионална помош и консултација | | |
| | Соработка со стручните служби во училиштето,<br><br>надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни<br><br>асоцијации и организации, невладиниот сектор,<br><br>општината | | |
| | Соработка со здравствени установи и институции во<br><br>полето на раното откривање, дијагностиката и<br><br>третманот на учениците со ПОП | | |

| **Подрачје на активност** | **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Непосредна работа со учениците** | Реедукација на психомоторика | Дефектолог | По потреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Развој на говорна комуникација | Дефектолог | По потреба |
| | Вежби за надминување на дискалкулија,дислексија, дисграфија, графомоторни вежби | Дефектолог | По потреба |
| | Помош при совладување на одредени наставни содржини | Дефектолог | По потреба |
| **Советодавно-консултативна работа со наставници** | Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со ПОП | Наставници | Континуирано |
| | Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| | Давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| | Стручна помош на наставниците преку обуки за идентификување на учениците со ПОП и развивање стратегии за работа со нив | | |
| | Специфична методичка помош по одделни образовни дисциплини | Наставници | Континуирано |
| | Планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП | Наставници, стручна служба | Континуирано |
| **Работа со родители** | Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби и им помага да ја разберат состојбата на нивните деца и | Родители<br>Ученици | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | да им ја дадат потребната помош и поддршка | | |
| | Поттикнување и организирање присуството на родителите на учениците со ПОП во училиштето | Родители<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| | Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | Родители<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| | Ги информира родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенифиции кои можат да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош | Дефектолог | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Соработка со заедницата** | Ги поврзува карактеристиките на учениците со формите на практична настава | Дефектолог | По потреба |
| **Соработка со други институции** | Соработка со здравствени установи и институции во<br>полето на раното откривање, дијагностиката и<br>третманот на учениците со ПОП | | Континуирано |
| | Соработка со стручните служби во училиштето, надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, невладиниот сектор,општината | | Континуирано |
| | Соработка со Сојуз за | | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дефектолози | | |
| **Професионално усовршување на дефектологот** | Посета на обуки,конференции кои ќе бидат предвидени во текот на учебната 2020/2021 година<br><br>Состанок со дефектолози кои се вработени во други училишта на ниво на Република Македонија организирани од сојуз на дефектолози | | По потреба |
| | Вршење на презентации на стручни активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со посебни образовни потреби<br><br>Изготвување на личен план за професионален развој<br><br>Следење на стручна литература | | Континуирано |
| **Акциско истражувачка работа** | Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата | Дефектолог Стручна служба | По потреба |
| **Училишна структура и организација** | Периодично ја следи изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП | Дефектолог | Континуирано |
| | Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници (Им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП) | Дефектолог | Континуирано |

**Дефектолог: Ивана Крстиќ**

**Прилог 5**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

## УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР НА

## ОУ,,КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БУТЕЛ

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Медијатеката ќе го продолжи својот континуитет во работата и оваа година учебна година 2020-2021 година. Со што ќе продолжи со надградување и осовремување на научно – технички и културено – уметнички трендови во медијатекарстството со што ќе се изврши подготовка за користењето на медијатекарниот материјал, а со тоа ќе се зачувавприматот на училишна медијарика како водечки сегмент во наставно – образовниот, воспитно – едукативниот и културно уметничкиот живот во самото училиште.

За да се реализира сето ова треба да се остварат повеќе задачи и тоа:

1.Набавка, класификација, обработка, сместување, популаризација позајмување на медијатичен материјал.

2.Реализација на годишната програма во работата на училишниот медијатекар, за работа на училиштето, наставничкиот совет, стручните активи и комисија за јавна и културна дејност на училиштето.

3.Негување на правилен однос кон книгата, развивање на културата на читањето, медијатечниот материјал, просториите на училишната медијатека, а со тоа и во училиштето, анимирање на читателите, поттикнување на позитивните интереси кај учениците.

4.Самостојно оспособување на учениците планско и организирано самоучење и самообразование.

5.Поттик кон интересот на учениците за поактивно учество во културната и јавната дејност на училиштето и општествената средина.

6.Унапредување на медијатечното – информативната дејност во рмките на училишното медијатекарство, медијатечно информативната дејност на градот и Република.

7.Водење на пропишана евиденција документација и статистика.

8.Чување заштита и грижа за медијатечниот материјал.

9.Воведување на компјутерот како составен дел на медијатечното работење.

## НАЧИН НА РАБОТА

Медијатекарската секција ја сочинуваат ученици од 5 до 9 одделение. Членувањето во медијатекарската секција е во континуитет. Нови членови вообичаено се примаат од редовите на учениците од петто одделение кои по правило треба да бидат најдобрите читатели на својата генерација. Секој член на медијатекарската секција е непосредно задолжен за едно или две одделенија, а постојат и други задолженија во рамките на работата на медијатекарската секција кои учениците ги извршуваат во своето слободно време без посебни ограничувања. Услиов за членување во медијатекарската секција е ученикот да постигнува солиден успех во читањето, да има примерно поведение, да биде добар читател, да покажува педантност во работата, да сака да другарува со книгата и сите љубители на убавиот збор. Членовите на медијатекарската секција се поделени во три групи:

1.Група сочинуваат ученици од 5-то и 6-то одделение

2.Група што ги опфаќа учениците од 6-то и 7-мо одделение кои се веќе оспособени да позајмуваат книги, да редат книги по полици, да се служат со картотека

3.Група што опфаќа ученици од 8-мо и 9-то одделение кои веќе три односно четити години учествуваат во медијатекарската секција, тие учествуваат во компјутерската база на податоци, како и во сите посложени активности, ја имаат совладано целосно работата во училишната медијатека, можат брзо и лесно да се снајдат и во секоја друга медијатека, своите знаења, умеења и искуства ги пренесуваат на помладите членови на медијатекарската секција, на членовите на медијатеката и активно учествуваат во популаризација на книгата во населбата, градот и републиката.

# КУЛТУРНО ОБРАЗОВНА И ПРОПАГАНДНА ДЕЈНОСТ

1. Во текот на учебната година ќе бидат организирани повеќе литературни читања со современи македонски писатели за деца по избор на самите читатели.

2. Во текот на учебната година ќе бидат организирани неколку изложби на книги.

3. Организирана посета на „Саемот на книгата 2019-2020 година “.

4. Групна посета на издавачката куќа и книжарницата „Детска радост“.

5. Активно учество во јавни и културни манифестации во училиштето во населбата, градот и републиката.

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЕДИЈАТЕКАРСКАТА СЕКЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2019-2020 ГОД.*

## *ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ:*

Медијатекарската секција ги анимира учениците кои имаат афинитет за медијатечно – информативна дејност, кои се добри читатели со висок степен на култура на читањето.

Учениците се запознавааат со медијатекарната дејност, практично се обучуваат да извршуваат низа активности од оваа област, помагаат во работата на училишната медијатека, другаруваат меѓу себе и со разни дејности од јавниот и културниот живот во градот и републиката учествуваат на бројни манифестации, носители на низа културни манифестации во училиштето, едноставно стануваат мали медијатекари.

## *ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМА НА РАБОТА*

1. Изготвување на годишна програма за работа.

2. Програма за работа на медијатекарската секција.

3. Изготвување на предлог планови за динамиката на обработка на задолжителните лектири по одделенијата и паралелки.

4. Учество во изготвување на програмата на јавна и културна дејност на училиштето.

5. Планирање за набавка на нов медијатичен материјал.

***НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ***

**Непосредна работа со ученици**

А. Учество во дистрибуција на новите учебници на почетокот на учебната година.

Б. Зачленување на учениците во училишната медијатека во одделенија и паралелки.

В. Позајмување на книги и развивање на правилен однос кон книгата, медијатеката, медијатичниот материјал и инвентар.

Г. Обучување на учениците за самостојно користење на училишната медијатека и други медијатеки во градот.

Д. Помагање на учениците за самостојно користење на училишната медијатека и избор на книги, откривање на нивните афинитети, насочување и анимирање.

Ѓ.Создавање на навики кај учениците за правилен однос кон книгата и медијатеката.

Е. Развивање на наставни часови во медијатеката со цели паралелки и групи .

Ж.Развивање и негување на критики и самокритички однос кон сите културни, научни, уметнички креативни и рекреативни вредности.

З. Избор и прогласување на најчитани книги и најдобри читатели.

Ѕ.Организирање на литературни читања изложби, средби, промоции.

**Соработка со наставниците стручните соработници и родителите**

1.Корелацијата на приеми и содржини во годишните програми за работа.

2.Перманентна помош во изнаоѓање на потребниот медијатечен материјал во училишната медијатека или во други медијатеки или научни културни установи.

3. Презентацијата на медијатечниотматеријал пред цели паралелки и групи .

Ж.Развивање и негување на критики и самокритички однос кон сите културни, научни, уметнички креативни и рекреативни вредности.

З. Избор и прогласување на најчитани книги и најдобри читатели.

Ѕ.Организирање на литературни читања изложби, средби, промоции.

**Соработка со наставниците стручните соработници и родителите**

1.Корелацијата на приеми и содржини во годишните програми за работа.

2.Перманентна помош во изнаоѓање на потребниот медијатечен материјал во училишната медијатека или во други медијатеки или научни културни установи.

3. Презентацијата на медијатечниотматеријал пред стручните активи.

4. Учество во работата на наставничкиот совет, стручните активи и советот на родители.

5. Учество во изготвување и реализација на јавните и културните манифестации во училиштето.

6.Постојана соработка на релација наставник – ученик – родител – медијатекар.

7. Соработка со родителите во развивањето на културата на читањето на децата и создавањето на лични и семејни медијатеки.

***МЕДИЈАТЕКАРНО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ***

1.Информирање на наставниците преку медијатекарен ѕиден информатор пред наставничката канцеларија.

2.Информирање на учениците преку простории кај медијатеката во холот на училиштето меѓу медијатеката и читалната.

3.Изготвување на тематски изложби за нови книги.

4.Средство во реализацијата на семинарот на училишните медијатекари под покровителство на Педагошкиот завод на Република Македонија.

***ВРЕМЕ НА АНГАЖИРАЊЕ***

Време во кое ќе бидат ангажирани членовите на медијатекарската секција во работата на училишната медијатека е многу флексибилно. Најчесто тоа време го определуваат самите членови на секцијата во зависност од другите обврски кои ги имаат во училиштето и дома. Со секоја од групите ќе бидат обработени теми и содржини од областа на медијатекарството. Медијатекарската секција се состанува еднаш месечно или по потреба и почесто.

***ОРИЕНТАЦИОНА ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЕДИЈАТЕКАРСКАТА СЕКЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА***

***2019 -2020 ГОДИНА***

***СЕПТЕМВРИ***

1.Формирање на секции, поделба на групи и задолженија.

2.Издавање и подредување на учебниците и издвојување на книги на помошните полици за слободен избор.

3.Зачленување на писатели и детски списанија.

4.Започнување со компјутерско работење.

5.Осмислување на активностите во рамките на месец на книгата за 2019-2020 година.

***ОКТОМВРИ***

1.Подготовка за литературно читање и проогласување на најдобрите читатели.

2.Естетско уредување на медијатеката, читалната и холот на медијатека-та.

3.Посета на НУП „Свети Климент Охридски“.

***НОЕМВРИ***

1.Подготовка за прием на нови членови.

2.Запознавање на новите членови со работата на медијатеката.

***ДЕКЕМВРИ***

1.Водење на картони на читатели.

2.Запознавање на состојбата со книжниот фонд.

3.Подготовка за одбележување на патронатот.

***ЈАНУАРИ***

1.Увид во картони на читатели.

***ФЕВРУАРИ***

1.Обработка на книга по избор.

2.Литературно читање со детски писател.

3.Подготовка за литературно читање.

4.Читање на сопствени творби од членовите.

***МАРТ***

1.Сигнатура – рачно определување.

2.Лепење на налепници со нова сигнатура.

***АПРИЛ***

1.Одбележување на 23 април– меѓународниот ден на медијатекарите.

2.Посета на Саемот на книгата.

***МАЈ***

1.Одбележување на културни манифестации во градот и републиката.

2.Грижа за книгите во медијатеката.

***ЈУНИ***

1.Подготовки за крајот на учебната година.

2.Собирање и регистрирање на издадени и вратени книги од медијатеката.

**Прилог 6**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА

## ОУ”Свети Климент Охридски”Општина Бутел - Скопје
## ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

## С О Д Р Ж И Н А

1. Вовед

2. Структура на училишниот одбор

3. Верификација на мандат

4. Начин и постапки на работа  на училишниот одбор

5. Надлежности

6. Јавност во работата

7. Преглед на активности на Училишниот одбор за учебната 2020/2021 година

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

### ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА

## ОУ,, Свети Климент Охридски,, Општина Бутел - Скопје

### ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

1. **Вовед**

Училишниот одбор е орган кој е одговорен за управувањето со училиштето. Неговата улога и состав се дефинирани со закон. Во училишните одбори се вклучени претставници на внатрешната заедница на училиштето: директор, професионален образовен кадар и родители; училишните одбори вклучуваат претставници од локалната власт. Училишниот одбор како орган на управување расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето со цел обезбедување квалитет во реализацијата на воспитно-образовниот процес, кои се во негова надлежност утврдени со Законот за основното образование, Статутот, Деловникот за работа и други подзаконски и нормативни акти на училиштето.

Годишната програма за работа на училишниот одбор за учебната 2020/2021 година е составен дел од Годишната програма за работа на ООУ „Свети Климент Охридски“- Скопје за учебната 2020/2021 год.

2. **Структура на училишниот одбор**

Училишниот одбор на ООУ „Свети Климент Охридски” брои 7 ( седум) члена и тоа:

- тројца претставници на наставниците, стручните соработници и воспитувачите;

- тројца претставници на родителите на учениците;

- еден претставници од основачот и

- двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент

**2.1. Со Решение бр. 04-329/2 од Наставничкиот совет на училиштето со непосредно и тајно гласање за членови во училишниот одбор како претставници од од наставниците, стручните соработници и воспитувачите ги избра:**

1. *Данела Салтирова Кочијева* - наставник

2. *Мирсолав Митиќ* - наставник и

3. *Мариана Стрезовска* - наставник.

**2.2. Советот на родители на седницата со непосредно и тајно гласање за членови во училишниот одбор ги избра родителите :**

*1. Мирослав Деспотовиќ* - родител

*2. Елена Симеонова* - родител

*3. Милорад Васовски* - родител .

**2.3. За член во училишниот одбор основачот-Советот на Општината Бутел со Решение бр.07-181/7 го именува:**

*1. Јулијана Колчева*

Учениците кои ќе бидат претставници ќе бидат избрани на првиот состанок на Учничкиот Парламент.

**3. Верификација на мандат**

На претставниците на наставниците, стручните соработници и воспитувачите, родителите на учениците и основачот мандатот трае три години.

За претседател на училишниот одбор едногласно од сите членови е избрана Милорад Васовски, а за заменик претседател Мариана Стрезовска. Записничар на седниците е Гоце Коцев.

За зголемување на ефикасноста во сопственото функционирањето училишниот одбор формира комисии, ги именува и разрешува нивните членови, го утврдува нивниот делокруг на работење .

Задача на комисиите е поконкртено, ефикасно и компетентно да разгледуваат и анализираат одредени прашања и проблеми и да сугерираат решенија. Комисиите можат да бидат со постојан и со времен карактер.

**4. Начин и постапки на работа на училишниот одбор**

Прашањата кои се однесуваат на начинот и на постапката за работа на училишниот одбор, свикувањето, подготвувањето и водењето на седниците, донесувањето на одлуките, евидентирање во текот на седниците, како и многу други прашања поврзани со неговата работа се уредени со Статутот на Училиштето.

Училишниот одбор може полноважно да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината негови членови.

Училишниот одбор одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови .

**5. Надлежности**

Училишниот одбор ги има следните надлежности:

**5.1. Законодавна-правна дејност:**

- следење и примена на законските прописи и одредби од областа на образованието, работните односи , финасовото работење , јавните набавки;

- донесува статут на училиштето, правилници , деловници и сите други општи акти.

**5.2. Стратешки документи за дејноста образование:**

- предлага годишна програма за работа на училиштето до основачот-советот на општината;

- донесува програма за развој на училиштето;

- донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми.

**5.3. Материјално финансово работење:**

- предлага финансиски план за работа на училиштето со средствата од блок дотацијата и од самофинансирачките активности до основачот – годишен и квартален, негова измена, дополнување и проширување;

- надзор над финансовото работење во училиштето преку извештаи за тековното материјално и финансово работење,

- предлага завршна сметка до основачот-советот на општината;

- одговорен за координирање на активностите за собирање на дополнителни средства кои ќе го дополнат училишниот буџет.

**5.4. Надлежности во постапката за избор на директор**

- превзема активности за организирање и спроведување на законска процедура за избор на директор во училиштето;

- донесува одлука за објавување оглас за избор на директор на училиштето;

- прием на документите на кандидатите во времетраењето на огласот;

- формира комисијата за реализација на дел од активностите околу постапката за разгледување на документите на кандидатите;

- со претставник од бирото за развој на образованието врши интревју со кандидатите за директор;

- предлага на градоначалникот еден, односно двајца кандидати од пријавените кандидати за објавениот јавен оглас  за избор на директор.

**5.5. Надлежности од областа на работните односи:**

- дава мислење до директорот за избор на наставници,стручни соработници и воспитувачи по објавен јавен оглас ,а врз основа на обезбедена согласност за вработување од министерството за образование и наука и министерството за финансии.

- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на вработените во училиштето;

- одлучува по приговорите  и жалбите на вработените во основното училиште кога сметаат дека не им се обезбедени правата од работен однос или  се крши  кое било од нивните права.

**5.6. Следење на квалитетот и резултатите на воспитно-образовниот процес:**

-донесува одлука за формирање Комисија која го координира процесот на  самоевалуација на работењето на училиштето;

-го подржува и обезбедува професионалниот развој на вработените;

-бара податоци и извешати за резултатите што ги постигнуваат учениците во наставната година;

-до советот на општината предлага  извештај за успехот во работењето на училиштето на полугодието и на крајот на тековната учебна година;

-достава  на извешати за работа до МОН и Бирото за равој на образованието.

**5.7. Ученички  и  детски права:**

- обезбедување реализација на правата на учениците според законот за основно образование и Конвенцијата за правата на детето;

-гарантирање на безбедност и еднаквост за  образование на децата;

-одлучува по жалбите на учениците, родителите, односно старателите на учениците;

**5.8. Соработка со МОН, локалната самоуправа и родителите:**

- комуникација со министерството за образование и неговите органи;

- локалната самоуправа-основачот, градоначалникот;

- непосредно со месните заедници;

- невладини организации и здруженија.

**6. Јавност во работата**

Седниците на Училишниот одбор се јавни.

По правило, на седниците на Училишниот одбор присуствуваат само членовите на училишниот одбор но за одредени прашања можат да бидат поканети и во работата да учествуваат директорот, секретарот, претставникот од синдикалната организација и други вработени во училиштето и други лица.

Јавноста може да биде исклучена само кога училишниот одбор расправа и одлучува за работи што претставуваат тајна утврдена со Сатутот на училиштето.

**ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

| Ред. Бр. | Содржини и активности | Време на реализација | Носители на активности |
|---|---|---|---|
| 1. | Разгледување и предлагање на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2020/2021 година<br>Годишна програма за работа на УО<br>План за екскурзии<br>Донесува програма за развој на училиштето | Јули | Директор,<br>Комисија-тим,<br>Стручен тим<br>Училишен одбор |
| 2. | Мислење за избор на наставен кадар за учебната 2020-2021 г. | Октомври-декември и по потреба во текот на целата учебна година | Комисија за прием на документи,<br>Училишен одбор |
| 3. | Формирање на пописна комисија | Ноември-декември | Директор<br>Училишен одбор |
| 4. | Предлог финансов план за ср.од блок дотацијата и самофинансирачките активности за 2020 година | Ноември-декември | Директор,<br>секретар,<br>книговодител<br>училишен одбор |
| 5. | Разгледување и планирање на идни дејствија за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | Декември | Директор,<br>Комисија,<br>Училишен одбор |
| 6. | Разгледување на постигнатиот | Јануари | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | успех во првото полугодие за учебната 2020/2021 | | Училишен одбор |
| 7. | Разгледување и усвојување на извештајот од пописната комисија | Февруари | Директор,<br>Комисија,<br>Училишен одбор |
| 8. | Извештаи за финансиското работење:<br>- годишен | Февруари | Директор,<br>Училишен одбор |
| 9. | Предлог- завршна сметка до основачот | Февруари | Книговодител,<br>Училишен одбор |
| 10. | Разгледување и одлучување по приговори и жалби од вработените | По потреба во текот на целата учебна година | Училишен одбор |
| 11. | Разгледување и одлучување по приговори и жалби од учениците и родителите (старатели) | По потреба во текот на целата учебна година | Училишен одбор |
| 12. | Разгледување и одлучување по приговори и жалби од понудувачи на услуги | По потреба во текот на целата учебна година | Училишен одбор |
| 13. | Координирање на активнисти за обезбедување на дополнителни средства<br>-новогодишен хепенинг,<br>-велигденски хепенинг,<br>-други активности. | Декември,<br>Април,<br>мај | Училишен одбор<br>Директор<br>Наставници<br>Ученици<br>Родители |
| 14. | Разгледување и предлагање на годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2020/2021 | Јуни | Директор<br>Училишен одбор |
| 15. | Подготовки за изработка на годишната програма за работа на училишниот одбор за учебната 2020/2021 год. | Јуни-Јули | Директор,<br>Комисија,<br>членови на училишен одбор |

***За реализација на планираните активности ,клучна е взаемноста и координираноста на активностите на директорот како раководител на училиштето и училишниот одбор како орган на управување во согласност со законските прописи.***

Прилог 7

# Програма за работа на Советот на родителите за учебната 2020/2021 година

| Р. бр. | Прогрмски содржини | Време | Извршители |
|---|---|---|---|
| 1 | Усвојување на програмата за работа<br>- избор на претседател , заменик и секретар | 09 – 2020 | Директор |
| 2 | Запознавање на родителите со воспитно – образовната работа на училиштето<br>- задолжителна настава<br>- изборни предмети | 09 – 2020 | Директор |
| 3 | Запознавање со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2020/2021 година | 09 – 2020 | Директор<br>Педагог |
| 4 | Организациски прашања за работата во училиштето<br>- куќен ред<br>- исхрана на учениците<br>- детски печат<br>- соработка со родители во однос на нивните ставови , предлози , иницијативи за организацијата и животот во училиштето<br>- материјалната оптовареност на родителите<br>- безбедноста на учениците | 10 – 2020 | Директор<br>Педагог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Анализа на соработката на училиштето и семејството<br>( забелешки , сугестии за унапредување и надминување на проблемите) | 11 – 2020 | Директор<br>Педагог |
| 6 | Извештај за постигнатите резултати во првото полугодие , анализа на успехот и поведението на учениците | 12 – 2020 | Директор |
| 7 | Реализација на здравствена и социјална заштита за учесниците на : ескурзии , излети , организирање на хуманитарни акции за социјално загрозени учесници | 01 – 02. 2021 | Директор<br>Родители |
| 8 | Запознавање со ефектите и резултатите од иновациите и експерименталните истражувања | 03. 2021 | Директор |
| 9 | Интеракција помеѓу родителите и училиштето<br>- проблеми кои настануваат при решавање на домашните задачи , разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето<br>во учебната 2020/2021 год<br>- средба со родителите на наградените и пофалените ученици<br>- анкетирање на родителите | 04 – 05. 2021 | Директор |
| 10 | Предлози , идеи , мислења за сите научни области и дискусија по истите | 06 – 2021 | Родители |

Прилог 8

# Програма за работа на Наставнички

# и Одделенски совет

**План за работа на Наставничкиот совет**

**Задачи :**

- Ја разгледува Годишната програма за работа и го следи нејзиното усовршување ;
- Го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на стручните органи ;
- Го разгледува и утврдува остварувањето на Планот и Програмата и превзема мерки за нивно извршување ;
- Донесува одлуки по приговори на ученици за утврдени оценки ;
- Формира повремени и постојани комисии

  Постојани комисии се :

  - Комисија за соработка со родителите на учениците ;
  - Комисија за организирање на излети и екскурзии ;
  - Комисија за културно забавна работа на учениците

  Привремени комисии се :

  - Комисија за запишување на ученици ;
  - Комисија за спроведување на поправни испити

- Одобрување на екскурзии ;
- Одобрува отсуство на учениците ;
- Доделува награди на учениците за постигнат успех во и надвор од училиштето ;
- Анализира и оценува работа на Одделенски совети , одд. раководители и Стручни активи во училиштето .

**Оперативна програма за работа на Наставничкиот совет**

| | |
|---|---|
| **1 – ва седница**<br><br>**Август** | - подготовка за свечен почеток на новата учебна година ;<br><br>- формирање комисија за изготвување на предлог – програма за работа на училиштето и на Наставничкиот совет во уч . 2020/2021 год.<br><br>-формирање на паралелки , распределба |
| **2 - ра седница**<br><br>**август** | -Разгледување на Годишната програма за воспитно – образовната работа на училиштето<br><br>- избор – реизбор на членови , претседател и записничар на Наставничкиот совет ;<br><br>- подготовки , планирање , распределба на задолженија на стручните активи ;<br><br>- утврдување на задолженија на наставниците во делот на Годишната програма ;<br><br>- одредување на дежурства ;<br><br>- прецизирање на куќниот ред , неговото истакнување , сугестии и усвојување . |
| **3 – та седница**<br><br>**Октомври** | -план за прослава на 11 – ти Октомври – ден на востанието на мак. народ;<br><br>- планирање на родителски средби ;<br><br>- оценување на учениците – усогласување на критериуми и преземање мерки за стимулирање на учениците ;<br><br>- прогласување на првите победници од натпреварот „ Најубава училница “ ;<br><br>- формирање на постојани комисии на Наставничкиот совет ;<br><br>- разгледување на извештајот од извршниот педагошки увид<br><br>стручна тема : **по договор .** |
| **4 – та седница** | - анализа на резултатите од наставно – |

| | |
|---|---|
| **Ноември** | воспитната работа во првото тромесечие од учебната година – осврт на успехот , редовноста и дисциплината ;<br>- подготовки за Денот на училиштето;<br>- извештај од увидот во одделенските книги и анализа за реализираните наставни часови |
| **5 – та седница**<br>**Декември** | - донесување на програма за прослава на Нова Година ;<br>- анализа на работата на Одд.совети и на одд. раководители<br>-разгледување на опременоста на училиштето со наставни средства , опрема и други помагала ;<br>-тековни пршања . |
| **6- та седница**<br>**Јануари** | - договор за можноста за организирано зимување ;<br>-разгледување на анализата за резултатите од образовната функција ;<br>- анализа на успехот , поведението и редовноста на учениците  во првото полугодие<br>стручна тема : **по договор** |
| **7 – ма седница**<br>**февруари** | - разгледување на извештајот за успехот и поведението на учениците  во првото полугодие и преземање мерки за негово подобрување ;<br>-анализа на работата на стручните активи ;<br>- разгледување на извештајот од извршениот увид во дневните подготовки ;<br>мерки и конкретни активности за санација на состојбата<br>стручна тема : по договор |
| **8 – ма седница**<br>**Март** | -анализа на успехот и поведението на учениците во третото тромесечие ;<br>- информација за подготовките и учество на училишни и вонучилишни натпревари ;<br>- реализација и изведување на ученички екскурзии |

| | |
|---|---|
| | . |
| **9 – та седница**<br><br>**Април** | - оцена на реализацијата на истражувачките проекти;<br><br>ревијална презентација на СУА ;<br><br>сумирање на резултатите од натпреварите , предлози за пофалби , награди и др . |
| **10 – та седница**<br><br>**Мај** | - утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2020/2021 год.<br><br>- анализа на успехот ;<br><br>- анализа на поведението и редовноста на учениците ;<br><br>- анализа на реализацијата на наставните планови и програми ;<br><br>- анализа на реализацијата на Годишната програма на воспитно образовната работа во учебната 2020/2021 год . |

Прилог 9

ООУ „Свети Климент Охридски“-Бутел, Скопје

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

учебна 2020/21 година

Стручниот актив на одделенска настава е стручно тело во училиштето чии задачи произлегуваат од Законот за основно образование на Република Северна Македонија и Статутот наООУ„Свети Климент Охридски”– Бутел, Скопје.

**Цел**-Унапредување и осовременување на воспитно образовниот процес, стручно усовршување на наставниот кадар,размена на искуства,напредок на учениците и зајакнување на соработката со родителите

**Приоритети**

- Унапредување и осовременување на наставата преку едукација на наставниот кадар, примена на техники на учење, методи, форми,ИКТ и други иновации во наставата, посета на обуки, организирање интерни обуки,предавања
- Вклучување во проектни активности
- Зајакнување на сорабоката со родителите

За остварување на целта и приоритетите Стручниот актив на одделенски наставници ќе одржува редовно состаноци, ќе следи тековни промени во образованието, ќе учествува во организирање и реализација на активности во училиштето и локалната средина.

**Во учебната 2020/2021Стручниот актив ќе соработува со:**

- Стручните активи на предметна настава
- Секторот за образование,култура,спорт и млади на Општина Бутел
- Предучилишни установи и основни училишта од општината Бутел
- Невладини организации во општината
- Општинска организација на Црвениот Крст-Бутел и град Скопје
- Други институции

**Членови на Стручниот активна одделенска настава на училиштето:**

| | |
|---|---|
| **второодд.** | Весна Пенева, Весна Гавриловска Аврамовска, Ивана Јакимовска |
| **третоодд.** | Александра Ничевска Бадаревска, Даниела Салтирова Кочијева |
| **четвртоодд.** | Даниела Пижевска, Хилда Јаневска |

| | |
|---|---|
| **петтоодд.** | Сузана Младенова, Мирослав Митиќ, Маја Дрндаревска |
| **првоодд.** | Снежана Петреска, Маја Димковска, Васка Тошевска Момироска |
| **Комбиниранапарал.** | Оливера Божиновска,Вера Атанасовска,Весна Ивановска |
| **Дневен престој** | Радмила Радевска Ивкова,Елеонора Милошевска |
| **Стручна служба** | Поликсена Илиоска-педагог, Анка Митревски -психолог, Ивана Крстиќ-дефектолог |
| **Директор** | Златко Тапчановски |

## ОПШТА РАМКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА АКТИВОТ

| **Цели** | **Активности** | **Иновации/Очекувани резултати** |
|---|---|---|
| *Спроведување и следење на ефектите на адаптираната програма од Кембриџ по предметите математика и природни науки | *Планирање, реализирање и посета на отворени часови<br>*Изготвување планови и програми-долгорочни,среднорочни<br>* Евидентирање недоследности во програмите и преземање мерки за нивно отстранување<br>* Изработка на современи наставни средства и помагала<br>*Изработка на наставни листови, контролни, тестови | *Осовременување на наставата - Настава по мерка на ученикот |
| * Перманентно следење и оценување на учениците со различни инструменти, показатели, стандарди,критериуми | *Изработување на инструменти за формативно оценување | *Реално, транспарентно и ефикасно оценување на уч-те во согласност со Кодексот за оценување и стандарди од БРО на РМ |
| * Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на знаења стекнати на обука | *Размена на идеи<br>*Разгледување дневни подготовки<br>*Организирање отворени часови и работилници | *Користење современи стратегии во наставата и подобрување на јазичната писменост-читање и пишување |
| *Обезбедување на потребните ресурси за | *Консултации и договор за | *Примена на нагледни средства и помагала во |

| | | |
|---|---|---|
| реализација на новите наставни програми | обезбедување на потребни ресурси | наставата со можност учениците самостојно да доаѓаат до применливи и трајни знаења |
| * Поттикнување  и мотивирање на наставниците за сопствено напредување во кариерата | * Преземање активности и постапки за сертификација<br>*Вклучување на наставниците во проекти, семинари, дисеминации | *Создавање клима и услови за стручно унапредување на наставниот кадар да одговори на предизвиците на современата настава |
| *Промовирање на учениковите способности, знаења и вештини | *Вклучување на учениците од различен пол, етничка припадност и воннаставни активности<br>*Организирање натпревари, квизови на знаења, конкурси, литературни читања, изложби<br>*Соработка со медиуми | *Создадени услови и позитивна клима за напредок на ученикот во според своите потреби, можности и афинитети<br>*Углед на училиштето во локалната средина |
| *Зголемување на степенот на воспитната улога во образовниот процес, посветеност и внимание на односот ученик-наставник-родител | *Соработка со стручната служба (педагог, психолог, дефектолог), наставници,родители,<br>ученици | *Заедничко решавање на проблемите на учениците, создавање клима на заемна доверба и соработка |
| * Подобрување на успехот и дисциплината | *Разрешување на проблемите во воспитно –образовниот процес | *Создавање мотивирачка средина каде што учениците ќе ги развијат своите афинитети |
| * Преземање активности за меѓуетничка интеграција во образованието | * Учество во заеднички активности од МИО со партнер-училиштето<br>*Преземање активности во паралелката-содржини од Животни вештини и др. наставни предмети,отворени часови | * Создадена клима за заемна толеранција, почитување и соживот на учениците од различна етничка припадност |
| * Спроведување на проектот за ненасилно однесување на учениците | *Стручни предавања<br>*Презентации од невладини | *Создавање безбедна средина за учење каде што конфликтите ќе се |

| | | |
|---|---|---|
| | институции<br>*Реализирање работилници и часови | решаваат на мирен и конструктивен начин |

**КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ НА АКТИВОТ**

| Цели | Активности | Реализатор | Време | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| -Унапредување на воспитно-образовната работа<br>- Реализација на Годишната програма за работа на Стручниот актив<br>-Усогласување на критериуми за оценување на учениците | -Разгледување и усвојување на програмата за работа на Стручниот актив Споредба на посебните критериуми, разговор, дискусија за усогласување на истите | -Одговорен наставник на Стручен актив;<br>-Наставници/ члeновина Стручниот актив. | VIII | -Предлог Годишна програма за работа на Стручен актив на одделенска настава;<br>-Критериуми за оценување<br>-Стандарди од БРО<br>-Стручна литература | -Примена на иновации и современа настава;<br>-Стручно усовршување на наставниот кадар<br>-Објективно оценување, примена на критериумите на оценување |
| Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час: Македонски јазик<br>-Дискусија за одржаниот час<br>Нагледен час: Користење на кооперативни техники за подобрување | -Хилда Јаневска<br>-Вера Атанасовска | IX | Стручна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на наставата во комбинирана паралелка | -Наставници/ членовина Стручниот актив | | | |
| Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образов. процес | Нагледен час: Македонски јазик<br>-Дискусија за одржаниот час<br>Нагледен час: Природни науки<br>-Дискусија за одржаниот час | -Маја Дрндаревска<br>-Ивана Јакимовска<br>-Наставници/ членовина Стручниот актив. | X | Стручна литература, прирачници, дополнителна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |
| Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час: Македонски јазик<br>-Дискусија за одржаниот час | -Сузана Младенова<br>-Наставници/ членовина Стручниот актив | XI | Стручна литература, прирачници, компјутери, пребарување, употреба на апликации | Иновирање на наставата, примена на ИКТ во наставата |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час: Македонски јазик<br>-Дискусија за одржаниот час | -Мирослав Митиќ<br>-Наставници/ членовина Стручниот актив | XII | Стручна литература, компјутери | - Примена на знаења преку осовременува ње на наставата |
| Да се истакнат кооперативните техники и умеења | Нагледен час: Македонски јазик | -Даниела Пижевска | I | Стручна литература, прирачници, дополнителна | - Примена на знаења преку осовременува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стекнување на нови знаења | Нагледен час:<br>Физичко и здравствено образование<br><br>-Дискусија за одржаниот час | -Александра Ничевска Бадаровска<br><br>-Наставници/ членовина Стручниот актив | | литература | ње на наставата |
| Стекнување на нови знаења | Нагледен час:<br>Македонски јазик<br><br>Нагледен час:<br>Ликовно образование<br><br>-Дискусија за одржаниот час | -Снежана Петреска<br><br>-Васка Тошевска Момироска<br><br>- Наставници/ членовина Стручниот актив | II | Стручна литература, прирачници, дополнителна литература Користење на компјутери | - Примена на знаења преку осовременување на наставата Иновирање на наставата, примена на ИКТ во наставата |
| Стекнување на нови знаења | Нагледен час:<br>Музичко образование | - Весна Пенева<br><br>- Наставници/ членовина Стручниот актив | III | Прирачници, дополнителна литература Користење на компјутери | - Примена на знаења преку осовременување на наставата, примена на ИКТ во настава |
| Да се истакнат кооперативните техники и умеења | Нагледен час: Користење на кооперативни техники за подобрување на наставата во комбинирана | -Оливера Божиновска<br><br>-Весна Ивановска<br>- Наставници/ | IV | Стручна литература, употреба на помошни и други нагледни средства, соодветно за | -Користење на нивоата на когнитивно барање<br>- Стекнување на знаења преку |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | паралелка<br><br>-Дискусија за одржаниот час | членовина Стручниот актив | | техниката | осовременување на наставата |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час:<br>Општество<br><br>-Дискусија за одржаниот час | -Маја Димковска<br><br>-Наставници/ членовина Стручниот актив | V | Стручна литература, Користење на компјутери, употреба на апликации и симулации | Примена на знаења преку осовременување, примена на ИКТ во наставата |
| Анализа на постигнатиот успех со објективното оценување | -Дискусија за реализација на наставните планови и програми и постигнатирезултати на активот | -Наставници/ членовина Стручниот актив. | V- VI | -Извештај за успехот од второто полугодие<br>-Извештај за работата на стручниот актив | Самоевалвација на работата на наставниците |

**За унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес активот ќе реализира стручни предавања/работилници:**

| Активност | Реализатор | Цел | Време | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Стручно предавање | Даниела Салтирова Кочијева<br>-одд. наставник | Да се запознаат со значење на програмата за здравствено образование во секојдневниот живот | IX | Елиминирање на предрасуди и поттикнување на наставниците за усовршување на ваквиот тип на настава. |
| Стручно предавање | Весна Гавриловска Аврамовска | | X | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -одд. наставник | | | |
| Стручно предавање<br>Суштинското значење на програмата за здравствено образование | Поликсена Илиоска-педагог | | XI | Примена на соодветни пристапи и нови воспитно-образовни методи.<br><br>Меѓусебна соработка и размена на искуства во наставниот процес. |
| Стручно предавањеХиперактивно однесување | Ивана Крстиќ-дефектолог | Да се оспособат наставниците да ги препознаваат хиперактивнидеца. | XII | |
| Стручно предавање | Радмила Радевска Ивкова -одд. наставник | | IV | |
| Стручно предавање | Анка Митревски -психолог<br>Инклузивен тим | Да се запознаат со соодветни пристапи и нови воспитно-образовни методи за работа со деца со посебни образовни потреби. | V | |

**Забелешка:**Годишната програма ќе биде флексибилна во зависност од промените во образованието и потребите на училиштето. Доколку има потреба оваа програма можно е да претрпи промени и дополнувања. Евентуалните промени ќе се извршат во соработка на Активот со стручната служба на училиштето.

**Одговорен наставник:**

<u>Маја Дрндаревска</u>

**Прилог 10**

**Програма за работа на стручниот актив – Природна група предмети**

**за учебна 2020/21 година ООУ. Свети Климент Охридски- Бутел**

| **Цели** | **Активности** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| -Унапредување на воспитно-образовната работата<br>- успешна реализација на Годишната програма за работа на стручниот актив | - Разгледување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив | - Претседателот на активот;<br>-Наставници од стручниот актив | Август | -Предлог годишна програма за работа;<br>-Годишни програми по предмети | -Подобрување на квалитетот на наставата и успехот на учениците;<br>-Издигање на активот на достојно ниво на стручно тело;<br>-Стручно усовршување на наставниот кадар |
| Усогласување на критериуми за оценување на учениците | Споредба на посебните критериуми, разговор, дискусија за усогласување на истите | -Наставници од стручниот актив, педагог | Септември | Критериуми за оценување<br>Стандарди од БРО<br>Стручна литература | Објективно оценување, примена на критериумите на оценување |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час: Иновирање на наставата, примена на ИКТ во наставата | -Марина Ѓорѓиева<br>Географија<br>-Наставници од стручниот актив | Септември | Користење на компјутери, пребарување, употреба на апликации | Иновирање на наставата, примена на ИКТ во наставата |
| Стекнување на | Нагледен час од наставната програма | -Јасминка | Октомври | Прирачник, дополнителна | -Подигнување на квалитетот на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| нови знаења | по хемија | Вељковска<br>Хемија<br>-Наставници од стручниот актив | | литература, стручна литература | работата на наставниците |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Предавање за „Хиперактивно однесување на учениците“<br>- Дискусија за одржаното - | -Ивана Крстиќ<br>дефектолог<br>-Наставници од стручниот актив | Ноември | Стручна литература, компјутери | -Подигнување на квалитетот на работата на наставниците<br>-Стекнување на знаења преку осовременување на наставата |
| Да се истакнат кооперативните техники и умеења | Нагледен час од наставната програма по информатика | Билјана Антовска Симоновска<br>Информатика<br>-Наставници од стручниот актив | Ноември | Стручна литература, прирачници, дополнителна литература | - Стекнување на знаења преку осовременување на наставата |
| Стекнување на нови знаења | Нагледен час од наставната програма по математика.Дискусија за одржаниот час. | Маја Автовска<br>Математика | Декември | Стручна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Нагледен час од наставната програма по природни науки.Дискусија за одржаниот час. | Јасминка Вељковска<br>Природни науки -5 | Декември | Нагледни средства ,стручна литература | Стекнување на знаења преку осовременување на наставата |
| Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Дискусија за успешна реализација на наставните планови и програми | - Наставници од стручниот актив, педагог | Декември | Извештај за успехот од првото полугодие | Насоки и идеи за подобрување на успехот |
| Успешна реализација на воспитно – | Иновирање на наставата, примена | -Лилјана Петковска | Февруари | Стручна литература, Користење на | Развивање на еколошката свест кај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| образовниот процес | на ИКТ во наставата<br>-Дискусија за одржаниот час | Природни науки<br>-Наставници од стручниот актив | | компјутери, употреба на апликации и симулации | учениците, примена на ИКТ во наставата |
| Да се истакнат кооперативните техники и умеења | Нагледен час: Користење на кооперативни техники за подобрување на наставата<br>-Дискусија за одржаниот час | Физика<br>-Наставници од стручниот актив | Февруари | Стручна литература, употреба на помошни и други нагледни средства, соодветно за техниката | -Користење на нивоата на когнитивно барање<br>- Стекнување на знаења преку осовременување на наставата |
| Стекнување на нови знаења | Нагледен час:<br>Работна задача по техничко образование | -Оливера Костадинова<br>Техничко образование | Март | Соодветен прибор (алат) и материјали за работа | - Стекнување на знаења и вештини за изработка на макета |
| Стекнување на нови знаења, практична изведба, развивање на еколошка свест | Нагледен час од наставната програма по иновации | -Јасминка Вељковска<br>Иновации | Март | Стручна и дополнителна литература, интернет | Стекнување на нови знаења и инструменти на маркетинг |
| Стекнување на нови знаења, практична изведба | Нагледен час од наставната програма по биологија | -Лилјана Петковска<br>Биологија | Април | Стручна и дополнителна литература, интернет | Стекнување на нови знаења - истражување |
| Анализа на постигнатиот успех со објективното оценување | -Дискусија за успешна реализација на наставните планови и програми<br>-Дискусија за постигнатите резултати на стручниот актив | - Наставници од стручниот актив, педагог | Мај-Јуни | -Извештај за успехот од второто полугодие<br>-Извештај за работата на стручниот актив | Самоевалвација на работата на наставниците |

Претседател на стручен актив: Лилјана Петковска

Прилог 11

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОПШТЕСТВЕНО – ЈАЗИЧНА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Разгледување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив на општествена група на предмети;* | 1.Унапредување на воспитно - образовната работа<br>2.Активности за спроведување и успешна реализација на Годишната програма за работа на стручниот актив | - претседател на стручниот актив: Татјана Цветковска;<br>- членови на стручниот актив | **Август** | - Предлог програма за работа<br>- Практични искуства и согледување | Имплемента-ција на сознанијата од досегашно искуство<br>Подобрување на квалитетот на наставата и успехот на учениците |
| *Нагледен час:*<br>*“Употреба на формите на показните придавки”* | Употреба на<br>Современи техники на учење и ИКТ | -Мариана Стрезовска (наставник по француски јазик)<br>-членови на стручниот актив | **Септември** | Учебник<br>Креди<br>Компјутер<br>Стручна литература | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Нагледен час:* *”Животот на човекот во камено време“* | Примена на современи техники на работа(Т-метода и Есеј) | - Мариана Стрезовска (наставник по француски јазик) -Членови на стручниот актив | **Октомври** | Учебник Креди Компјутер Стручна литература | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| *Нагледен час:* *“Мода – облека и модни додатоци,за менски форми one/ones (ИКТ)”* | 1.Усвојување на знаења за различните видови облека и примена на методите и техниките за совладување на граматички структури | -Ружица Кикерекова (наставник по англиски јазик) -Членови на стручниот актив | **Ноември** | - Фотокопира-ни материјали -Видео материјали | Дискусија за рамена на искуства и подобрување на наставата |
| *Нагледен час:* *“Обработка на структури за искажување на навики во минатото (Used to) ”* | 1.Примена на методите и техниките за совладување на граматички структури | -Катерина Богданова (наставник по англиски јазик) -Членови на стручниот актив | **Декември** | Учебник Креди Компјутер Стручна литература | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| *Нагледен час:* *“Обработка на бројни и небројни именки”* | Усвојување на граматички структури преку употреба на различни техники | -Светлана Стојкова (наставник по англиски јазик) -Членови на стручниот актив | | Учебник Работни листови Табла Креда | Идеи за примена на оваа техника во друг вид на наставни содржини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Нагледен час:* *Интегрирање на наставен час по македонски јазик со содржини од наставните предмети:* *историја, англиски јазик и ликовно образование* *Тема- Хронолошко раскажување* | 1.Усвојување на нова наставна содржина со интегрирање на содржини од други наставни предмети | -Татјана Цветковска (наставник по македонски јазик) -Членови на стручниот актив | **Јануари** | -Учебници по македонски јазик, историја и англиски јазик -Работни листови -Смарт табла | Успешна интерактивна настава со слични содржини од други наставни предмети за поквалитетно усвојување на нова наставна содржина -Подигање на квалитетот на наставата и соработка со наставниот кадар |
| *Нагледен час* *Интерпрета-ција на текст со наставна техника: „Sвезда“ и „Дневник со двоен запис“* | 1. Правилна употреба на - овие две техники зазголемување на квалитетот и ефикасноста на работата | -Цветанка Гаговска (наставник по македонски јазик) -Членови на стручниот актив | **Февруари** | Учебник Работен лист Креди во боја | -Подигање на квалитетот на работата на наставниците -Усовршување на наставниот кадар |
| *Нагледен час* | 1.Развивање на вештината слушање со разбирање и анализа | -Сузана Јовчева (наставник по музичко обазование) | **Мар** | Музички инструменти Учебник ЦД плеер | - Практични искуства и согледувања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Обработка на песна по слух: „Роза сина“* | | -Членови на стручниот актив | т | | |
| *Нагледен час:*<br>*Индустриски и графички дизајн* | 1.Да се направи разлика помеѓу двата видови на дизајн преку примена на наставните техники и методи | -Зоран Јаневски (наставник по ликовно образование )<br>-Членови на стручниот актив | **Април** | Бои<br>Листови<br>Вода<br>Материјали<br>Лепило<br>Слики | Поголема заинтересир а-ност за примена на природни материјали и предмети од реалија во наставата |
| *Нагледен час:*<br>*Увежбување*<br>*основни*<br>*елементи од*<br>*одбојка* | 1.Подобрувањ е на квалитетот и ефикасноста на работата | -Изабела Апостолска<br>(наставник по физичко образование )<br>-Членови на стручниот актив | **Мај** | Спортска опрема<br>Спортски реквизити<br>фискултурна сала | Размена на позитивни практични искуства |
| *Анализа на работата на Стручниот актив на крајот на учебната 2020/2021 година* | -Дискусија за постигнатите резултати на стручниот актив<br>- Извештаи за работата на стручниот актив | -Членови на стручниот актив | **Јуни** | Извештај за постигнатит е резултати<br>Практични искуства и согледувања | Самоевалуа-ција на работата на наставницит е<br>Подигање на квалитетот на работата на наставницит е |

**Одговорен наставник:** **Учебна година:**

**Татјана Цветковска** **2020-2021**

**Прилог 12**

**Програма за самоевалуација на училиштето**

| Цели | Активности | Временска рамка | Носител | Очекувани реултати |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација за работењето на училиштето | Формирање на тимови за самоевалвација за секое од подрачјата и избор на координатори | Септември | Наставнички Совет | Успешно спроведена самоевалуација на училиштето |
| Да се определат соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Користење методи, техники и инструменти за вршење самоевалуација | Октомври | Тимови по подрачја | Добивање валидни показатели за работењето на училиштето |
| Согледување на јаките и слаби страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | Мај. | Тим за самоева луација | Донесени предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и изработка на развоен план |
| Изготвување на поединечни и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација | Разгледување на нацрт извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на радители, Ученичка заедница и | Јуни. Јули, Август | Наставници претставниц и од редот на родители и локалната заедница и ученици | Дополнување на нацрт извештајот со мислења и предлози од наставниците, родителите и учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Училишен одбор | | | |
| Усвојување на извештајот | Презентација на извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на радители и Училишен одбор<br>Известување од самоевалуацијата со објавување на веб страната на училиштето и на општината | Август, | Директор | Подобрување на квалитетот на работењето на училиштето |

**Предлог:** **П Р О Г Р А М А**

за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од

ООУ „Свети Климент Охридски“,

Бутел–Скопје во учебната 2020/21 година









Скопје, 2020

**Предлог:** **П Р О Г Р А М А**

за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од

ООУ „Свети Климент Охридски“,

Бутел–Скопје во учебната 2020/21 година

ООУ „Свети Климент Охридски“, Бутел-Скопје во учебната 2020/21 година ќе ги реализира следниве училишни екскурзии , излети и други вонучилишни активности на учениците:

- есенски еднодневен излет (за учениците од I до IX одд.),
- пролетен еднодневен излет (за учениците од I до IX одд.),
- еднодневна екскурзија (за учениците од III одд.),
- дводневна екскурзија (за учениците од VI одд.),
- тридневна екскурзија (за учениците од IX одд.),
- настава во природа (за учениците од V одд.),
- летување (за учениците од I до IX одд.) и
- зимување (за учениците од I до IX одд.).

# 1. Еднодневни излети за ученици од I до IX одделение

## 1.1. Есенски излет за ученици од I до IX одделение

Селото Горњани се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општина Чучер Сандево, чиј атар се издигнува до납 сртот на планината Скопска Црна Гора. Горњани е ридско село кое е сместено на јужните падини во подножјето на Скопска Црна Гора.

**Воспитно-образовни цели**

- Стекнување навики за чување и одржување на околината
- Запознавање со природните богатства и убавините на околината на Скопска Црна Гора и селото Горњани.

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и нејзино негување, еколошки навики и одржување на чиста животна средина;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во селото Горњани и неговата околина.

**Содржина на активности**

Рекреација, дружење, набљудување, заеднички игри, насочување на внимание, фотографирање.

Раководител, наставници, ученици:

- Раководител: Златко Тапчановски – директор

  Носители на активностите:

- Мариана Стрезовска – предметен наставник,
- Маја Дрндаревска – одделенски наставник,
- сите наставници и учениците од I до IX одд.

**Времетраење:**
Еднодневен есенски излет кој ќе се реализира на - 15.10.2019 година.

**Локации за посета и правци на патување:**
Селото Горњани на Скопска Црна Гора во непосредна близина на Скопје.

Патувањето ќе се одвива од Бутел, Од ООУ „Свети Климент Охридски“, до с. Горњани и обратно.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

**1.2. Пролетен излет за ученици од I до IX одделение**

Дељадровци се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина . Дељадровци е село во Општина Илинден, а во неговата непосредна близина, покрај автопатот Скопје –Куманово, се наоѓа манастирскиот комплекс се наоѓа манастирски комплекс Дељадровски манастир со пет цркви. Дељадровци е рамничарско село, расположено на надморска височина од 245 метри и од градот Скопје е оддалечено 28 километри.

**Воспитно-образовни цели:**

- Стекнување навики за чување и одржување на околината;
- запознавање со природните богатства и убавините на околината на скопскиот крај и селото Дељадровци.
-

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и негување еколошки навики за одржување чиста животна средина;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во скопскиот крај, селото Дељадровци и околината.

**Содржина на активности**:

Рекреација, дружење, набљудување, заеднички игри, насочување на внимание, фотографирање.

**Раководител, наставници, ученици:**

- Раководител: Златко Тапчановски – директор,
- Носители на активностите:
  Мирослав Митиќ – одделенски наставник,

  Ружица Кикерекова– одделенски наставник,
- сите наставници и учениците од I до IX одд.

**Времетраење:**

Еднодневен пролетен излет кој ќе се реализира на -11.05.2021 год.

**Локации за посета и правци на патување:**

Селото Дељадровци, општина Илинден во непосредна близина на Скопје. Патувањето ќе се одвива од Бутел, од ООУ „Свети Климент Охридски“ до с. Дељадровци и обратно.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

## 2. Еднодневена екскурзија за учениците од III одделение.

**Место на изведување: Маврово (западна Македонија)**

**Време на изведување: Пролет (април/мај 2021)**

**Број на ученици: 52/ трето одделение**

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНИОТ ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ**

**ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Со реализација на овој еднодневен излет, со забавно - рекреативен карактер, се реализира целта на излетот - рекреација на учениците во природата, како и интерес за природата и градење на еколошки навики.

**Задачи**

**Образовни:**

- Да се утврдат основите знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја.
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.
- Запознавање со природните убавини и географски карактеристики на местото Маврово и околината.
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во Западното подрачје на Република Северна Македонија.

**Воспитни:**

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Социјализација:**

- Развивање спортски потреби и навики како и сфаќање на значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

-Јакнење на меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик-наставник.

**Содржини:**

Игри со забавно рекреативен карактер (фудбал, народна, одбојка, скокање со јаже, друштвени игри како Не лути се човече, монопол, домино, шах , карти, ластик и др.)

**<u>Очекувани ефекти:</u>**

* учениците формираат претстави и поими за Татковината преку директни контакти со природата и населението;

* стекнуваат знаења за географските карактеристики, историјата, обичаите и занимањата на луѓето на посетените предели;

* развивање на културни и здравствени навики;

ЗАДАЧИ:

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;

- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;

- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:

- Учениците да се запознаат со дијалекотот и карактеристиките на западното македонско наречје.

- Опис на природата.

ОПШТЕСТВО:

• Да се запознаат со големиот извор на реката Вардар-Вруток, националниот парк, ски терените, вештачкото езеро во Маврово.

• Развивање љубов и почит кон Татковината.

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ:

- Да ја одржува и подобрува општата физичка состојба на телото со позитивен анатомско – физиолошки, функционален и моторички развој.

- Да развива љубов кон движењето во природа и планинарење.

ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Текстура на дрвјата, растенијата, изворот и езерото.

- Содржина на активности:
- - Поаѓање од пред училиштето во 8:00.
- - Пристигнување во Вруток 9ч.
- Набљудување на подножјето на Шар Планина, изворот Вруток и електрана Вруток.
- - Пристигнување во Маврово 12ч.
- Одмор и ужина.
- - Разгледување на езерото, ски терените, црквата во вода.
- - Ручек во 14:00
- Рекреативни активности/игри и планинарење
- - 16:30 поаѓање за Скопје.
- - Рекреација, дружење, набљудување во текот на денот.

**Техничка организација:** Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.
Забелешка: Екскурзиите имаат научно-рекреативен карактер.

- • Во соработка со локалната самоуправа и реализирање на посетата на културните објекти може да дојде до промена на датумот на реализирање на истата (23.04.2021)

**Локации за посета и правци на патување:**

Скопје - Вруток - Маврово – Скопје

Вруток, село во северозападна Македонија, на падините на Шар Планина, во близина на Гостивар. Тоа е местото од каде извира Вардар, најголемата река кај нас. Името Вруток е добиено според самиот извор на Вардар. Зборот вруток значи врело, односно извор.

Маврово се наоѓа во западниот дел на Македонија, на падините на планината Бистра, на надморска височина од 1240 метри. Тоа е национален парк, каде што природата и животните се заштитени. Во Маврово се наоѓа и вештачкото Мавровско езеро. Маврово е познат зимски туристички центар, со модерни жичари и ски лифтови. Но тој е преубаво место и во летниот перјод, полн со чист воздух, и со добри терени за летно планинско возење со точаци. Мавровското езеро е полно со риби и дозволен е роболов во одреден перијод во годината.

Името Маврово значи Црно Поле и ѝ било дадено на областа по некоја голема битка во минатото. Мавровското (Црно) Поле, било потопено во 1953 година, со цел да се создаде Мавровското Езеро. Старата селска црква „Свети Никола“, што зимно време се наоѓа на суво, лете како да плови по езерото, пркосејќи ѝ на човечката интервенција. Маврово изобилува со автохтона флора и фауна. Тука можете да ги видите сивиот сокол, орелот крстач, суриот (златен) орел, шумски ут, па не е чудно ако на терасата од хотелот во кој престојувате ви слета шумско бувче.

Во националниот парк заштитени живеат и мечката, рисот, дивата коза и дивата мачка. Водите на реката Радика и притоките, како и Мавровското Езеро, се омилена дестинација на риболовците и тоа за пастрмка, клен, скобуст, мрена, плашица, крап.

Одделенски наставници
Александра Ничевска Бадаревска
Даниела Салтирова Кочијева

## 3. Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение

**Место: Источен дел на Република Северна Македонија**

**Воспитно образовни цели :**

- Развивање интерес за природните убавини на источниот дел на Република Северна Македонија;
- поттикнување и манифестирање на позитивен однос кон културно историското наследство на Куманово, Кратово, Пробиштип и Струмица;
- градење позитивно чувство за верските објекти во градот Кратово- црквата Свети Ѓоргија, манастир Свети Гаврил Лесновски. с.Лесново, Пробиштип и манастирите Св. Леонтиј-Водоча и Успение на Пресвета Богородица-Елеуса.

**Задачи:**

- Стекнување знаења за старата градска архитектура на градот Кратово;
- запознавање со црковната средновековна историја.

**Содржина на активности:**

Проширување на знаењата по предметот географија, нашата татковина, истражување, набљудувања и посети.

**Раководител, наставници, ученици:**

Раководител: ЗлаткоТапчановски – директор,

Носители на активностите:

Виолета Николова – предметен наставник,

Маја Автовска – предметен наставник

Лилјана Петковска – предметен наставник

Наставниците и учениците од VI одд.

**Времетраење:** Дводневна екскурзија во источниот дел на Република Северна Македонија - едно ноќевање (од 22 до 23 април 2021 година)

**Локации за посета и правци на патување**

**Прв ден:**

- Тргнување од пред училиштето во 8 часот.
- Посета на Меморијалниот центар АСНОМ – Пелинце. Разгледување на локалитетот „Куклице“. Се продолжува во Кратово со посета на црквата Свети Ѓоргија. Посета на Радин мост и кулите во градот. Сместување во хотел. Организирана вечера со посебна програма.

  **Втор ден:**

- Појадок во хотелот и заминување кон Пробиштип со посета на Лесновскиот манастир. Потоа се продолжува кон Струмица.
- Разгледување на верските објекти во околината на Струмица (Богородица Елеуса во Велјуса и Св. Леонтиј во селото Водоча).
- Ручек.
- Прошетка и разгледување на Струмица.
- Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начиннафинансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

## 4. Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение

**Место:** Источен и централен дел на Република Северна Македонија

**Воспитно-образовни цели:**

- Непосредно запознавање со природните убавини на источниот и централниот дел на Република Северна Македонија;
- Проширување на знаењата за културното наследство на градовите Велес и Струмица;
- запознавање со верските објекти: црквите Св.Троица во Радовиш, Св.Богородица Елеуса во Велјуса и Св. Леонтиј во селото Водоча;
- запознавање со старата градска архитектура на градот Велес.

**Задачи:**

- Развивање интерес за природните убавини на источниот и централниот дел на Република Северна Македонија;
- поттикнување и манифестирање на позитивен однос кон културно-историското наследство на градовите и локалитетите кои ќе бидат посетени;
- градење позитивно чувство за верските објекти;
- стекнување знаења за старата градска архитектура и нејзините специфики во регионот кој ќе биде посетен.

**Содржина на активности:**

Набљудувања и посети, проширување на знаењата за релјефот и климата во Република Северна Македонија, историски локалитети и споменици од подалечното минато, музеи, тврдини, стари градови и градби.

**Раководител, наставници, ученици**

Раководител:Златко Тапчановски – директор,

Носители на активностите:

Оливера Костадинова – предметен наставник,

Јасминка С. Велјановска – предметен наставник.

наставниците и учениците од IXодд.

**Време на реализација:**

Тридневна екскурзија со две ноќевања од 21-23 април 2021 година.

**Локации за посета и правци на патување**

**Прв ден:**

- Тргнување од пред училиштето во 8 часот.
- Разгледување на градот Велес со посета и разгледување на Спомен Костурницата, Народниот музеј во Велес, старата градска архитектура и куќата на Кочо Рацин. Се продолжува во Штип со посета на локалитетот Исар и фабриката за производство „Баргала“. Во Радовиш се посетува црквата Св.Троица. Се пристигнува во Струмица и сместување во хотел.
- Организирана вечера со посебна програма.

**Втор ден:**

- Разгледување на верските објекти во околината на Струмица (Богородица Елеуса во Велјуса и Св.Леонтиј во селото Водоча ).
- Враќање во сместувачкиот објект и ручек за учениците.
- Прошетка и разгледување на Струмица (Струмичко кале, споменикот Гоце Делчев, Струмичкиот парк, трговски центар Глобал).
- Вечера пропратена со забавни програмски активности.

**Трети ден:**

- Посета на археолошкиот локалитет Вардарски рид во Гевгелија.
- Организиран ручек.
- Посета на на винарската визба „Попова кула“.
- Посета и разгледување на археолошкиот локалитет Стоби.
- Пристигнување во Скопје.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

# 5. ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПЕТТО ОДЕЛЕНИЕ

Ученици од V одделение

Место: Одмаралиште во Охрид

Наставата во природа има за цел совладување, проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, во согласност со воспитно-образовната работа.

Програмата за оваа Настава во природа содржи:

1. Воспитно-образовни цели

2. Задачи

3. Содржини и активности

4. Начин на реализација

5.Времетраење

6.Локации за посета и правци на патувањето

7. Техничка организација

8. Начин на финасирање

<u>1. Воспитно-образовни цели</u>

а) да го потикнува развојот на самостојноста кај учениците;

б) да ја развива љубопитноста;

в) стекнатите знаења во училницата да се применат во конкретни ситуации на терен;

г) да им се покаже на учениците како можат познатите техники за учење да се употребуваат во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);

д) да се запознаат со природното наследство;

ѓ) да се разберат настаните, појавите (животот покрај езеро, стопанство, култура);

е) да се развиваат мисловните способности, разни мануелни способности, просторно претставување;

ж) да се потикнуваат позитивни чувства на успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување нови знаења, соработка;

з) да се активен дел од процес на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување;

ѕ) оспоставување, развивање и негување пријателство;

и) почитување на културните традиции;

ј) почитување на знаења и искуства од возразните;

к) почитување на природата и нејзиното наследство;

л) градење на позитивен однос кон чувањето на природата;

љ) запознавање и откривање на убавините на татковината – Р.С. Македонија;

м) проширување на знаењата за вештачко езеро, природни езера, извори;

н) изучување, истражување и проширување на знаење за карактеристиките и спецификите на објекти- градби во постетените градови;

њ) запознавање и проширување на знаења за постените културно историски споменици

о) апознавање културни и историски споменици;

п) проширување на знаења за археолошки локалитети и верски објекти

р) градење на чувство на патриотизам;

с) развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;

т) да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;

ќ) развивање на културни, хигиенски и еколошки навики и свест.

2.Задачи

Наставата во природа треба да обезбеди:

1. Проширување и продлабочување на знаењата, кои се системски и логички и свесно усвоени, а кои имаат активен и практичен каракте, можат да се користат и применуваат во животот и се издигнуваат на степен на умеење и навики;

2. Усовршување на способноста за насочено внимание, воочување, брзо регистрирање на детали и податоци, селективно воочување и бележење на детали

и податоци; самостојно мисловно изразување, заклучување;

3. Развивање љубопитност, осет за проблемски ситуации, досетливост, упорност и истрајност, интерес за користење дополнителни извори на знаења (литература, разговори со локалното население и стручни лица), свест за зачувавање на

природата, природните реткости и други матерјални и духовни богатства;

4. Оспособување за позврзување на факти и класификација на факти според

степенот на значење, употреба на различни извори на знаења, самостојно учење, практична примена на знаењата во животот;

5. Воспоставување пријателски односи меѓу учениците и надминување на индивидуалните разлики, негување другарски и хумани меѓусебни односи;

6. Една од задачите на наставата во природа е обликување на т.н. кумулативна книга, во која ќе бидат застапени селектирани прилози што учениците ќе ги изберат врз сопствени критериуми. Тоа истовремено е и научно популарна книга

од репродуктивен карактер;

7. Запознавање со животот и работата на луѓето, со поблиското и подалечното минато на крајот (со посебен белег при запознавање и обработка на наставните

содржини);

8. Да се запознаат со позначајни културно-историски, стопански и други објективо околината каде што се изведува настава во природа;

9. Да ги стекнат основните сознанија за екологијата и да развиваат позитивен однос

за правилен однос и зачуваување на животната средина;

10. Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во околината каде што ќе се реализира наставата

11. Да ги препознаваат лековити растенија, да ги собираат, чуваат и користат;

12. Да се запознаат со главните занимања на луѓето каде престојуваат луѓето, на кој начин обезбедуваат егзистенција;

13. Да се негува позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност

и дисциплина при извршувањето на поставените задачи

14. Да се стекнат и негуваат хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена;

15. Да се обезбеди правилен психофизички развој како резултат на позитивното

влијание од повеќе дневниот престој за здрава природна средина;

16. Развивање интерес за посети на природните убавините на татковината,

17. Развивање интерес кон природата и создавање еколошки навики;

18. Да се развие социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе

19. Создавање навики за здраво живеење;

20. Развивање на истражувачки дух.

3. Содржини и активности

Наставата во природа ќе се реализира во соодветна просторија, училница опременаспоред потребите за образование.

**РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ**

| | **понеделник** | **вторник** | **среда** | **четврток** | **петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Математика | Математика | Македонски ј. | Математика | Математика |
| 2. | Македонски ј. | Македонски ј. | Математика | Македонски ј. | Одд. час |
| 3. | Македонски ј. | Музичко обр. | Општество | Музичко обр. | Творештво |
| 4. | Општество | ФЗО | Раб. со компј. | Ликовно обр. | ФЗО |
| 5. | ФЗО | | Раб. со компј. | Ликовно обр. | |

**ПРВ ДЕН**

1.МАТЕМАТИКА

Цел: -Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци;

Содржина: 2 Г/ Собирање, селекција и организирање податоци

2.МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Цел: -да раскажува за настан од сопствено доживување;

Содржина: Писмено изразување: Известување за настан/ Писмо

3.МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Цел: -за изразно читање на уметнички текстови;

-да открива за што станува збор во текстот (без теоретско именување на тема);

Содржина: Обработка на текст „Легенда за Охридското Езеро“

4.ОПШТЕСТВО

Цел: -да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Македонија;

Содржина: Македонија-мултикултурна ризница

5.ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Цел: -да игра танци од народното творештво;

Содржина: Запознавање со народно оро

**ВТОР ДЕН**

1. Математика

Цел: -извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања.

Содржина: 2 Г/ Вредност што најчесто се појавува во една група податоци/мод

2. Македонски јазик

Цел: -да раскажува по дадени тематски зборови;

Содржина: Раскажување по дадени тематски зборови „Покрај брегот на Охридско Езеро“

3.Музичко образование

Цел: -да пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика;

-да ги препознава и именува народните песни според содржината;

Содржина: Народна песна„Лихнида кајче веслаше“

4.Физичко и здравствено образование

Цел: -да игра танци од народното творештво;

-да применува естетски вежби и да развива способности за групна изведба

Содржина: Увежбување на чекори од оро по избор

**ТРЕТ ДЕН**

1. Македонски јазик

Цел: -да употребува правилно пишување голема буква;

Содржина: Јазик-Пишување голема буква на имиња, држави, нивни жители, градови, села, области и нивни жители

2. Математика

Цел: -црта и толкува табели на честота, пиктограми, столбести дијаграми, каде вертикалната оска е поделена на двојки, петки, десетки или стотки

Содржина: 2 Г/ Претставување на изборите на пиктограми

3. Општество

Цел: -да се воспитува за чување и негување на културното наследство;

Содржина: Изработка на пано: Културно наследство-Охрид

4.Работа со компјутер и основа на програмирањето

Цел: -да умее да користи веб- прелистувач и сите негови значајни елементи (алатки, работа со табови);

-да умее да пронајде информација од Интернет за одредена цел со помош на клучни зборови;

Содржина: Пребарување на Интернет и зачувување во папка „ Културно наследство-Охрид“

5. Работа со компјутер и основа на програмирањето

Цел: -да умее да користи веб- прелиступвач и сите негови значајни елементи (алатки, работа со табови);

да умее да пронајде информација од Интернет за одредена цел со помош на клучни зборови;

Содржина: Пребарување на Интернат и зачувување во папка„ Културно наследство-Охрид“

**ЧЕТВРТИ ДЕН**

1. Математика

Цел: -црта едноставни линиски дијаграми, пр: за да ја прикаже променета на температурата

Содржина: 2 Г/ Линијски дијаграми

2. Македонски јазик

Цел: -да опишува предмет, лик, слика.

Содржина: Писмено изразување: Опишување лебед

3.Музичко образование

Цел: -да го усвои поимот фолклор-музички фолклор

да ги воочува и разликува основните карактеристики фолклорот и музичкиот фолклор;

-да стекнува позитивен став кон народното музичко творештво

Содржина: Народни ора и инструменти

4. Ликовно образование

Цел: -да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;

Содржина: Дизајн и визуелни комуникации-Ритам на форма

4. Ликовно образование

Цел: -да го открива и да коментира за богатството на линии, ритам, текстура, статика-динамика на цртеж, мотив, техника

Содржина: Мотив „Народна носија“

**ПЕТТИ ДЕН**

1.Математика

Цел: -усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување;поставува хипотези (претпоставки ) и ги проверува.

Содржина: 2 Г/ Толкување на линијски дијаграми;

2.Одделенски час

Цел: -знае како може да им се помогне на животните на кои им треба храна

Содржина: Градење позитивен однос кон растенијата и животните - Работилница „Хранилки за птици”

3.Творештво

Цел:- да истражува и открива својства на различни материјали што можат да се преобликуваат во разни форми;

-да се оспособува на различни начини да претставува тродимензионален простор во соодветен сооднос;

Содржина: Ликовно творештво: Изработка на хранилки за птици

4. Физичко и здравствено образование

Цел: -да го одржува телото и однесувањето сообразено со групното движење;

-да развива способнос ти за движење и игра во просторот;

Содржина: Играње оро со различно темпо и сложеност на чекори;

При планирањето и организирањето на наставата во природа ќе се води сметка да бидат опфатени обработени теми во петто одделение, при што појдовна точка е предметот Општество, со интегрирање на содржини од останатите продрачја македонски јазик, математика, природни науки, ликовно образование, музичко образование, техничко образование, физичко и здравствено образование;

Покрај часовите ќе бидата застапени и следните активности:

СПОРТ: утринска гимнастика, одење и пешачење во природа, атлетски игри и натпревари, спортски игри, рекреативно – забавни игри;

ЗАБАВА И КУЛТУРА: формирање на одделни ученички единици: литературна, музичка, ликовна, изготвување план програма за вечерни активности, пеење на

изучени песни, свирење на блок флејти, слушање звуци, шумови, повторување-ехо;

ИЗЛЕТИ И ПОСЕТИ: рибарски населби, посета на историски, културни знаменитости, музеи,бањи и споменици, посета на блиската шума во околината, населби и сл.;

ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА: изготвување куќен ред и правила, распоред за работа, одмор и рекреација, одржување лична хигиена, договор за излети и посети, дежурства во текот на денот, уредување, подготвување на ѕиден весник, формирање на еколошка патрола, забележување на народни приказни и легенди од околината, собирање лековити растенија,

Активности:

<u>Активности на наставник:</u>

Планира бројност, обем и вид на активности, координира, соработува во изведувањето на активностите; води, инструира, следи, насочува, интервенира, корегира, потикнува активности на учениците, стимулира поединци, охрабрува, предлага идеи, прифаќа идеи од ученици, помага.

<u>Активности на ученик:</u>

Набљудува објекти, примероци (растенија и животни), карти, слики, фотографии, опишува-постапки, емоции, примероци, својства, споредувакарактеристики на стопански, географски и др објекти, прави групирање, класификација на предмети, објекти. Во рамките на функционалните задачи: психомоторни активности-говорни (разговор, усно пишување, усно известување, читање инструктивни текстови; писмени (пишување извештај, репортажа, состав, песна); технички (мерење, сечење, лепење, обликување готов труд). Когнативни активности: јазично изразување (вежби во култура на говорот, опишување по набљудување, докажување, толкување, објаснување, заклучување. Математика (мерење, споредување,групирање, математичко докажување, заклучување, генерализација). Ликовно изразување (скицирање, цртање, нијансирање бои).

<u>4.Начин на реализација:</u>

- Локациите се избрани според интересот на учениците и родителите.

- Организацијата и реализацијата ќе биде од избраната туристичка агенција.
- Раководител: Златко Тапчановски –директор,
- Носители на активностите:
- Сузана Младенова – одделенски наставник,
- Мирослав Митиќ - одделенски наставник
- Маја Дрндаревска– одделенски наставник

5. Времетраење

- Наставата во природа ќе е во времетраење од 5 дена, во месец мај

- Место на поаѓање/враќање: пред ООУ"Свети Климент Охридски", Општина Бутел, Скопје

- Време на поаѓање: 8.00 ч., месец мај(од 10.05 до 15.05.2021г.)

-Време на враќање: во попладневните часови

Напомена: Учениците треба да се присутни на местото на поаѓање, половина час пред поаѓање.

6. Локации за посета и правци на патувањето

ПЛАН ЗА ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ПОСЕТА НА ЛОКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **ДЕН1** | Поаѓање за Охрид во 8.00ч.<br>Правец на патување:<br>Скопје–Тетово (Шарена џамија)–Гостивар–Изворот на реката Вардар Вруток– посета на Манастир “Свети Георгиј Победоносец” Рајчица Дебар со посета на Косовраски бањи и посета на Вевчани и Вевчанските извори<br>Пристигнување во Охрид во попладневните часови и сместување во детското<br>Одмаралиште |
| **ДЕН 2** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на движење - набљудување: посета на Природонаучниот музеј Спомен дом на Браќата Миладиновци ,Етнолошки музеј “Виа Кандавија”<br>во с.Ливадиште и манастирот “Света Богородица” во с. Калишта<br>ручек, настава и слободни активности<br>вечера, забавно-културни активности<br>ноќевање |
| **ДЕН 3** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на патување - набљудување и посета на:Охрид Стари град, Антички театар, Плаошник, Самоиловата Тврдина, Црквата Света Софија и Билјанини извори,<br>ручек,<br>настава и слободни активности<br>вечера,<br>забавно- културни активности<br>ноќевање |

| | |
|---|---|
| **ДЕН 4** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на патување - набљудување и посета на: Наколно живеалиште “Град на вода”,<br>Манастир “Свети НаумОхридски”,<br>ручек,<br>настава и слободни активности<br>вечера,<br>забавно- културни активности<br>ноќевање |
| **ДЕН 5** | Појадок 8.00ч<br>прошетка на крајбрежјето на Охриското езеро (во кругот на одмаралиштето и сумирање на впечатоците од наставата во природа<br>ручек<br>тргнувањеОхрид – Битола (посета на Хераклеја) – Прилеп посета на Горен град и Маркови кули<br>– Велес – Скопје. |

7.Техничка организација

Екскурзијата ќе биде релизирана во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, илзлети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019година.

8.Начин на финансирање:

Самофинансирање од страна на родителите.

# П Р О Г Р А М А

# за организирање и реализирање летување во учебната 2020/2021

**ПРВ ДЕЛ: Подготовки, патување и враќање**

**Место за изведување:** Охрид

**Време за изведување:** 01- 07 јули 2021 г.

**Стручниот тим за летување на учениците го сочинуваат:**

- Златко Тапчановски– директор,
- Оливера Божиновска– одделенски наставник. – Раководител на летувањето
- Оливера Костадинова- предметен наставник

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**

Летувањето на учениците ќе се организира во времетрање од 7 дена.

**МЕСТО НА ЛЕТУВАЊЕТО:** Детско одморалиште во Охрид.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

**ВТОР ДЕЛ: Престој, обука за пливање и друг вид спортување**

**ПОДАТОЦИ ЗА ЛЕТУВАЊЕТОВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

Со реализација на овие слободни активности, целта на летувањето е преку повеќедневен престој надвор од местото на живеење, низ едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, децата да се одморат, рекреираат, но и да се стекнат со нови знаења на техниките на понудените спортови (кошарка, одбојка на плажа, пливање).

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да ги совладаат дадените спортски игри и пливањето, како и игри во вода;
- да ја совладаат техниката на пливањето на организмот на вода, како и дишење над и во вода;
- да стекнат правило на однесување и грижа во вода за себе иза другарите;

- да совладаат техники за спасување;
- да совладаат техники на пливање (краул, градно, грбно, делфин);
- да умеат да воспостават правилна заштита на телото од повреди во вода, грч на мускулите.

**ЗАДАЧИ:**

- Учење и совладување на дадените спортски игри и пливањето, како и игри во вода;
- совладување на техниката на пливањето на организмот на вода, како и дишење над и во вода;
- правило на однесување и грижа во вода за себе иза другарите;
- техники за спасување во вода;
- совладување на техники на пливање. (краул, градно, грбно, делфин);
- правилна заштита на телото од повреди во вода, грч на мускулите.

**ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ:**

Од 8:30 до 9:30 – појадок.

Од 9:30до 14часот – спорт и рекреација.

Од 14:00 до 15 часот – ручек.

Од 15:00 до 17:30 – попладневен одмор.

Од 17:30 до 20часот –рекреација.

Од 20:00 до 21 часот – вечера.

Од 21:00 до 23 часот – забавна програма.

Во попладневните часови, во времето предвидено за рекреација, ќе се реализираат и предвидените прошетки во блиската околина.

# П Р О Г Р А М А

# за организирање и реализирање зимување во учебната 2020/2021

**ПРВ ДЕЛ: Подготовки, патување и враќање**

**Место за изведување:** Крушево

**Време за изведување:** 8 – 12 Јануари 2021 година.

**Стручниот тим за зимување на учениците го сочинуваат:**

- Златко Тапчановски– директор,
- Мариана Стрезовска–раководител,
- Катерина Николовска –предметен наставник.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Зимувањето на учениците ќе се организира во времетрање од 5 дена.

**Техничка организација:**

Излетот ќе биде релизиран во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

**ВТОР ДЕЛ: Престој, обука за скијање и друг вид спортување**

**ПОДАТОЦИ ЗА ЗИМУВАЊЕ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

Со реализација на овие слободни активности, целта назимувањето е преку повеќедневен престој надвор од местото на живеење, низ едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, децата да се одморат, рекреираат, но и да се стекнат со нови знаења на техниките на понудените спортови.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да ги совладаат дадените спортски игри и скијањето, како и игри во снег;
- да ја совладаат техниката на скијање и прилагодување на организмот на снег;
- да стекнат правило на однесување и грижа на снег за себе иза другарите;
- да совладаат техники за спасување во зимски услови на снег;
- да совладаат техники на скијање на различни терени;
- да умеат да воспостават правилна заштита на телото од повреди во снег, грч на мускулите.

**ЗАДАЧИ:**

- Учење и совладување на дадените спортски игри и скијањето, како и игри на снег;
- совладување на техниката на скијање и прилагодување на организмот на снег;
- правило на однесување и грижа наснег за себе иза другарите;
- совладување на техники за спасување на снег;
- совладување на техники на скијање на различни терени;
- правилна заштита на телото од повреди во снег, грч на мускулите.

**ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ:**

Од 8:30 до 9:30– појадок.

Од 9:30до 14часот –спорт и рекреација.

Од 14:00 до 15 часот–ручек.

Од 15:00 до 17:30 – попладневен одмор.

Од 17:30 до 20часот –рекреација.

Од 20:00 до 21 часот–вечера.

Од 21:00 до 23 часот –забавна програма.

Во попладневните часови, во времето предвидено за рекреација,ќе се реализираат и предвидените прошетки во блиската околина.

**Оваа програма е составен дел на Годишната програма за работа на основното училиште„Свети Климент Охридски“, Бутел Скопје, учебна 2020/2021 година .**

**Стручен тим за подготовка на Програмата за за екскурзии и други слободни активностиво училиштето:**

- Златко Тапчановски - директор ___________________
- Александра Н. Бадаревска - одделенски наставник ___________________
- Даниела С. Кочијева - одделенски наставник ___________________
- Сузана Младенов - одделенски наставник ___________________
- Мирослав Митиќ - одделенски наставник ___________________
- Маја Дрнадевска - одделенски наставник ___________________
- Виолета Николова - предметен наставник ___________________
- Маја Автовска - предметен наставник ___________________
- Лилјана Петреска - предметен наставник ___________________
- Оливера Костадинова - предметен наставник ___________________
- Јасминка С. Veљановска - предметен наставник ___________________

Прилог 14

## План за работа на училишен парламент

## При ООУ„Свети Климент Охридски”

## За учебната 2020/21 година

Училишната заедница ги застапува ставовите на учениците , ги изнаоѓа и решава нивните предизвици и потреби во соработка со училишните служби. Преку ова тело учениците во соработка со возразните во училиштето учествуваат во процесите на донесување на одлуки кои се однесуваат на квалитетот во наставата и вонnаставните активности во училиштето и нивното организирање.

Ги опфаќа учениците од II - IX одделение.

Членови на училишниот парламент се претходно избрани претседатели и заменик претседатели на сите паралелки во училиштето. Од овие ученици по пат на демократски избори се избираат членови на Претседателството на УП. Претседателството на УП именува свој Претседавач кој има еднаков статус како и другите членови, освен што добива дополнителна задача да ги органиизира и води состаноците, како и да комуницира со другите ученици и возрасни во училиштето. Другите членови на претседателството добиваат други задолженија како записничар, благајник и слично.

Изборот на Претседателството на УП се врши со претходно обучување на избирачите по пат на информативни плакати, формирање на комисија за избор, изборна кампања и ден на изборите. Претседателството на УП се состанува задолжително еднаш месечно во однапред одредени термини и со него раководи Претседавачот на Претседателството.

Записничарот на УП се бира пред почеток на состанокот со доброволно пријавување на член од УП, согласно интересот и желбата. Записничарот треба да поседува способност за внимателно следење на состаноците и притоа записникот да биде конкретен со внимателно селектирана суштина. Записничарот води листа на присутни и истата ја става во прилог на записникот.

Дневниот ред на состанокот на УП треба да ги содржи сите точки за дискусија со определено времетраење по точка. Истиот треба да биде достапен до сите членови на УП со најавата за наредниот состанок на УП. Дневниот ред се донесува од страна на Претседателството на УП во координација со училишните служби.

Задачите на УП во голема мерка зависи од актуелните потреби на училиштето.

**Задачи на Претседателството на УП**

-изнесува и застапува мислење на учениците

-ги информира учениците

-учествува во донесувањето одлуки што се важни за учениците

-помага во разрешувањето конфликти

-иницира и спроведува активности

-иницира и поддржува проекти

-иницира, организира и активно учествува во реализација на предвидените активности и манифестации

**Цели на Претседателството на УП**

-активно учество во сите училишни активности

-развивање на соработка и комуникација помеѓу учениците

-развивање на креативноста кај учениците

-развивање љубов кон пишаниот збор, литературно изразување и креативност

-откривање на причините за неуспех и водење грижа за подобрување на успехот

-оспособување на учениците за самостојно учење

-развивање на одговорност кај учениците

-истакнување на важноста и улогата на мајката во општеството

-создавање свесност, одговорност и работни навики

-развивање љубов кон книгата

-учествување во работата на училишните секции

-збогатување на културно-забавниот живот во училиштето

-согледување на резултатите од работењето на УП

**Предлог програма на работа на УП**

| **Р. б.** | **Содржина** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| 1 | Презентирање на годишната програма на учениците<br>Како се гради Училишната заедница? (формирање и функционирање на УП) | Септември |
| 2 | Зошто е потребно да се формираат ученички тела?<br>Одделенска/класна заедница: тела комуникација, избор | Септември |
| 3 | Избор на раководство на УП(избор на членови во Претседателството на УП)<br>Демократска партиципација на учениците преку ученичките тела | Септември |
| 4 | Избор на активности и нивно реализирање поврзани со:<br>Рециклирање на пластика (еколошка едукација во образовниот систем)<br>Одбележување на 11ти Октомври<br>Одбележување на 23ти Октомври<br>Одбележување на 13ти Ноември | Октомври<br>Ноември |
| 5 | Мислења и одлуки за примена на техники за успешно учење | Ноември |
| 6 | Активно вклчување во подготовка за патрониот празник на училиштето | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Донесување предлози за украсување на училиштето по повод патрониот празник | Декември |
| 8 | Избор на активности и нивно реализирање поврзани со Новогодишен хепенинг | Декември |
| 9 | Анализа на постигнатиот полугодишен успех и запознавање со педагошките мерки | Јануари |
| 10 | Дискусија со донесување одлуки- Како до подобар успех и дисциплина | Февруари |
| 11 | Избор на активности и нивно реализирање поврзани со:<br>Одбележување на Меѓународниот ден на жената (изработка на честитки)<br>22 Април - Денот на планетата Земја<br>23 Април - Светски ден на книгата | Март<br>Април |
| 12 | Предлог активности за Велигденски хепенинг | Април |
| 13 | Информирање за учество и постигнат успех во натпревари | Мај |
| 14 | Информирање за учество и постигнат успех во<br>- Спортски натпревари во рамките на училиштето<br>- Меѓуучилишни спортски натпревари | Јуни |
| 15 | Извештај од работата на УП | Јуни |

Одговорен наставник:

Васка Т. Момироска

Мариана Стрезовска

Прилог 15

# ПЛАН И ПРОГРАМА НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

-

# УЧЕНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА 2020/2021

**ПЛАН И ПРОГРАМА НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА**

**-**

**УЧЕНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА 2020/2021**

Детската организација ќе го помага детското здружување и ќе работи на осовременување на Програмската основа на истата, а ќе се раководи од потребите и интересите на децата. За нив ја градиме оваа држава, за нив се обидуваме да направиме поубаво место на живеење на оваа парче земја наречено Македонија. Децата се нашето најголемо богатство тие се нашата иднина.

Детската организација претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку неа учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараа и заземаат ставови за сите прашања што се во врска со нивните животни и работни услови во училиштето.

Задачите на Детската организација на учениците се:

-Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми;

-Да се придонесува во организирањето и спроведувањето на културниот , забавниот и спортскиот живот во училиштето;

-Кај учениците да се развива свеста за потребите за соработка со наставниците, одделенските раководители и стручните работници при решавање на проблемите поврзани со наставата;

-Да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и склоност за колективен живот;

Остварување на своите права и должности учениците ги спроведуваат преку ученичките заедници. Таа ги опфаќа сите ученици од I-IX одделение. Ученичките заедници во нашето училиште се организираат во рамките на паралелките како ученичка заедница на паралелката и во рамките на училиштето како ученичка заедница на училиштето. Во едната и во другата ученичка заедница избираат свој претседател, благајник и хигиеничар.

Своите содржини од програмата ученичките заедници на ново на паралелка ги работат на одделенскиот час, преку програмските активности од Животни вештини.

Работата на училишната заедница и заедницата на паралелките ја помагаат, насочуваат, координираат и ја следат наставниците. Во продолжение следува

Акциски план за 2020/2021 година:

**Детска организација**

| Ред. бр. | Вид на активност | Време на реализација | Пред кого ќе се реализира | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Донесување на годишна програма за работата на Детската организација | I недела септември | Ученици од 2-5 одделение | Соодветен избор на раководство на Детската организација во училиштето и запознавање со Годишната програма на Детската организација |
| **2.** | Одбележување на 8 ми - Септември – Денот на независноста на Република Македонија | I I недела септември | Ученици од 2-5 одделение | Учениците преку активности ќе го одбележат 8 ми - Септември – Денот на независноста на Република Македонија и ќе го развијат патриотското чувство за својата татковина |
| **3.** | Спроведување на одбележување на Детска недела | I недела октомври | Ученици од 1-5 одделение | Со ритмичко-балетски точки и рецитал, учениците ќе се подготват за одбележување на Детската недела-доброволен прилог во касичките) |
| **4.** | Одбележување на светскиот ден на учителите 5 -ти октомври | I недела октомври | Ученици од 2-5 одделение | Успешни подготовки за одбележување на Денот на учителите |
| **5.** | Одбележување на 11-ти Октомври -Ден на востанието на македонскиот народ | I I недела октомври | Ученици од 2-5 одделение | Со активности и лични творби од страна на учениците ќе се одбележи Денот на антифашистичкото востание - 11 -ти Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Свечен прием на учениците од првите одделенија во детската организација | III недела октомври | Ученици од 1 одделение | Првачињата ќе станат членови на Детската организација на Македонија |
| **7.** | Одбележување на 24-ти Октомври -Денот на ООН | IV недела октомври | Ученици од 1-5 одделение | Учениците ќе ги прошират своите знаења со одбележувањето на Денот на ООН, преку реферат прочитан на разглас |
| **8.** | Свечено одбележување на празникот 13 Ноември | III недела ноември | Ученици од 1-5 одделение | Одбележување на 13 -ти Ноември и истакнување на значењето на Денот на ослободување на град Скопје преку разни активности |
| **9.** | Одбележување на 22 ноември ден на албанската азбука | IV недела ноември | Ученици од 1-5 одделение | Развивање и чување на заедништвото на народите и народностите во Р.Македонија |
| **10.** | Одбележување на 3-ти Декември -Денот на хендикепираните лица | V недела ноември | Ученици од 1-5 одделение | Развивање на хумана свест кај учениците и подавање рака на хендикепираните лица |
| **11.** | Одбележување на 8-ми Декември – Св.Климент Охридски | II недела декември | Ученици од 1-5 одделение | Значењето за Св.Климент Охридски ќе се истакне со одбележуваето на 8-ми Декември |
| **12.** | Активности за прославата на Нова година | III декември | Ученици од 1-5 одделение | Преку уредување на училишните паноа ќе се развие чувството за естетика и креативноста кај учениците |
| **13.** | Подготовки за одбележување на Денот на училиштето | I недела февруари | Ученици од 1-5 одделение | Успешни подготовки за одбележување на Денот на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | Подготовка за учество на училишни и вон училишни натпревари | II недела февруари | Ученици од 1-5 одделение | Успешни подготовки за учество на натпревари |
| **15.** | Одбележување на 8- ми - Март– Меѓународниот ден на жената | II недела март | Ученици од 2-5 одделение | Преку различни изработки, цртежи,лични творби , учениците ќе го истакнат значењето на 8- ми - Март– Меѓународниот ден на жената |
| **16.** | Одбележување на 17- ти Март –Денот на крводарителството | III недела март | Ученици од 1-5 одделение | Развивање на хумана свест кај учениците |
| **17.** | Одбележување на 21- ви Март– Денот на екологијата | IV недела март | Ученици од 1-5 одделение | Развивање на еколошката свест кај учениците и уредување на училиштето и училишниот двор |
| **18.** | Одбележување на Денот на училиштето преку свечена приредба | март | Ученици од 1-5 одделение | Денот на училиштето ќе се одбележи со свечена приредба |
| **19.** | Организирање на активности за 1- ви Април -Денот на шегата | V недела март | Ученици од 1-5 одделение | Со маскенбал ќе се одбележи 1- ви Април -Денот на шегата |
| **20.** | Одбележување на 7 ми Април -Денот на здравјето | I недела април | Ученици од 1-5 одделение | Развивање на свеста кај учениците за значењето на здравјето на човекот |
| **21.** | Одбележување на 8 ми Април - Меѓународен ден на ромите | II недела април | Ученици од 1-5 одделение | Развивање и чување на заедништвото на народите и народностите во Р.Македонија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **22.** | Одбележување на 22- ри Април-Денот на планетата Земја | I V недела април | Ученици од 1-5 одделение | Преку активности учениците ќе ги прошират своите знаења за значењето на планетета Земја |
| **23.** | Одбележување на 1- ви Мај -Денот на трудот | V недела април | Ученици од 1-5 одделение | Истакнување на значењето на 1- ви Мај -Денот на трудот |
| **24.** | Одбележување на 4 - ти Мај во чест на Гоце Делчев | I недела мај | Ученици од 1-5 одделение | Учениците ќе го одбележат 4-ти Мај со литературни творби и цртежи со ликот на Гоце Делчев |
| **25.** | Одбележување на 23 мај - Меѓународен ден на ромите | I V недела мај | Ученици од 1-5 одделение | Развивање и чување на заедништвото на народите и народностите во Р.Македонија |
| **26.** | Одбележување на 24-ти Мај - Денот на македонските просветители Св. Кирил и Методиј | I V недела мај | Ученици од 1-5 одделение | Со одбележувањето на празникот 24 - ти Мај , ќе се стави акцент на значењето на браќата Св. Кирил и Методиј |
| **27.** | Вреднување на работата на организацијата | I недела јуни | Ученици од 1-5 одделение | Преку дискусија со учениците ќе се вреднува целокупната работа на организацијата во текот на целата учебна година |

**Одговорен наставник: Мирослав Митиќ**

Прилог 16

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО ВО ООУ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – БУТЕЛ 2020/ 2021 ГОДИНА

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени. Училиштето има обврска да води грижа за здравјето на учениците и да ги информира за важноста на здравјето во целина и тоа

- за физичкото здравје : лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести,

сексуални болести, безбедност и прва помош, дрога, алкохол, пушење и физички вежби.

- психичко здравје: развивање на самодоверба, самопочитување на различностите, толеранција самокритичност итн. Пешачењето игра важна улога во физичкото здравје, тоа истотака игра голема улога во менталното здравје кај човекот, го ублажува стресот, ја намалува депресијата и му помага на мозокот да се релаксира.

- социјално здравје: грижа за здрава средина, комуникација одговорност, одржување добри односи на сите релации. Некои задачи и содржини од ова подрачје се реализираат и по одделни наставни предмети ( физичко и здравствено образование, биологија, животни вештини и некои ученички активности.

Во рамките на ова подрачје се организираат и систематски прегледи на учениците,

**Систематски прегледи**

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение.

**Содржина на систематскиот преглед**:

**1.Општ лекарски преглед**:

- мерење на телесната тежина и висина; - преглед на кожата;

- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;

- општлекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен,

дигестивен, нервен, урогениталенсистем);

- испитување на вид;

- давање препораки за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;

- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за

комплетирање на вакциналниот статус

**2.Лабораториски преглед**

- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина

**3. Стоматолошки преглед**

- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајнизаби, кариес, екстракција и пломбаиндекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците

**Вакцинирање**

Вакцинирањето се врши воЗдравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:

- 6 години (I одделение) Малисипаници, рубеола, заразнизаушки (1 доза) - I ревакцинирање
- 7 години (II одделение )Туберкулоза ( сотестирање ) ( 1 доза ), Детскапарализа ( 1доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање
- 12 години, 2 и 6 месеципослепрватадоза( VIодделение ); Инфекциисохуман папиломавирус ( HPV) ( самозадевојчиња ) ( 3 дози ) - вакцинирање
- 14 години( завршнагодинанаосновноучилиште ) Рубеола ( самодевојчиња ) ( 1 II ревакцинирањедоза ); Детскапарализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, Тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање

Одговорни лица од училиштето се директорот (кој договара за времето на реализација) и одделенскиот раководител. Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците

**Програма за грижа за здравјето на учениците:**

| **Содржина на активност** | **одделение** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците** | 1-9 | Септември<br>КОВИД 19 | училиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Преземање н амерки и Едукација за намалување на фактори на ризикод заразни болести и болести на завист: СИДА, Грип, HPV…** | | Ноември: Месецна борбапротив зависностите<br>1 декември: Светскиден борбапротив ХИВ-СИДА<br>31 јануари: Денбезтутун<br>8-15 април: Недела на хигиенизација<br>(активности преземени од Календар на здравствено воспитни активности на Ј.З.У. Центар за јавно здравје | Ситесубјекти вклучени во воспитно образовниот процес, стручни лица, претставници од центар за јавно здравје |
| **Систематски прегледи на учениците** | 1,3,5,7 | ноември, март | Здравствен дом |
| **Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите** | 1-9 | Септември-март | Стоматолошка ординација |
| **Редовно генерациско вакцинирање на учениците** | 1-9 | Септември-мај | Здравствендом |
| **Превенција од** | 1-9 | Април | Одделенски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **злоупотреба на психотропни супстанции ОЖВ** | | | раководители |
| **„ Психички промени во пубертетот “** | 6,7 | март | психолог |
| **Одржување на хигиената во училиштето** | 1-9 | Тековно –акции за чистење | Наставници и ученици, Попретходно утврден распоред |

**Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на школската година**.

**Професор: Лилјана Петковска—биологија**

ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

| **ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** |
|---|---|---|
| **КОВИД -19 Вошливост- превенција** | Во соработка со центарот за јавно здравјепредавање за учениците | Септември -октомври |
| **Превенција од жолтица** | Навремена здравствена заштита на учениците и нивно информирање за разни болести и превенција од нив. | септември |
| **Предавање за Здравјето** | Навремена здравствена заштита на учениците и нивно информирање за разниболести и превенција од нив. | ноември |

| | | |
|---|---|---|
| **Систематски преглед** | Контрола на здравствената состојба на<br>Учениците | ноември |
| **Стоматолошки преглед** | Контрола на здравствената состојба на учениците | ноември |
| **Предавање што е**<br>**пубертет** | Запознавање со период од животот во кој<br>се наоѓаат учениците | февруари |
| **Предавање за Грип** | Навремена здравствена заштита на<br>учениците и нивно информирање за разни<br>болести и превенција од нив. | декемри |
| **Предавање за Сида** | Навремена здравствена заштита на<br>учениците и нивно информирање за разни<br>болести и превенција од нив | декември |
| **Предавање влијанието**<br>**на нездравата храна во**<br>**растот и развојот на учениците** | Работилница од страна на учениците во<br>соработка со НВО за влијанието на<br>нездравата храна за општото здравје | Декември-јануари |
| **Работилницаприготвување на здрава**<br>**храна** | Практична работилница за изработка на<br>сендвичи/салати/ладни јадења со здрава храна | Април |

# Оперативна проширена програма за

# прифаќање на учениците од Iдо IIIодделение еден час пред наставата и еден час по наставата

# за учебната 2020/2021г.

| Септември | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Активности еден час пред наставата | Цели | Активности еден час по наставата |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот по слободен избор |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Слободни активности по катчиња | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика | Социјализација, развивање на другарски односи | Игри со играчките |
| Создавање работни и културно-хигиенски навики | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Мижи баба |
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ-емисии | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Развивање на | Цртање и | Работни активности во | Работни активности во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| фантазијата и смисла за колористичко ликовно изразување | сликање по слободен избор | природната околина ( собирање суви лисја, шишарки ...) | природната околина ( собирање суви лисја, шишарки ...) |
| Култивирање на граматичкиот и изразен говор | Слушање приказни | Развивање хигиенски навики при употреба на материјалите за моделирање | Моделирање по слободен избор |
| Развивање интерес и љубов кон овој вид активности | Работа со природни материјали | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер- игри | Проширување на знаењата за карактеристиките на есента | Есенска прошетка |
| Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност | Боење во боенките | Социјализација, развивање на другарски односи | Игра: Нека лета, нека лета |
| **О к т о м в р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот: Волк и јагне |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Јанино, Јанино |
| Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми | Моделирање на одредена тема | Развивање на еколошката свест и културно-хигиенските навики | Работни активности во дворот (собирање отпаден материјал: шишиња, хартија...) |
| Проширување и продлабочување на поимите за предметите и појавите во природната и општествената средина | Дидактички игри: Погоди што има во торбичето | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Култивирање на граматичкиот и | Слушање | Запознавање со непосредната | Прошетки во дворот и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изразен говор | аудио приказни | околина околина | блиската околина |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер | Естетко уредување на училниците | Работни активности во училницата (уредување на паноата) |
| Развивање на способноста за решавање проблеми | Истражувачки активности | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Слободни игри со играчките |
| Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија | Развивање на основните движења | Слободно трчање<br>Трчање преку мали препреки |
| Ликовно творење и изразување | Ликовна творба на тема: Есен | Јакнење на детското здравје | Игри на воздух: Брканица |
| **Н о е м в р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Прстенче |
| Развивање смисла за обликување на предмети и умеење за комбинирање и составување на материјалите | Обликување со разни материјали | Почитување на правила на игра | Подвижни игри во дворот: Иде мачка покрај тебе |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Развивање на основните движења | Поединечно и групно трчање |
| Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Проширување и продлабочување на поимите за предметите и појавите | Дидактички | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Слободни активности<br>по катчиња |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во природната и општествената средина | игри: Правење дожд | | |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата. | Работни активности во училницата |
| Развивање на поврзан говор | Раскажување интересна случка | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност | Боење во боенките | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| **Д е к е м в р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и и интеракција меѓу децата | |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче | Почитување на правила на игра | Игра: Погоди по гласот кој е |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Завор (игри со снежни топки) |
| Збогатување на речникот | Читање книги по избор | Почитување на правила на игра | Игра:Расипан телефон |
| Развивање смисла за обликување | Изработка на украси за Новогодишната елка | Да се негува смислата за убавото | Ја украсувам елката |
| Ликовно творење и изразување | Изработка Новогодишна честитка | Почитување на правила на игра | Игра: Брза географија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| создавање весело расположение кај децата | Подготовка за Новогодишна приредба | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Ја украсувам училницата |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |
| Култивирање на граматичкиот и изразен говор | Слушање аудио приказни | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| Развивање способност за пишување творби | Пишување творби на тема : Зима | Збогатување на детските интереси | Игри на компјутер |
| **Ј а н у а р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| Развивање на поврзан говор | Мојот зимски распуст | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Чавкини усти, Бабини прсти |
| Ликовно творење и изразување | Цртање и сликање на тема: Зима | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Збогатување на детските интереси | Игри на компјутер | Почитување на правила на игра | Игра: Прстенче |
| **Ф е в р у а р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Кибритче |
| Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми | Моделирање на одредена тема | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување детски списанија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ-емисии | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| Ликовно творење и изразување | Илустрација: Кокиче | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче |
| создавање весело расположение кај децата | Подготовка за приредба по повод 8 март | Почитување на правила на игра | Игра: Домино |
| **М а р т** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Ликовно творење и изразување | Честитка за мама | Формирање естетски критериуми за уредување на училницата | Уредување на училницата |
| Будење интерес за користење на списанијата | Низ страниците на Другарче | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Дама |
| Оспособување за работа со компјутер | Програма: Тулкид | Оспособување за работа со компјутер | Игра: Погоди кој сум |
| Создавање работни и културно-хигиенски навики | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Развивање на еколошката свест | Работни активности во дворот(засадување цвеќиња...) |
| создавање радосно расположение кај децата | Пантомима | Поттикнување на соработка и комуникација | Игри со играчките |
| Развивање умеење за превиткување од хартија | Оригами | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Почитување на правила на игра | Игра: Мечката и пчелите |
| **А п р и л** | | | |
| Раздвижување и | Утринска | Поттикнување на интеракција и | Игри по слободен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| правилен развој на телото | гимнастика | соработка меѓу децата | избор |
| Зацврстување на знаењата за елементи на улица | На раскрсница | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Петкамења |
| Развивање на говорните способности | Јазична игра: Продолжи понатаму | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Зацврстување на знаењата за семафорот | Семафор | Развивање на основните движења | Игра:Воз |
| Развивање на творечки способности и логичко мислење | Создаваме со логички плочки(сообраќајни средства) | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Развивање на говорните способности | Гатанки | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игра: Да бие, да бие |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Работни активности во училницата |
